**Минуваме на точка 34 - Информација за колапсот на јавното здравство како резултат на политиката на Владите на Никола Груевски во изминатите шест години, поднесена од пратениците: Радмила Шекеринска-Јанковска, Гордан Георгиев, Наташа Савова, Игор Ивановски, Тања Томиќ, Ана Павловска-Данева, Оливер Спасовски, Горан Минчев, Благоја Стојановски, Самка Ибраимоски, Драгиша Милетиќ, Марјанчо Николов, Маринела Тушева, Емилијан Станковиќ, Билјана Казанџиска, Миле Андонов, Голубчо Ангелов, Станка Анастасова, Андреј Петров, Панче Орцев, Горан Сугарески, Цветанка Иванова, Саве Марачков, Светлана Мазгалоска-Вучетиќ, Борче Ставров, Јани Макрадули, Весна Бендевска, Митре Вељаноски, Ердоган Сарач, Дивна Јофковска-Ефтимоска, Менде Диневски, Стојко Пауновски, Тито Петковски, Ивон Величковски, Горан Мисовски, Соња Мираковска, Николче Ацевски, Рејхан Дурмиши, Фијат Цаноски, Ленче Николовска, Мевмед Џемајлоски и Сафет Бишевац.**

Информацијата Ви е доставена.

Отворам претрес.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по информацијата да се пријават за збор.

Со оглед на тоа дека има пријавено поголем пратеници за збор, молам службите да поделат листинг на пријавени пратеници за збор.

Прв за збор и како овластен претставник на предлагачите е господинот Менде Диневски.

**Менде Диневски:** Благодарам претседателе.

По основ на оваа информација, искрено, очекував присуство на претставници од Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување кои требаше да ги слушнат пратениците во ова Собрание што ќе дискутираат по однос на здравството.

Во последните неколку дена Министерството за здравство, во пресрет на расправата по информацијата за колапсот на јавното здравство, како резултат на политиката на Никола Груевски се обиде да ја ублажи негативната слика, се растрча цела Владата на чело со Никола Груевски, се сликаа, сечеа ленти, пуштаа апарати во употреба, распишаа тендери, објавија огласи за вработување.

За жал, во изминатите шест години од владеењето на ВМРО-ДПМНЕ состојбите во македонското здравство се повеќе од загрижувачки. Во изминатите шест години се сменија неколку министри за здравство, но состојбата наместо да се подобри се влошува. Од бомбастично најавените реформи за кои потрошивте многу пари, неопходни во здравството, денес имаме само јавно признаено пораз. Ќе наведам дела од така наречените реформи на оваа Владата.

Во 2007 година го распарчивте Клиничкиот центар. Го воведовте моделот на двојно менаџирање, но не во интерес на пациентите и здравствените работници туку да згрижите партиски војници во управните одбори и да назначите директори на клиниките. Ова квази реформа на годишно ниво, само по овој основ, го чини поранешниот Клинички центар 1,5 милиони евра, или само до денес по овој основ потрошивте 7,5 милиони евра пари доволни да се реконструира или да се реновира една универзитетска клиника.

Проектот со врзаниот потпис пропадна, како што пропадна проектот со дополнтиелната дејност на лекарите, како и помпезно најавуваниот проект за вакцинирање со ХПВ, кој доживеа фијаско. Се уништија вакцините на кои им помина рокот, а никој не понесе одговорност.

Проектот со кој инсталиравте камери во сите јавни здравствени установи целосно пропадна, особено по укажувањео на Комисијата за заштита на лично податоци дека со овој проект се загрозуваат правата на пациентите. Над 1,3 милиони евра фрливте во ветар.

Проектот со кој ќе се советуваат пациентите за нивните права, по само неколку отворени канцеларии, со помпезно медиумско отворање, пропадна.

Проектот интегриран здравствен информатички систем и проектот за воведување на електронска здравствена картица, за кој медиумски склучивте договори во 2009 година тешки 10 милиони евра, иако требаше да заврши во 2011 година, за жал, се уште е во почетна фаза. Потврда за тоа е пренамената на целата ставка. Со ребалансот на Буџетот во 2011 година и со оглед на тоа како се однесува Министерството за здравство не е чудо да траат уште многу години.

Реконструкцијата на Јавните здравствени установи со кои се фалите секаде каде што ќе стигнете, ќе ве потсетам дека се пари кои се предвидени од аадолжување кај Банката за развој при Советот на Европа, што воопшто не беше потребно доколку се откажевте од изградба на неколку споменици од Скопје 2014. Притоа, со заемот се опфатени само 20 јавните здравствени установи од кои половината се здравствени домови.

Реконструкциите за кои потрошивте милионски суми претходно завршија со паднати кровови во гостиварската и тетовската болница и во поликлиниката Јане Сандански, епилог еден загинат и уништена целокупната опрема. Затоа, почитувани пратеници, слободно може да се заклучи дека во изминатите шест години не видовме ништо од ветувањата од преродбата и роковите на ВМРО-ДПМНЕ кои сами си ги поставувавте.

Погрешните чекори превземени од Владата на ВМРО-ДПМНЕ во здравствениот систем реално се одразуваат на квалитетот на здравствената услуга која ја добиваат пациентите. Се уште нема јасно дефиниран пакет на здравствени услуги, го

нема ветениот интегриран систем за брза помош, никако да се заврши со дијагностичкиот центар во Тетово, го нема ПЕН центарот, ги немате доизградено руралните амбуланти, го нема ветениот нов клинички центар во Скопје. Дополнително, наместо ветеното намалување на здравствената администрација, здравството стана омилено место за вработување на партиски војници на ВМРО-ДПМНЕ. Наместо награди и стумилации се нудат казни и плаќање по учинок, мерки осудени од еснафот, осудени од коморите.

Со ВМРО-ДПМНЕ пациентите се заложници на вештачки листи на чекање, на трчање по упати, на квази реформи. Наместо подобро здравство, агонијата се продлабочува, владее хаос и незадоволство во целиот систем. Тоа не е констатација на СДСМ, тоа е општ впечаток во Република Македонија. Најдобар пример за ова е последната реформа со новите упати за лекување. Ќе прочитам само неколку наслови кои можевме да гивидиме во изминатите неколку дена. Тоа се: хаос со новиот начин на упатување на пациентите на лекар, хаос со новите упати. Новите упати ги разболеа пациентите, а ги раскараа лекарите. Нови упати за нови главоболки. Преку тв не учат како да трчаме по лекар. Хаос со новите упати за лекување.

Во изминатите пет месеци, освен што ги навредувате и дискредитирате сите субјекти што го чинат здавствениот систем, не прават ништо друго.

Со изјавите, господине Тодоров, не сакајќи признавате дека работите во македонското здравство не функционираат. Но, наместо сериозно да се зафатите со работа, вие вината ја префрлувате на сите. Во пресрет на оваа седница беше разрешен еден директор на јавна здравствена установа, беше разрешен за лошо менаџирање.

Почитуван министер, што правите со оние кои здравството го доведоа во колапс, што правите со оние кои направија милионски долгови во здравството? Ги штитите иако имате законска обврска да ги разрешите неспособните менаџери, ги толерирате на штета на пациентите, што не не изненадува, бидејќи непобитен факт е дека сите раководни кадри во здравството во изминатите шест години, почнувајќи од вас министрите. Директорите на клиниките се партиски војници, кадри на Никола Груевски и неговите коалициони партнери и затоа вие тука сте немоќни. Токму заради ваквото функционирање денес долговите во јавното здравство достигнаа скандалозни 50 милиони евра. Од година во година само се зголемуваат обврските и долговите. Денес за долговите на јавните здравствени установи. За состојбата во Фондот никој од власта не сака јавно да проговори. Денес долгот во здравството е државна тајна на оваа Влада. Министерот молчи на многу поставени прашања, но не дава одговор на едно поставено прашање колкав е долгот во здрвството во Република Македонија.

Ревизорските извештаи во Министерството за здравство и голем број на јавните здравствени установи во изминатите години само ги потврдуваат укажувањата на СДСМ за незаконско и ненаменско трошење на парите на граѓаните. Милиони евра се потрошени за разни тендери и набавки, но никој до денес не понесе одговорност за тоа. Од една страна земате кредити и заеми, од друга страна имаме криминал.

На ВМРО-ДПМНЕ не само што му беа потребни пет години да отпочне парцијално да го реализира ветувањето дека ќе инвестира милиони евра во здравствениот сектор, туку и во набавката на медицинска опрема која на почетокот ја промовиравте и има разлика од 20 милиони евра од првичните ветувања на Владата. Еве неколку примери со колкава разлика се набавени апаратите. На пример, комплет компјутерски томограф кој приватните установи го набавиле за 533 илјади евра, со тендерот е набавен за 900 илјади евра. Ехо апарат наместо за 70 илјади евра, вие со тендерот го набавувате за 130 илјади евра. Оваа Влада се фали со нешто што во целост ниту го има набавено ниту го има платено. Досега се платени само 25% од вкупната сума. Обврските на Министерството за здравство за 2012, 2013 и 2014 година за набавка на медицинска опрема се по 23 милиони евра за секоја година, или вкупно за три години должиме како држава уште 70 милиони евра. Мерките на Владата во здравството не произведоа ништо освен незадоволни здравствени работници со намалени плати, незадоволни матични лекари, гинеколози. Незадоволни стоматолози на кои им се одземаат пациентите. Фондот за здравство во последните години е во постојана криза со финансиски средства кои се покриваат со трансфери од Буџетот на Република Македонија.

Според информациите кои ги имаме во пресрет на изготвувањето на оваа информација до 15.01.2012 година не се исплатени. Боледувања за октомври 2011 година 200 милиони денари. Средства за лекови и ортопедски помагала во аптеките за август месец 2011 година 200 милиони денари. Средства за матични лекари за третиот квартал 150 милиони денари. Капитација за матичните лекари специјалисти за октомври 2011 година 250 милиони денари. Тоа значи дека и за месеците после тоа не се исплатени средства за наведените трошоци дека во здравството и покрај тоа што се префрлуваат пари, единствено слушав за покривање на долговите. Последен податок дека Фондот е без пари е тоа е дека сите боледувања кои осигурениците ќе ги остваруваат по 31 јануари 2012 година односно од утре натаму ќе примаат намален износ од 70% од утврдената основица наместо досегашните 85%. Тоа е објавено во Службениот весник број 5 од 2012 година. Со оваа меска посебно се погодени тешките болни осигуреници кои во времето додека трае болеста не се во состојба да работат и да заработат плата што дополнително ја загрозуваат нивната егзистенција и егзистенцијата на нивното

семејство. Е, ова е вистинската политика која ја води ВМРО-ДПМНЕ во здравството во Република Македонија. Ова е вистинската политика кон своите граѓани и не знам до кога Фондот и Владата ќе одат со намалување на правата на осигурениците и ненаменско трошење на парите за други ставки. За оваа одлука немаше масовно сликање на Владата. За оваа одлука не го видовме министерот Тодоров да оди во Фондот за здравство па заедно со директорката на Фондот да одржат прес конференција и да се фалат. За оваа одлука не видовме нови тв спотови на сите медиуми во Република Македонија да кажете каде се движиме со вашите реформи. Како резултат на реформите и мерките на Владата болниците работат без алтернативни системи за водоснабдување. Заради немање на парно се доведува во опасност од пожари здравјето на пациентите и здравствените работници. Се затвараат одделенија заради немање услови за нормално функционирање. Се бркаат волонтерите од Битола и Штип кои работат исто како постојано вработените. Од елитна институција препозналива не само на Балканот туку и во Европа со два милиони евра пари кои ги заработиле вработените во 2006 ви беше оставен Стоматолошкиот клинички центар. Денес истиот има долг од 38 милиони денари. Ја доведовте единствената институција од ваков карактер во состојба да нема пари за основни материјали и средства. Од институција каде треба да се реализира додипломска и постдипломска едукација вие ја претворивте во примарна здравствена установи и од истата избркавте седум професори. Поради сите овие причини сметам дека Собранието на Република Македонија навистина со исклучително внимание треба да ја разгледа информацијата за колапсот на јавното здравство каде преку една содржинска и аргументирана собраниска расправа ќе бидат понудени многу одговори поврзани со здравството. Но, и ќе бидат изготвени заклучоци се надевам се прифатени од сите за да помогнеме здравството да се разбуди од комата која западна со владеењето на ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Прв за реплика е пријавен господинот Пачков Јордан, повелете.

**Јордан Пачков:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги,

Почитуван колега Менде, не очекував со ваков тон да настапите дотолку повеќе што водите една парламентарна комисија која што како лајт мотив го има токму здравството и која што здравството е еден системски закон да не кажеме режим во Република Македонија кое што е во интересна сфера на сите жители на Република Македонија. Очекував многу повеќе да навлезете во проблемите на здравството со кои се соочуваме со години наназад, но ќе бидам стрплив, не сакам да споредувам што беше до 2006 година, какво беше здравството во таа година, колку пари се дадоа за здравството во 2006 година, колку амбуланти и болници се направија, колку се воведоа нови методи на испитување, дали беше воведена суфистицирана опрема која здравството ја очекуваше со нетрпение да го фати чекорот со земјите и во опкружувањето и натаму, за да оди напред.

Тоа што сега го кажавте е резултат на вашите очајнички напори да го дадете проблемот за здравството да се дискутира на Комисијата за здравство и тоа ќе беше сосема оправдано и очекувано. Бевте нетрпелици, поминаа 5-6 месеци колку сме во законодавниот дом, да дискутираме за оваа проблематика, како што реков во Комисијата, па дури тогаш да излеземе пред нашите колеги, без разлика дали тие имаат допирни точки со здравството и тука да дискутираме.

Јас би ви реплицирал речиси на се она што го рековте не соцел да бидам адвокат на Министерството за здравство туку да дадам придонес на вистината за сите оние кои не гледаат и да сфатат какво здравство ќе имаат сега и во следните 3-4 години од мандатот на Владата на Никола Груевски.

Кажавте нешто, но не ги спомнавте средствата кои се дадени за реконструкција на здравствени домови, болници итн. Куманово не го спомнавте, можеби немате информации. Во Куманово, после толку години чекање се реконструира и постоечката болница Никола Спасиќ која на некој начин беше пример или пандан за она што значи здравство во едно модерно време, се реконструира новата болница изградена после ослободувањето, се реконструираа бараките и сите други објекти кои се во болничкиот двор и се нераскинлив дел од јавна здравствена установа Општа болница Куманово. Да не зборуваме за Здравствен дом Куманово и сите други здравствени објекти.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:**Благодарам.

Почитуван колега, во ова реплока кажавте дека како Собрание треба прво да азговараме на кмисија па пооа на пленарна седница да разговараме за состојбите во здравството.

Вие знаете дека повеќе од 5 месеци чекаме информација од Министерството за здравство за тоа колку дилжат јавните здравствени установи. За жал таа информација какоа и многу сруги што сме ги побарале до денеска ги немаме. Како опозиција ја искористивме деловничката можност да можеме на пленарна седниц ада разговараме за состојбите во здравството. Тука сме, отворете ги проблемите, подготвени сме да разговараме за сите нив, благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен пријавен за реплика е господинот Спасеноски Александар, повелете.

**Александар Спасеноски:** Благодарам претседателе. Почитуван министер, почитуван колега Диневски, почитувни колеги пратеници,

Повтирно уште една жешка тема на која што очигледно не можеме да нејдеме заеднички јазик помеѓу власта и опозицијата, не заради тоа што станува збор за луѓе кои не знаат да разговараат, туку единствено заради тоа што очигледно одреден период наназад во Собраанието одреден период наназад се води дијалог на глуви.

Расправата а оваа точка на дневен ред не претставува ништо друго освен обид повторно преку овој метод т.н. дијалога на глуви да се обидеме да создадеме реалност што не е онаква каква што изгледа во Република Македонија.

Да се говори за здравството денеска, во однос на опозицијата, имајќи го во предвид искуството што како наследство беше оставено на Република Македонија 2002 - 2006 година, мислам дека во најмала рака е наблагодарно, зарди тоа што разликите во однос на политиките, инвестициите и насоченоста на сегашната Влада во однос на тоа што било во минатото, ќе се согласите е неколкукратко различно и многу попозитивно од она што било во минатото.

Се обидував и размислував како да одговорам на вашата реплика, ќе одговорам со 10 тези што говорат за една политика што е различна од онаа што е спроведувана во минатото и конечно би апелирал до граѓаните, до гледачите кои ја следат оваа емисија да си дадат одговор на прашањето каква здравствена политика беше водена во минатото, каква се води сега?

Имено, би ви укажал само на неколку проекти. Првит проект што, иако сите ја имаме програмата на СДСМ но не можеме да го сретнеме како таков во делот на здравството, ниту пак во други проекти, упатува на тоа дека ние разговараме единствено само заради фактот да се отвори темата, а при тоа да не се каже ништо.

Би ви укажал само на немколку резултати: Концепт на здравствено осигурување на сите што беше вообличен, применет и реализиран од страна на оваа Влада.

Набавка на медицинска опрема во вредност од 100 милиони евра што претставува најголема инвестиција во здравството во Република Македонија во последните 20 години.

Комплетно опремување на Градска болница 8 Септември со апарати.

Систем на единствена цена на лекови, на што би сакал малку повеќе да се задржам. Како резултат на намалената стапка на ДДВ од 18% на 5%, како резултат на воведување на овој систем во просек во Република Македонија имаме намалување на лековите за повеќе од 70%. Во рака ја држам табелата на генерички лекови што како резултат на оваа политика биле намалени. Ќе видиме дека во просек лековите се намалуваат за некаде од 90 до 65%, што ќе се согласите дека претставува исклучително поволна политика што оди во прилог на граѓаните во Република Македонија.

Би сакал да ве потсетам на набавката на 100 амбулантни возила и конечно би сакал да ви укажам на две споредби.

Првата е дека инвестициите во опрема од 2006 до 2010 година изнесуваат 90 милиони евра, а од 2002 до 2006 година 0 евра воопшто. Инвестициите во реконструкции од 2006 до 2010 година изнесуваат 55 милиони евра, а претходно изнесувале само 300 илјади евра.

На крајот, знам дека состојбите во здравството не се совршени. Меѓутоа, да се говори за катастрофална состојба во услови на вакви инвестиции, ќе се согласите дека е наблагодарано. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика господинот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:**Благодарам.

Почитуван колега јас не се согласувам дека ова денес е само уште една епизода која треба да помине, да заврши и од сето ова ние да немаме ништо.

Ние понудиме информација со која ги отвораме проблемите во здравството. Бараме да распрваме, бараме на крајот од оваа информација да излеземе со заклучоци. Не кажавте колега колкав е долгот во јавните установи. Не кажавте, а се пофаливте дека сте набавиле опрема или ќе набавите опрема од 100 милиони евра, но не кажавте дека 70 милиони евра за таа опрема воопшто не се ни платени, ќе ги плаќа некој друг, некои идни генерации. Исто така кажавте дека се набавиле 100 амбулантски возила, ај да одиме да видиме со една од нив да кажете кое е тоа.

И на крајот зборувате за реконструкции, за какви реконструкции, како таа на тетовската болница, на Гостивар покривот, на Јане Сандански, за какви реконструкции зборувате. За такви реконструкции точно потрошивте многу, многу пари, ама граѓаните видоа само зијан. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госпоѓа Кузмановска Лилјана има реплика повелете.

**Лилјана Кузмановска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитуван колега, очекував многу повеќе од вашето излагање, меѓутоа во сето она што го кажавте, навистина набиено со негативност и сето она што значи негирање на работата во јавното здравство во овој изминат перид, во начинот на моето реплицирање како што реплицирав и до сега, ќе го насочам кон вашиот дел од говорот од тоа што значи реконструкција, всушност што е направено во делот на опремата и што значат долговите во јавното здравство.

Почитуван колега, во делот на направеното, односно проектите во здравствената област што ги напрви Владата, во периодот до 2010 година и сами знаете дека е направено: Проект

здравствено осигурување за сите, набавка на современа медицинска опрема во вредност од над 100 милини евра, реконструкација на клинички болници.

Навистина, почитуван колега, ве слушнав сега дена не е направено ништо.знаеме дека треба уште многу да се направи, меѓутоа тоа што е направено како реконстуркција во општата болница во Куманово, почитуван колега, ви можете да видите каква беше клиничката болница и каква е сега. Каква е реконструкцијата на специјалната болница Гинекологија и акушерство Чаир.

Што е направено во областа на реконструкцијата во Струмица, Негорци? Направени се проекти што значат многу и што, за волја на вистината сакате да ги негирате и навистина да изнесете гола невистина пред граѓаните.

Што значи набавка на опрема? Набавена е опрема, односно револуционерна набавка во износ од над 100 милиони евра, посебно во проекти во Тетово, Битола и Штип.

Тоа што сакате да го кажете како долгови, почитуван колега, тоа е наследено. Долговите што се направени во Фодот за здравствено осигурување и вие знаете дека на 07.05.2010 година е блокирана сметката во иснос од 41 милион денари од пропуст направен од кадар на СДС во време кога вие почитувани колеги си игравте власт во здравството. Кога направивте уште 6 такви договори за што се чека судска разврншица и за што навистина Фондот ќе мора сега да ги плати.

Тоа што значи долг во јавните установи, почитуван колега, бидејќи многу милувате да кажете за Клиничка болница Битола, Клиничка болница вие ја оставивте со долг од 310 милиони денари. Сите години наназад се враќа главницита, меѓутоа камата од износ од 220, 210 милиони останува за плаќање.

Во исто време менаџерските имови работат да можат да се платат плати. 2005 година беа неисплатени три плати, неисплатени општествени исхрани и имавме штрајк во болницата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Диневски Менде има конра реплика, повелете.

**Менде Диневски:** Успесите на Клиничката болница од Битола, не наведовте дека заради тоа што немаше струја, за среќа, се породи дете, новороденче со светло од мобилен телефон. Како резултат на вашето работење, неработењето на директорите на ВМРО-ДПМНЕ, не според СДСМ или според ВМРО-ДПМНЕ, според Државниот ревизор во перидот 01.01.2009 година до 31.12.2010 година вие направивте долг од 164 милиони денари. Наместо да понесете одговорност, наместо да се засрамите за тоа што ги трошите парите на граѓаните, вие, внатре во ВМРО-ДПМНЕ се наградувате. Е, таа е вистината за ВМРО-ДПМНЕ во Битола, како резултат на работењето на ВМРО-ДПМНЕ во Битола нам во изминатиот период ни се случува само хаос и хаварии.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Пачемски Миле има контра реплика, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега се чудам со каков неморал искажавте еден куп невистин за јавното здравство, а вие сте здравствен работник. Но, се надевам дека во овие два дена дебата во здравството, македонската јавност на крајот ќе види со силата на аргументите дека навистина не ја зборувавте вистината.

Времето ми дозволува само да реплицирам на еден дел од вашето излагање, а тоа се долговите. За тоа сакате многу да зборувате. повторно се чудам со кој образ и со кој морал зборувате за долговите во јавното здравство, кога знаете дека во ваше време вие нарпавивте во 2006 година долгови од 86 милиони евра.  Убедливо најголеми долгови во историјата на здравството. Да не заборавиме дека во тоа време придонесот за здравство беше 9,2% од бруто плата. Доаѓаа експерти од СЗО, од Светска банка, ве советуваа дека морате нешто итно да менувате. Вие не мрднавте со прст, мува не ве лазеше.

Дојдовме на власт. Само за 1,5 година, точно на 1 јануари 2008 година овие долгови од 86 милиони евра ги сведовме на 0,0 евра само за една година со паметна политика, со добро трошење на парите итн. Охрабрени од податокот одлучивме во 2008 година да го сименеме придонесот на 7,3% колку што е сега. Притоа имавме алтруистички видивања да помогнеме на фирмите тие 2% да останат во фирмите.

За ваша информација, официјалниот податок вели дека во декември 2011 година долговите вкупни на Фодот за здравствено осигурување и на сите јавни здравствени установи изнесува точно 23 милиони евра. Тие имаат тренд на опаѓање. Во август 206 година беа 86 милиони евра. Навистина ги намаливме и тоа, да не заборавиме со намалена стапка на здравствен придонес.

Почитуван колега, ве советувам како пратеник, како лекар,во идните два дена воопшто да не зборувате за овие долгови, затоа што навистина немате морал да зборувате. Сепак македонската јавност да ја потценувате, добро знае какви биле долговите тогаш и какви се сега. Тие ги има но тие се долгови со намален здравствен придонес и со тенденција на опаѓање.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Менде Диневски има контра реплика, повелете.

**Менде Диневски:** Јавните здравствени установи во 2009 година стартуваа со позитивно салдо како резултат на бришење на меѓусебните долгови на здравствените установи. Таа е вистината. Нема враќање на пари.

Почитуван колега, од каде ви е податокот дека во декември должиме 24 милиони евра кога Фодот за здравствено осигурување не дава месечни

извештаи од септември наваму? Од каде ви е тој податок?

Да ви кажам, за цели 20 милиони евра е зголемен долгор на клиниките, ама министерот молчи. Како тоа, само вие од ВМРО-ДПМНЕ меѓу себе знаете колку должи јавното здравство, а не сакате тоа да соопштите пред сите нас. И вие не прозивате како здравствен работник, вие сет гениколок, кажете ни каде тоа во 21 век умираат родилки, на новороденчиња им ампутираат рака? Каде?

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Цуклев Драган има реплика, повелете.

**Драган Цуклев:** Колега Диневски, тешка манипулација е да кажете дека министерот за здравство и Владата се растрчале за отворање на тендер и огласи за вработување деновиве. Колега Диневски, да се спроведе една тендерска постапка, средствата треба да бидат предвидени во Буџетот на Министерство за здравство и Буџетот на Република Македонија и да бидат тие набавки предвидени во годишниот план за јавни набавки. Исто и огласите за вработување треба да бидат предвидени од Буџетот. Претпоставувам знаете кога се носи Буџет и годишниот план за јавни набавки.

Колега, кога сме кај доцнењето на капитални набавки и доцнење на исплатата на Фондот кон чинителите кои имаат склучено договор кон Фондот, не ја зборувате вистината. Да не кажам дека лажете. Затоа што согласно роковите за истек на договорите, се е платено на време. Платени се до ортопетските куќи за август, согласно договорите со Фодот. Исплатени се боледувањата за ноември. Капитацијата за октомври, аптеките за август месец. Се е во роковите на договорите. 15 дена доцнеше исплатата на капитациите до приватните здравствени установи, меѓутоа тоа е вообичаено на почетокот на календарската година кога е слабо полнењето на буџетот од придонесите поради зимските одмори. Меѓутоа, ќе ве потсетам, оваа испата е во рамките на роковите што се договорени како рокови на исплата кога СДСМ беше на власт. Ќе ве потсетам, наместо што зборувате министерот и Владата да се растрчани за огласи, опозицијата беше растрчана. Една ваша колешка, второпотпишана на оваа информација, беше растрчана кај своите колеги и меѓу локалните лидери на здруженијата на приватни лекари со цел да ги повика сите на протест. Затоа ја одолговлекувавте оваа информација да дојде како точкана дневен ред на Собранието за да предизвикате протест од приватините лекари, со цел да се даде искривена слика за состојбите во здравството.

Кога зборуваме за боледувањата, манипулација е да зборувате дека доцнат 6 и повеќе месеци. денеска се исплаќаат според последниот законски рок за исплата на плата. Боледувањата за октомври се исплатеи во средината на декември, за што законски рок за исплата на октомвриска плата е 15 ноември.

Да не зборуваме за тоа дека во периодот од 2005 се остварени 10 илјади доделени права на надомест за боледување, а денеска 22 илјади права. Потврда за тоа се породилните боледувања, каде што наместо 5 илјади реализирани во 2007 година, во 2010 година се реализирани 7 илјади права. Тоа е знак и за пораст на наталитетот на оваа држва.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Господинот Менде Диневски има контра реплика, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам потпретседателке.

Почитуван колега, податоците што ги кажав со 15.01.2012 година се точни, можете да го проверите во Фондот, бидејќи ги имате контактите. Ние не можеме да стигнеме до тие информации, со оглед на тоа што директорката за Фондот за здравството ја нема никаде.

Почитуван колега, ако се е така сјајно како вие зборувате, како може почнувајќи од утре од 31 јануари 2012 година, да се намали за пациентите да примаат помал износ, односно да примаат износ од 70% по основ на основицата наместо досегашните 75%? Како е можно тоа да го правите скришно, со една реченица во службен весник, а никого да не информирате. Тоа ви говори дека имате пари? Ако имате пари ќе го зголемите на 90, нема да го намалите на 70%. Тоа јасно укажува дека состојбите во македонското здравство се алармантни, дека финансиската состојба во која се наоѓаат и јавните здравствени установи и Фодот е тешка. Ако ги задскриваме или се задскриваат зад проблемите и ги ставаат под тепих нема да ги решиме проблемите во здравството.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Госпоѓа Танчева Тулиева Надица има реплика, повелете.

**Надица Танчева Тулиева:** Благодарам потпретседателке.

Почитуван колега Менде Диневски, сметам дека вие од СДСМ немате кредибилитет да зборувате за состојбите во здравството. Знаете зошто, затоа што кога ВМРО-ДПМНЕ во 2006 година дојде на власт, не колапс, туку страшна, катастрофална состојба затекна во здравството.

Од вас наследивме долг од 100-тина милиони евра и тоа е време што се памети по афери со цитостатици, стентови, ортопетски помагала, афери со многу мафии за што се зборуваше во ваше време, како што беше белата мафија, фармацевската мафија.

Исто така времето на СДСМ и здравството на СДСМ го паметиме и по аферите на вашиот министер Владо Димов кој што направи криминал од невидени размери, избега од државата и сега од некои странски соседни држави вели дека е невин и покрај тоа што има меѓународна потерница сепак не доаѓа во државата доколку е невин да ја докаже својата невиност и случајот да се затвори. Исто така колега, здравството од времето на СДСМ го паметиме и по белите

бисерни гердани кои тој министер за здравство од парите на граѓаните ги купуваше на министерките во владите на СДСМ. Вие исто така колега немате кредибилитет да зборувате за здравството знаете зошто? Затоа што не направивте ниту една болница, не купивте ниту еден апарат, не направивте ниту една реформа, односно вие не поместивте ниту една цигла во ваше време. Сега е малку подруго време и во овие изминати шест години ситуацијата е подруга. Се вложуваат милиони евра за набавка на најсовремена софистицирана медицинска опрема и тоа од најреномирани светски производители и тоа е така, тоа е реалноста во Република Македонија. Јас се прашувам каде ли одеа милионите во ваше време, во време кога СДСМ беше на власт. Бидејќи доаѓам од Штип, сакам да ја земам за пример Штипската болница, за која не велам дека е идеална, и таму има проблеми, меѓутоа тие се решаваат и ќе се решаваат, но ќе земам за пример само еден од апаратите кој меѓу другото беше набавен, а тоа е апаратот за остеопороза на кој ов оваа една година се прегледани стотици пациенти од Источна Македонија, а пред тоа во ваше време пациентите  се малтретираа бидејќи не можеа ни упат да добијат за да дојдат во Скопје, а камоли да извршат вакви прегледи. Затоа, мислам дека треба да се надминете колега, дајте некоја добра идеја, па и тоа што недомаќински сте работеле барем со некоја ваша добра идеја, доколку е добра, и ние да ја прифатиме, да исрпавите некои грешки кои сте ги направиле во минатото. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Почитувана колешке, ако сакам да ја прифатам вашата расправа ќе кажам дека еден ваш поранешен и сегашен сопартиец Војо Михајловски во 2002 година се товари за купување глувче за компјутер по фрапантна цена од 69 илјади денари. Купувате свинско месо по 827 денари, болнички ноќници по цена од 6800 денари, печка на струја од 3 милиони денари. Сакате вака да дискутираме? Ама тоа нема да го реши проблемот денес во 2012 година во здравството во Република Македонија, тоа нема да го реши проблемот во Штип и Штипската болница. Проблемот ќе се реши ако почнат да функционираат работите така како што треба. Ако понесете одговорност за состојбите кои ги имате и ако почнете да давате отчет за милионите евра што ги потрошивте а пациентите  не видоа аир. Вие самите најдобро знаете во изминатие шест години каква е Штипската болница. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Реплика има госпоѓица Лашкоска Ане, повелете.

**Ане Лашкоска:** Благодарам.

Почитуван колега Диневски, читајќи ја Програмата на Владата на Република Македонија и Програмата на ВМРО ДПМНЕ која ја образложивме пред граѓаните на Република Македонија на последните парламентарни избори, притоа посебно обрнувајќи внимание на делот за здравството, мислам дека секој ќе добие впечаток дека оваа програма е реална и остварлива, особено имајќи го предвид фактот што најголем дел од тие проекти напишани во таа прграма веќе се во тек. Веќе неколку години наназад Владата предводена од ВМРО ДПМНЕ посветува значително внимание и работа  на подобрувањето на условите и услугите во здравството. Почитуван колега Диневски, ова е впечатокот што мислам дека секој би го стекнал читајќи ја оваа програма и гледајќи ги состојбите кои се одвиваат и се случуваат на терен. Меѓутоа, слушајќи ве денес вас а и ние овде, мислам и поширокота македонска јавносtќе добие само еден впечаток дека вие се претставивте денес како еден добар теоретичар во здравството, а еве слушам факт дека вие иако сте лекар сте немале ниту ден работен стаж во здравството а како лекар без работнискуство во здравството и не оди. Би сакала да ви препорачам овие денови слушајте не внимателно, да видите што се е направено во здравството бидејќи сигурно ќе ви треба кога по некој ден ќе се вратите да работите. поставивте прашање каде се возилата кои се набавени во здравството. Сакам да ве потсетам дека одредена постапка за набавка на возила  за потребите во јавните здравствени установи во Македонија е спроведена во 2000 година кога се набавени само неколку возила Лада Нива. Меѓутоа, оваа набавка ни од далеку не може да се спореди со 80 амбулантни возила кои веќе се во јавните здравствени установи во Македонија и кои иако велите дека не ги гледате, сепак ги гледате вие во вашата родна Битоала.

Сега сакам да ви поставам прашање зошто критикувате. Затоа што оваа Влада одвои 100 милиони евра и веќе во тек е реализацијата на инфраструктурни проекти во здравството, затоа што веќе се одделени 100 милиони и набавени се апарати кои веќе се инсталирани во сите здравствени установи во цела Македонија, затоа што менаџерите веќе одата на усовршување и тоа го критикувате. Одоговрете ми на овие прашања во вашата контра реплика. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Почитувана колешке, немојте да зборувате за тоа кој колку работен стаж имал, дали некогаш сум работел во здравството, бидејќи ќе ви смеат огромен број на пациенти кои су ги имал во изминатиот период кога не бев пратеник, но тоа не е тема на дневен ред дали јас имам работен, дали министерот за здравство или заменик министерот или државниот секретар  е лекар, тоа не е тема на дневен ред.

Тема на дневен ред денес зошто, заради тоа што во Прилеп починаа родилки, се затвори гинеколшкото одделение. Тема денес е како да изнајдеме состојба во Прилеп амбулантско возило да не се распаѓа на сред улица.  Кажете решение за тие проблеми. Кажете решение за

проблемите, за тоа ве гласаат граѓаните. Ја имате нашата подршка за сите искрени проблеми или реформи кои го прави оваа Влада со кои ќе им помогнеме на пациентите. Таа подршка сме ја докажале до сега безброј пати во изминатите 4 години. Но една работа. Кога ќе ви понудиме решение и треба да го прифатите, а не да го одбиете само заради тоа што е од опозицијата.

**Светлана Јакимовска**: Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Изет Зеќири, повелете.

**Изет Зеќири**: Почитувана госпоѓа потпретседател, почитувани пратеници, почитуван колега. Во вашата дискусија вие говоревте малку за Фондот за здравствено осигурување, посебно за пакетот на здравствени услуги што ги нуди овој фонд. Првенствено сакам да кажам дека буџетот на Фондот за здравствено осигурување кој што некаде околу 22 милијарди 625 милиони денари е во процент со бруто домашниот производ е 4,6% и ако се анализира овој процент кој што Република Македонија го издвојува за пакетот за здравствени услуги за граѓаните, тој процент е многу понизок од Србија со 6,5% од бруто домашниот производ или пак Хрватска со 6,3%, многу пониска од Словенија од 6% или пак пониско од процентот на земјите на Европска унија чиј што просек е 6,7%.

Почитуван колега вие сте од Битола, вие требаше малку да говорите и за дискриминацијата што се прави на градовите врз основа на средствата од Фондот за здравство. Јас ќе направам анализа само на три клиники.

Средствата што се издвојуваат на битолската клиника за 97 илјади осигуреници е 6.324 илјади денари по осигуреник, а во Тетово за 126 илјади осигуреници даваат само 3.120 денари. Значи двојно повеќе се издвојуваат на битолската клиника отколку за тетовската. И да не останам само на Битола, до колку се анализира штипската клиника тие се 52.729 осигуреници добиваат 6.315 денари. Двојно повеќе добиваат клиниките во Битола и во Штип во споредба со Тетовската клиника. Ова се факти, ова се финансиските извештаи од Фондот за здравствено осигурување. Ова е навистина голема забелешка само за клиниките. До колку се анализираат здравствените домови, општите болници, специјалните болници, клиничките центри ситуацијата е уште поалармантна. Ова е преглед или слика на Фондот за здравствено осигурување кој што ги дискриминира Полог со над 240 илјади осигуреници, а сите други центри немаат толку осигуреници колку што има Тетово и сите овие осигуреници плаќаат за услугите, плаќаат придонесе за здравство, меѓутоа овие придонесе за здравство не им се враќаат подеднакво на тие граѓани. Овде дајте ми коментар за тоа како може да постои ваква дискрапанца и зошто не кажавте ниту еден збор за ова прашање.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Почитуван колега јас се обидов да го опфатам здравството генерално, не навлегов во одредени анализи за кои вие говоревте. Јас ќе дадам само еден пример за кој пратениците од ВМРО ДПМНЕ во изминатиот период се многу гласни а тоа е дека во здравството во Република Македонија се буџетот за 2012 година е одобрен зголемен број на финансиски средства. Тоа го дискутиравме и кога се носеше буџетот и одговорно можам да тврдам дека по основ на најголем број, да не речам скоро на сите програми, во Министерството за здравств има намалување на финансиските средства во споредба од буџетот од 2012 година. Еден од тие примери беше проектот Изис за кои ова Министерство ги повлече парите, ги пренамени, а тврдевме сите и ние и пратениците од ВМРО ДПМНЕ и здравствените работници дека заедно со здравствената електронска картица ќе помогне во олеснување на принципот на работата на пациентите. Има многу примери за анализа, затоа е денешната седница, ќе можеме да говориме.

**Светлана Јакимовска**: Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Стевананџија Димитар, повелете.

**Димитар Стевананџија**: Благодарам почитувана потпретседателке.

Почитуван колега Диневски, млад кадар од Советот за здравство на СДСМ прими ја мојава порака како добронамерен совет, препушти им на оние кои што веќе направиле нешто во здравството да ги завршат ветените реформи, остави ги поискусните сопартијци да излезат пред нас и да кажат каков ршум оставија во здравството и како овој македонски аудиториум да им верува на оние кои што ни цигла не ставија на нов објект, ниту еден нов апарат не набавија. Ниту во еден не го подобрија македонското здравство. Да не те злоупотребуваат и уценуваат да зборуваш за сиромаштија и проблеми во здравството, туку да те остават да се подготвиш за локалните избори и барем еднаш да пробаш да го почувствуваш вкусот на победата.

Почитувани, кога СДСМ зборува за здравството тоа е исто како Гордан Георгиев да зборува за патриотизам или Бранко Црвенковски за пензионерски денови. Џабе ќе излезете сите на говорница, џабе ќе прочитате 40 говори, кога фактите се тотално контра вас. Ама баш сите, статистички, со финансиски показатели низ бројки, горе наведеното би изгледало вака:

Од 2002 до 2006 година СДСМ инвестирал во опрема нула евра, а Владата на ВМРО ДПМНЕ во овие 4 години, 90 милиони евра. Инвестиции во реконструкција од 2002 до 2006 година, малку сте ги кренале и сте инвестирале 300 илјади евра, но Владата на ВМРО ДПМНЕ инвестирала 45 милиони евра. Прашавте зошто во Прилеп нема нови санитетски возила. Ќе ги има бидејќи набавката е завршена и Прилепскиот здравствен дом ќе добие две возила Фијат Диабло во вредност од 25 илјади евра со целосно

инсталирана опрема за брза помош. Исто така, да не заборавите дека Владата на ВМРО ДПМНЕ изгради нов гинеколшки објект, ги намали цените на лековите, изгради 17 амбуланти во руралните средини, што во многу им помогна на жителите во тие средини да ги намалат нивните трошоци и да можат да ги почувствуваат бенефитите од здравството. Како се грижела Владата на СДСМ за новите кадри, за специјализанти доволно говори примерот дека од 2002 до 2006 година само три доктори од Прилепската болница биле испратени на специјализациј, за разлика од оние 14 кои во моментот се специјализарираат за да можат да пружат нови здравствени услуги. Исто така, го спомнавте гинеколшкото одделение. Немојте да се срамите бидејќи не сте биле таму, гинеколошкото одделение е целосно реноворано и денес прилепските родилки можат да се гордеат бидејќи го имаат условите за да можат безбедно да се породуваат.

Го спомнавте и Војо Михајловски. Да, тој за своите постапки одговараше, но да ве потсетам на едно интервју од 17.07.2005 година кога фамозниот ваш министер се обрати преку македонското радио и кажа, за разлика од моите претходници јавно кажувам или реформи или крај на здравството. Што направи проценете вие.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Почитуван колега, лесно е да ви напишат една реплика, да излезете да ја прочитате, а при тоа да не ги читате аргументите. Ова е ревизорскиот Извештај за Министерството за здравство и тука ќе најдете што пишува за изградбата на руралните амбуланти. Нема да ви говорам, тоа вие ќе го прочитате.

Сосема накратко, кога веќе се обидувате да делите лекции кој е млад, кој е стар, кој има кредибилитет, кој создавал и градел авторитет итн., јас ќе го земам вашиот пример. Никогаш нема да си дозволам да поднесам закон во кој нема да ја добијам подршката од Владата која ја гласате. Вие таков закон за градење поднесовте, вашите коалициони партнери не го гласаа, ве пуштија на тенок мраз, ве излизгаа. Благодарам.

**Светлана Јакимовска**: Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Затуровска Лилјана, повелете.

**Лилјана Затуровска**: Благодарам.

Колега, очекував во вашето излагање до колку сакавте најреално да ја отсликате ситуацијата во здравството, њамалку што требаше да направите тоа беше една компаративна анализа за тоа што направивте во областа на здравството, а што ВМРО ДПМНЕ има направено. Но зошто тоа не го направивте е сосема јасно, од една проста причина што немавте што да споредувате. СДСМ во областа на здравството реформи, инвестиции, резултат-нула, а додека ВМРО ДПМНЕ и самиот вие почитуван колега на почетокот од излагањето истакнавте и потврдивте дека оваа Влада сече ленти за пуштање на нови здравствени домови, установи, реновирање на старите болнички згради, вградува и ги опремува болниците со нови апарати кои ќе бидат од корист за сите граѓани во Република Македонија. самите признавте дека оваа Влада се грижи, вложува и прави напори за подбрување на условите во здравството. Здравството е врвен приоритет во програмата на Владата на Република Македонија со цел и намера за јакнење и подгигнување на квалитетот на здравствените услуги на сите нивоа, јакнење на примарната здравствена заштита и превентива и воспоставување на стабилен систем како финансиски така и стабилен систем за здравствена заштита на граѓаните.

Затоа, ќе вложувам е и во споменици и Проектот „Скопје 2014“ и во образование и во култура и во инфраструктура, посебно во сферата на здравството, затоа што сме многу поразлично од вас, кои не вложивте ни денар во ови сфери, а знаете да бидете многу гласни со критикувањата на оние што творат, градат, обновуваат и создаваат. Имајте доблест почитуван колега и бидете контструктивен посено кога се говори за постигнувањата и реформите во областа на здравството бидејќи доаѓате од таа фела и многу добро знаете што е направено од 2006 година наваму. соберете храброст да и се заблагодарите на оваа Влада за сите постигнувања во здравството. Тоа можете да ги направите токму сега и од ова место. Граѓаните само така ќе ве разберат и само така ќе можете да ја исперете вашата совест и вашите гревови за тоа каде ги потрошивте куп пари. Тоа треба да им го објасните на граѓаните, но секако не во областа на здравството. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Почитувана колешке, навистина не слушнав иако за време на мојата дискусија отворив серија на прашања во делот на зголемување на правата на пациентите во делот на донесување на медицинската мапа, донесување или дефинирање на основниот пакет на услуги, и во делот на системско решение на волонтерите. Навистина не слушнав до сега од ниеден пратеник од ВМРО ДПМНЕ како ќе ги решавате клучните прашања или со која програма ќе излезете и ќе го подобрите јавното здравство. И ви кажав ви читав дел од насловите на дневните медиуми, Република за тоа, што констатираат тие, во каква состојба ни се наоѓа здравството.

Светлана Јакимовска: За реплика е пријавен господинот Шокаровски Харалампие, повелете.

**Харалампие Шокаровски:** Благодарам потпетседателке

Почитуван колега Диневски, бидејќи бевте уводничар на темава, мислам морам да го изразам моето жалење од вака бегло посавените приоритети на СДСМ. Не знам по самиот наслов на точката на дневен ред која ја имате поднесено,

може да се констатира вашата малициозност и нихилистичкиот однос што го имате кон се што се прави, во последно време особено во здравството. Ако се прашувам од каде ваквиот нихилизам и дали тоа доаѓа од сопствената немоќ да се понудат алтернативни решенија на актуелните владини политики, во здравствената сфера. Не чувме ништо какви контрапроекти вие нудите. Наместо неаргуменирани обвинува, сценарија за апокалиптични и хаотични состојби и сеење на стрв меѓу граѓаните. И добро би било да развиевме една суштествен дебата ако навистина ви беше целта здравството како каде да се помогне во која ќе споредевме одредени состојби, да видиме од каде тргнавме. Како на пример да кажете колку и каде, вие како минати гарнитури владеачки сте инвестирале. Каде сте инвестирале во медицинска опрема, во инфраструктура и да ги комперираме вашите проекти со проектите токму постигнати од оваа Влада. Токму ваква компарација ни е потребна  но за жал ваква дебата нема. Од вас слушаме само критицизам, популизам и чиста демагогија. Ние свесни сме за проблемите кои што постојат во здравството и дека состојбата воопшто не е розова. Меѓутоа тргнавме од некаде. За прв пат оваа Влада се соочи со состојбите кои ги наследи во последните 20 години, состојби на дезинвестирање, состојби на пропаст на јавното здравство. Значи, почнавме да ги градиме темелите. Ако 20 години ништо не сте инвестирале, не можете да очекувате во период од неколку години да се постигне се она што е прескокнато во последни 20. Вие сте свесен за тоа и очекував од вас и затоа пак ќе нагласам една посуштествена дебата каде ќе ги истакнете приоритетите и контра проектите кои  како опозиција би требало да ги имате. Ама испаѓа дека не е така, само чист популизам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика господинот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам.

Почитуван колега дел од проектите кој ги понуди пратеничката група на СДСМ бидејќи беа добри ви не можевте да гласате против, гласавте воздржани, само заради тоа што беа предлог на СДСМ.

Еден пример, акредитација на јавните здравствени установи. Толку околу понудата од страна на опозицијата.

Знаете што значи демагогија? Кога граѓаните на Охрид ќе мора да патуваат во Струга, во Битола, во Ресен, во Скопје, за да добијат здравствена услуга како резултат на лошото менаџирање на Владата на ВМРО ДПМНЕ на чело со Никола Груевски.Вие треба да се засрамите и од вас граѓаните на Охрид чекаат одговор да им кажете кога охридската болница ќе почне да функционира во Охрид. Тоа е клучното прашање на кое вие треба да дадете одговор. А не да говорите за други, да говорите за демагогија. Што сме направиле, ви оставивме болница, ја затворивте, не можете да ја реконструирате и да ја пуштите во работа.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Матевска Дуза Цена, повелете.

**Цена Дуза Матевска:** Благодарам потпретседателке.

Колега Динески, колку и да поднесувате информации, колку и да бидете гласни на говорницата факт е дека во време на ВМРО ДПМНЕ оваа Влада значително ја подобрува темната слика на здравството што ја оставивте во време на вашето владеење. Сега се инвестира се прават реформи, се реализираат бројни проекти се во интерес на подобрување на здравството. Тоа се еден вид решенија кои што се нудат на граѓаните за подобрени здравтвени услуги. Од бројните проекти кои што ги реализира Владата на ВМРО ДПМНЕ, јас би одвоила неколку поважни кои што исклучилтелно значајни за граѓаните.

Започната е првата фаза од реконструкција и доградба  на болниците во износ од 100 милиони евра. Намален е данокот на лекови од 18 на 5% и со донесувањето на единствената цена на лекови се постигна значително намалување на цените и до 70%.Во тек е реализација на проектот електронска здравствена картичка. Програма здравје за сите. Направени се над 180 илјади превентивни бесплатни прегледи на населението за мерење на гликоза и на холестеролот во крвата и советување на здрав начин на живот. Воеден е концептот здравствено осигурување за сите. Набавка на апаратура. Современа медицинска апаратура во вредност од 100 милиони евра. Во тек е постапка за набавка на 100 амбулантни возила  и исто така пред неколку дена министерот најави набавка на медицински кревети и душеци во болниците ширум државата што не беа променети цели 20 години. За разлика од ваше време колега здравството го пратеа корумпирани афери, скандали, отпуштање од работа, оставивте долгови кои што мора оваа Влада и Фондот за здравство да ги исплаќа по основ на извршни судски решенија. Така владеевте во здравството.

Еве колега одговорете ми во вашата контра реплика што направавивте во здравството. Дали изградивте болници или реконструиравте. Дали м ожеби набавивте апарати во болниците. Дали можеби ги зголемивте платите на докторите. Дали можеби се грижевте за правата на пациентите. Ништо од сето тоа колега. Меѓутоа е факт кога сте опозиција вие се грижите за се и сешто, се грижите за култура, за образование, за инфраструктура, за економија за здравство. Меѓутоа, на граѓаните им се смачија да ги слушаат повеќе празните зборови. Граѓаните ги гледаат делата, проектите што ги реализира ВМРО ДПМНЕ и согласно на тоа така и ја даваат довербата. Не ви ја дадоа и на последните избори, не очекувајте со ваков начин на

однесување да ви ја дадат и на следните избори. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика господинот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам почитувана колешке,

Јас не знам како пости Република Македонија ако е се толку црно, како што вие сакате да кажете во изминатите години, односно до 2006 година. Граѓаните, ве гласале за делата. Така кажавте. Кажавте дека почнала првата фаза од реконструкцијата на јавните здравствени установи. Каде е Крушево во таа прва фаза? Како се изборивте вие за пратеник како пратеник за Крушево и Крушево да биде вклучено во првата фаза од заемот кој го зеде Република Македонија за реконструкција на јавни здравствени установи. Ве нема. Затоа не говорете за дела, туку се обидувате само со навреди, без да дадете ниту еден аргумент за состојбата во здравството, да кажувате и да вреѓате и едноставно да се задскривате зад победата на последните парламентарни избори. Вие почитувана колешке кога ќе се вратите во Крушево, треба да им одговорите на сограѓаните каде е Крушево во првата фаза од реконструкцијата.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Пемова Весна, повелете.

**Весна Пемова:** Благодарам потпретседателке.

Почитуван колега Менде, секоја година во континуитет ја отварате оваа тема за наводен колабс или кома во здравствениот систем. Меѓутоа фала му на Господ здравствениот систем функционира. И оваа недела сигурно ќе се изнаслушаме илјада пати, ќе ги слушнеме зборовите за колабс или за кома, меѓутоа колеги јас од оваа говорница ќе ве прашам дали вие навистина знаете што е колабс, одноно кома, бидејќи една од претходните репликанти кажа дека вие воопшто немате работено како доктор.

**Светлана Јакимовска:** Ќе ве молам, да не одиме на лични навреди. . .

**Весна Пемова:** За каков колабс или кома се зборува кога здравствениот систем функционира, односно пациентите се прегледуваат, значи граѓаните се лекуваат, има лекови во болниците, сега дури и цените на лековите се намалуваат, се реконструираат јавните здравствени установи, се набавува најсофистицирана медицинска опрема, докторите земаат плата итн., што значи дека имаме еден континуиран здравствен систем кој што функционира.

Изгледа колега единствено во колабс или во кома и тоа веќе неколку години е опозицијата во Република Македонија. Тоа го покажаа сите избори до сега, а всушнсот го покажува и најновата анкета. Со една ваква информација која што ја поднесовте за дискусија за наводниот колабс или кома во здравствениот систем што претставува всушност само еден политички памфлет кој е полн со лаги, со невистини, со измислици, со манипулации, само со плукање по Владата.

Почитуван колега јас сметам дека опозицијата уште долго време ќе остане во кома, бидејќи во информацијата освен невистини не поднесовте ништо конкретно, односно предлози за подобрување на состојбата во здравството. Од бројните невистини кои што ги кажавте, јас ќе се задржам само за невистината односно за долговите во јавното здравство и Фондот за здравство, за кои што во информацијата велите дека е државна тајна. Почитуван колега на официјалниот сајд на Фондот за здравство се наведени точно сите податоци за долговите и во јавните здравствени установи и Фондот за здравство. Еве го графичкиот приказ на долговите, значи на јавните здравствени установи и Фондот за здравство кој што долг во 2005 година изнесувал 3,5 милијарди денари. А во 2011 година 1 милијарда 433 милиони. Што значи 2,5 пати помал долг во 2011 година во споредба со 2005 година.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика господинот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам.

Почитувана колешка знаете зошто здравството ни е во колабс или во кома, како сакате кажете. Затоа што за 261,65% пораст на долгот на јавните здравствени установи во ноември 2009 година, во споредба со јануари истата година. Само за 9 месеци. Или за 45,93% пораст на долгот на јавните здравствени установи во декември 2010 година, споредбено со јануари истата година. Знаете зошто е така? Затоа што ги намалувате правата на пациентите. Од утре. Знаете зошто? Затоа што имаме незадоволни лекари.

Да ве прашам. Еве вие тврдите дека дека ние од опозицијата иако имаме завршено факултет, иако сме специјалисти ништо не сме знаеле од здравството. Вие како лекар, член на Лекарската комора, се соглсувате со констатациите и писмата што ги пишува по однос на состојбите во јавното здравство, Лекарската комора ли не се согласувате. На тоа прашање одговорете.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Анова Сузана, повелете.

**Сузана Анова:** Благодарам почитувана потпретседателке.

Почитуван колега, изнесовте многу невистини во вашиот говор, мене ми е јасно дека вие едноставно бранејќи ја вашата политичка опција и целта како да се дојде до валст, и не смеете јавно да признаете за придобивките во јавното здравство што ги има направено оваа Влада, но би сакала накратко да ве информирам бидејќи зборувавте за клиничкиот центар дека се распаѓа. Да ве потсетам само на 2005 година, Вест објавува Клинички се распаѓа и се затрува од фекалии. Комплексот тоне од негрижата на

раководнтие лица од клинички и Министерството за здравство. Инферaструктурата во клинички центар се распаѓа, мрежата е толку скапана што се распаѓа како одоздола така и од одозгора. Инфраструктурате е толку стара што при дожд цефките течат и се излеваат фекалии по собите каде што лежат болните по магацините и другите простории.

Исто така околу начинот на кој што вие ги формиравте еве пакетот на здравствени услуги и целата програма за работа на функционирањето на здравствениот систем што кажува ММФ. Розвадовски разочаран од реформите во здравството. ММФ заклучил дека Владата не знае како се трошат парите на осигурениците и бара реформи кои ќе го подобрат управувањето со Фондот на здравство.

Потоа, дискутиравте во вашата дискусија и дека пакетот на услуги за граѓаните се намалува, значи дека Владата не се грижи, за правата на пациентите, па и тука би сакала нешто да ве потсетам.

Во клинички ќе се примаат само тешки случаи. Тоа Македонија денес, пишува во 2005 година. Нова Макдонија пишува исто во 2005 година, безпарицата ќе падне врз грбот на пациентите. Пишува за незадоволството на Клиничкиот центар за буџетот за следната година. Потоа, има напис кој ќе преживее ќе раскажува. Пишува дека парите со кои вгодина треба да располагаат болниците се скратени дури за половина. Кој прв ќе стигне да се прегледа, ќе успее да искористи пари од здравственото осигурување. Останатите ќе мораат на сопствен грб да си го платат теретот. Единствената вина на оваа Влада, Владата на Никола Груевски, е што се осмели да се фати во костец со проблемите во јавното здравство и д ги решава. Тоа е неговата единствена вина. А околу партиските вработувања, ќе ве потсетам на вработувањето во тетовската болница на партиските кадри на СДСМ. И, за волја на вистината,македонскиот народ е паметен. Дозволува да го лажеме но не да го излажеме. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика господинот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам.

Почитувана колешке, ако почнам да читам што се случуваше од 1998 до 2002 година, или не знам во измиантите 6 годни навистина ќе ми треба многу време, ама тоа нема да не доведе до суштината односно до решавањето на проблемите на пациентите.

Бидејќи го отворивте клиничкиот центар ќе ви напоменам, очигледно тогаш бевте во СДСМ и не се сеќавате добро. Во 2007 година со Одлука на Владата не СДСМ да го распарчи, туку вие го уништивте. Значи, од Клиничкиот центар во Скопје, формиравте 30 клиники. Тие 30 клиники ги ставивте по 2 директори. Направивте уште толку управни одбори. Трошевте по 1,5 милиони евра на годишно ниво, и резултат од сето тоа што имаме, кој е резултатот? Знаете што е резултат од сето тоа, вие самите кои во 2007 како врвен приоритет ја промовиравте реформата со врзаниот потпис дека ќе биде и минато корупцијата и криминалот во здравството, сами ја измените, односо сами ја повлековте. Е, такви се реформите на ВМРО ДПМНЕ. Квази реформи.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Карапетрова Светлана, повелете.

**Светлана Карапетрова:** Благодарам потпретседателке.

Почитуван колега Диневски, ги спomenавте тетовската и госстиварската болница.

Сигурно не сте биле скоро да ја видите состојбата, доколку бевте, не би го кажале тоа, бидејќи состојбата е поинаква но во позитивна смисла.

Околу Клиничката болница во Тетово, да ве информирам дека во 2011 година, беа вложени 85 милиони и 160 илјади денари, а за довршување на инвесетицијата од Буџетот во 2012 година издвоени се уште 30 милиони денари. Овој дијагностички центар ќе се опреми со најсофистицирана опрема која на граѓаните на Тетово ќе им овозможи поквалитетни здравствени услуги но и намалување на трошоците но и изгубеното време за одење до главниот град. Околу реконструкцијата на болницата во Тетово да ве известам дека проектот опфаќа 6 посебни згради и тоа хируршко одделение, интерно одделение, одделение за хемодијализа, инфективно одделение, физикална терапија и кожно. Во овие објекти се врши целосно реновирање, замена на под. Целосно реновирање на санитарни јазли и купатила. Менување на водоводна и одводна канализација, менување на подни и ѕидни плочки, поправка и бојадисување на фасадите. Истото се случува и во општата болница во Гостивар. Во машкото интерно одделение на болничката зграда но и реконструкција на 4 лифтови. Околу покривот. Отстранет е стариот и поставен е нов со брановиден пластифициран челичен лим. За време на вашето хаотично и штетно работење колега Диневски 2007 година, поднесени се 17 илјади 712 постапки по основ на неплатени придонеси за задолжително здравствено осигурување. Ако работевте наменски и во интерес на здравството, немаше само со еден предмет да го блокирате и да го оштетите фондот за 41 милион денари.

Колега, смешно е ова ваше излагање и оди само на ваша штета, бидејќи на вакви приказни никој веќе не верува. Граѓаните ги согледуваат придобивките од вложувањата во здравството. Многу проекти Владата на Република Македонија и Министерството за здравство ги спроведува за подобрување на јавното здравје. Така што Министерството за здравство на Република Македонија во месец септември изготви и до Владата достави информација за потребата од стручно оспособување на кадри кои ќе можат да

придонесат за поквалитетно здравство и за работа со новата софистицирана опрема. Акцентот беше ставен на потребното стручно оспособување и усовршување на медицинскиот кадар во секундарната и терцијалната здравстена заштита за работа со новата медицинска опрема, опрема за дијагностика и лекување, кои директно ќе ја користат оваа апаратура со што ќе се овозможи оптимална искористеност на апаратите и давање на квалитетни здравствени услуги и тоа за следните медицински апарати: апарат за магнетна резонанца, апарат за компјутеризирана томографија итн.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Околу кровот, да прашам дали го постави СДСМ во 2007 година? Не е само една работа. Значи не треба ни ние ни вие да им кажуваме на граѓаните какво здравство имаме. Тие тоа најдобро го чувствуваат на своја кожа.

Вие треба да одговорите како од 2009 до денес направивте долг од над 50 милиони евра за кој долг никој не сака јавно да говори. Да ве потсетам, од 2006 до 2012 година за 36 пати е зголемен бројот на трансфери од државата кој Фондот за здравство. Каде отидоа парите на граѓаните почитувана колешке, на тоа прашање треба да одговорите, а не да редите и да читате каде каква опрема се набавило, истата опрема која седи по ходниците и не можете да ја ставите во функција заради тоа што немавте концепт. Наместо да подготвите простории, наместо да обучите кадар и кога ќе дојде опремата да ја ставите во функција, се правите однаопаку.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Михајло Џолонга, повелете.

**Михајло Џолонга:** Благодарам.

Господине Диневски ќе се задржам на неколку аспекти од вашиот говор по информацијата.

Вие рековте за колапсот на јавното здравство за време на владеењето на господинот Груевски и прво ќе се задржам на вашата констатација дека премиерот се растрчал, пред оваа информација, да отвора дијагностички центри и опреми. Да ви кажам дека за да се отвори еден дијагностички центар, да се смести опрема тешка пет, шест, два или три тони, тоа не може да се направи преку ноќ. Значи се работеше за обична коинциденција. Треба многу од идеја, планирање, до градежни дозволи, изведбени работи, инсталирање на опремата, пуштање во функција и обучување на кадарот. Значи не се работеше за макета, се работеше за реалност во Битола. Од тоа ќе имаат корист не само членовите на ВМРО-ДПМНЕ туку сите граѓани на Битола, без разлика на партија, вера или политичко убедување. Ние градиме за сите, вклучително и за вас мене и било кој друг.

Друга работа на што би се задржал во оваа реплика, се долговите и обврските за кои рековте дека растат. Но, кабаетот никој го неќе. Дали вие се сеќавате колкави долгови беа оставени 2005 година. Ми се чини вие бевте вработени од јануари 2002 година во Медицински центар Битола и бевте директен сведок на последиците од тие долгови кои настанаа со купување на разни стоки, прекумерно, времето на важење на тие стоки истече па се фрлаа, почнувајќи од леќи, протези. Значи кабаетот никој не го сака, вклучително и вие. Меѓутоа мерките преземени потоа на разни начини, дадоа резултати и долговите почнуваат да паѓаат од крајот на 2010 и 2011 година, но не наеднаш. Потребно е време за да делуваат мерките, а верувајте ми, тие делуваат.

Сега би се задржал на тоа што вие рековте немање на парно греење во болниците, мислејќи на битолската болница, се надевам.

Парно греење во Клиничка болница Битола немало никогаш повеќе во времето на греење, бидете уверени во тоа. Затоа ви тврдам дека тоа не е точно. Во времето пред 5-6 години и јас вие одевме облечени со бунди навечер да дежураме, затоа што немаше мазут во енерганата.

Што се однесува до волонтерите, да ви кажам дека ако некој волонтер не го почитува домашниот ред и дисциплина, тој ќе биде казнет, но не мора да значи дека договорот понатаму нема да му се обнови.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам.

Околу волентерите, јас мислам дека ќе допре гласот до јавниот обвинител, бидејќи се кажаа сериозни обвинувања од страна на волонтерот кој излезе пред медиумите.

Почитуван колега, јас знам дека вас ви е најтешко и ве разбирам, вие дојдовте како директор на Клиничката болница во Битола после менаџирање на еден исклучително лош директор од ВМРО-ДПМНЕ, истакнат кадар на ВМРО-ДПМНЕ. Но, ќе се согласите со мене, ревизорскиот извештај кој се однесува и на вас, покажува не намалување туку зголемување на долговите, заклучно со 31.12.2010 година и тоа на 146.445. Тоа е едната работа.

Втора работа, бидејќи кажувате дека тоа што се гради или бара во интерес на граѓаните на Битола дека е за сите. Зошто тогаш не гласавте за амандманот што го поднесе опозицијата за изградба на нов дијагностички ургентен центар во Битола, зошто бевте против овој амандман. Вие од една страна кажавате дека се грижите за граѓаните, ама СДСМ кога ќе понуди нешто во интерес на сите граѓани, вие го одбивате.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Илија Китаноски, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам.

Почитуван Диневски, ме интересира кој ви ги бира темите кои ги предлагате за седници по барање

на опозицијата, како теми на кои сметате дека како опозиција ќе поентирате.

Сега ќе направам една паралела. Имено пред некој месец имавте тема за откупот на тутунот, за земјоделието, сега за здравството. Ги бирате темите или областите кои како Влада СДСМ во последните четири години кога беше на власт не направи ништо, не вложи ништо, напротив ги доведе и луѓето кои работат во тие дејности и самите институции до питачки стап. Но тоа е ваша работа, вие си знаете најдобро.

Кога сме кај оваа тема, што може една Влада да направи за јавното здравство или за било која дејност или ресор што го покрива. Може да креира политики кои на граѓаните ќе им понудат поквалитетни и поефтини услуги, лекови и паралелно со тоа може да вложува што е можно повеќе средства од Буџетот, да ги насочува во јавното здравство. Во тој дел Владата на ВМРО-ДПМНЕ, за разлика од Владата на СДСМ, затоа што мораме да направиме споредба, вие сте тие што алармирате дека е страшна состојбата во здравството и сега правиме споредба што вие, наместо да алармирате, што сте можеле сте направиле. Имено кога требало да набавувате модерна медицинска опрема, сте набавиле за нула денари или евра. Кога требало да се вложува во реконструкција и инвестирање во здравствените домови, во болниците, сте вложиле 300 илјади евра. За разлика од тоа владите на ВМРО-ДПМНЕ во изминатиот период вложиле 40 милиони евра за реконструкција на објектите, вложиле над 100 милиони евра во најсовремена медицинска опрема која јавните здравствени установи не ја виделе и не можеле да ја замислат во последните 30 години. Вие тоа многу добро го знаете. Тоа е тоа што може да направи една влада, а не да се зборува, да се употребуваат поединечни случаи, да се прават мали драми итн. Значи факти и бројки.

Втората работа што Владата на ВМРО-ДПМНЕ, за разлика од владите на СДСМ, ја направи, се политиките кои ги води во здравството. Дали сте влегле во аптека во оваа или минатата година, споредено со 2006 година па да направите разлика. Еве јас како еден од пациентите купувам холеста. Таа тогаш чинеше 470 денари, сега чини 120 денари, истиот лек од истиот производител. Тоа е резултат на политиките на Владата на ВМРО-ДПМНЕ.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам.

Колега, прашавте кој ни ги бира темите за кои сакаме да разговараме. Ни ги бираат граѓаните односно ни сугерираат дека во овој момент состојбите во јавното здравство се толку лоши што мора да ја отвориме оваа тема бидејќи ВМРО-ДПМНЕ бега од оваа тема како од ѓавол.

Три пати на Комисија за здравство бараме информација за состојбите во здравството, не сакате да говорите. Три пати велиме кажете колкав е долгот на јавните здравствени установи, не сакате да ни кажете. Ви нудиме предлог законски решенија со кои ќе ги подбориме состојбите во здравството како што е на пример Законот за акредитација. Не гласавте против, гласате воздржано само заради тоа што е од СДСМ и велите добар е предлогот ама ќе се најде во новиот закон за здравствена заштита.

Почитуван колега, како што почна расправата денес, почнавте со 50, 60, 100 милиони вие кажавте денес фрапантна сума 140 милиони евра во здравството биле инвестирани во изминатиот период. Ајде, ве молам, кажете ми од кој буџет, од кои заеми, од кои долгови.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам господине Менде Диневски.

Следен пријавен за збор и има збор господинот Величковски Ивон, повелете.

**Ивон Величковски:** Благодарам господине претседател.

Почитувани колеги, со жалење гледам дека министерот само кратко присуствуваше на еден дел од расправата и излезе надвор, веројатно ќе беше убаво да биде присутен овде за да можеме да размениме ставови и искуства по одредени прашања кои што во секој случај се многу значајни. Бидејќи сега го забележав неговото присуство особено ми е драго што ќе можеме директно да разговараме доколку реши да се вклучи во расправата, бидејки и тој треба да е свесен и сите ние овде дека здравството е систем и оттука грешките што би се направиле во здравството и што се прават како грешки во здравството се систематски. Всушност во овој систем поврзаноста е во круг.

Здравствениот систем е составен веројатно добро познато од повеќе елементи, во основа три. Образовен кадар врз кој влијае Факултетот и Средното медицинско училиште. Тука се областите на специјализација, доквалификација итн. Натаму, чинител односно елемент се здравствените установи кои опфаќаат и простории и кадар и апаратура, но секако тука се и вработените односно расположливиот медицински кадар. И, тука ни е неоспорниот суштински чинител е Фондот за здравствено осигурување односно здравствениот денар, парите. Тој се однесува и на набавката на лекови и на платите на вработените и на инвестициите. Затоа во здравството како клучни чинители се јавуваат пациентите, лекарите и медицинскиот персонал и секако политиката изразена низ Министерството за здравство и ова Собрание.

Имено, Министерството за здравство покажа во изминатиот период дека ги попречува нормалните односи меѓу елементите на здравствениот ситем. Низ нарушување на односите во самите елементи на јавниот здравствен систем и тоа на тој начин го нарушува односот лекар пациент и гради лоша здравствена политика. Всушност покажувате дека ВМРО-ДПМНЕ и неговата програма зборува не за Манифест во здравството туку за манифест на деградација на докторската, на медицинската

дејност. Основен проблем притоа господине министре е лошото управување со Фондот за здравствено осигурување односно парите во јавното здравство. Ние овде во изминатиот дел од дискусијата најмногу гледам дискутиравме за видливите последици, но многу малку се осврнаа на причината.

Можете да бришете колку сакате корисници на здравствено осигурување, џабе. Лошиот менаџмент на парите кои и натаму се намалуваат се основниот проблем. Затоа лекарите се слабо платени. Матичните лекари легитимно бараат зголемување на капитацијата или бараат зголемување на партиципацијата од страна на пациентите. Изберете ја опцијата. Приватните установи, веројатно ви е јасно бидејќи ги следите трошоците на јавните исто така функционираат во услови на зголемени трошоци и цената на мазут и цената на електрична енергија и цена на репроматеријали и на нив влијае.

Исто така, ве потсетувам и тука е вашиот најголем кабает дека специјалистите имаат помали примања дури и од матичните лекари. Затоа основниот проблем е господине министре и почитувани колеги од мнозинството што не правите реформа на Фондот за здравствено осигурување и одите на натамошно нарушување на односите меѓу чинителите во здравствениот систем.

Имено, ако пензиското осигурување го реформиравме и тоа стана двостолбно, тростолбно, Фондот за здравствено осигурување остана на иста матрица, ист ситем на функционирање и принцип на функционирање но во многу поразлични услови на намалени приливи во однос на минатите 10 или 20 години. Затоа, сакате да зборуваме, мислам дека некој од претходните колеги зборуваше за соочување на аргументи. Да, еве ние ви соочуваме аргумент. Ние зборуваме за воведување втор столб на здравствено осигурување нешто што вашиот Манифест апсолутно го премолча, затоа што на тој начин јавното и приватното здравство почитувани колеги и почитуван министер ќе станат меѓусебно комплементарни, ќе се надополнуваат и позитивно ќе си конкурираат но нема да си пречат и да се уништуваат. Така лекарите и медицинскиот персонал ќе бидат ценети и платени и во приватните и во јавните здравствени установи.

Така вие господине министре нема да изигравате чувар што ќе ја проверува редовноста на вработеноста или ловец на бубашваби. Ја поздравувам вашата иницијативност но надвор од театралноста таа нема никаков резултат. Тоа гледам го забележувате самиот. Не е целта на една политика да ги омаловажувате лекарите, не е целта нив да ги прогласувате за криминалци, а вие цело време зборувате за бела мафија, за мафија во бели мантили итн. Престанете со презирот кон носителите на здравствената дејност. Не сте вие, не сме ние овде носители на здравствената дејност. Тоа се лекарите и медицинскиот персонал.

Лекарите почитувани колеги и политичарите се во едно нешто слични. Од нивните постапки зависи животот на луѓето. Нивната грешка може да чини еден живот. Вашето погрешно гласање, вашата погрешна поддршка може да чини здравје и живот на два милиони граѓани. Тоа е заедничка одговорност. Затоа, ќе ве потсетам само во декември четири лекари се нападнати во Скопје, во Штип и во Тетово. Ќе ве потсетам дека пациентите исто така со право се незадоволни затоа што шетаат по шалтери и по ординации, бараат матични лекари одат во секундарно здравство, се враќаат назад од преоптеретеност. Но тоа е последица на новиот систем на упати што вие го воведовте без подготовка.

Во исто време како резултат на вашите небулозни процедури само последното истражување на Хелт Групер покажува дека просечниот преглед во Македонија од 15 минути кај матичен лекар всушност троши 40% за пополнување на административни обрасци. Тоа господине министре, верувам ќе се согласите и вие, апсолутно е неприфатливо.

Ќе ве потсетам на уште една ваша грешка а тоа е дека со членот 8-а од Правилникот за начинот на плаќање на здравствените услуги во примарната заштита што го донесовте на 27-ми април 2011 година. Направивте маневар со кој Фондот за здравствено осигурување заштедува 20 до 30 илјади евра, а притоа ги намаливте парите на руралните маатични доктори, ги сведовте на надоместок од 42 до 45 илјади денари. Сега ве молам ставете се вие на нивна позиција и кажете дали вашата ординација би работела профитабилно. Можеби тоа не се случи со ваш потпис, но вие наследивте, продолживте и ги надградувате таа политика. И тука е вашиот хендикепт.

Исто така, забележувате дека се затвораат така наречените селски амбуланти иако зборувате дека ќе отварате 18 нови. Од нив абер нема. Ги терате матичните доктори во овие средини или да одат кон градот или да емигрираат надвор од земјата и со тоа го зголемувате притисокот кон матичните доктори надвор од тие средини односно во градовите. Да не зборуваме за капитацијата на стоматолозите. Вас ви е јасно дека срамно ниска остана цената на капитацијата кај стоматолозите и во исто време зборувате за орална хигиена или за превентива. Јасно ви е дека од тоа нема ништо, бидејќи тие работат под притисок на цените а нивните репроматеријали се зголемени за одредени услуги и до 100% и повеќе од тоа.

Затоа, основниот проблем што го создавате во секундарната и терцијална здравствена заштита е во отсуство на мапирање на здравствени установи. Нема да ве потсетувам на состојбите во Крива Паланка и Куманово, каде нема итна помош, ниту организирани ниќни дежурства. Тоа е недостаток на систематски пристап, бидејќи обврска на Владата, ваша обврска е да ја утврдите мрежата на здравствени установи. Таа е дефинирана како опредлување на потребниот

број на здравствени установи и видови на здравствена дејност, специјалност штосе обезбедува во определени географски подрачја, според место на живеење, според потребите на населението. Со ова го доведувате во прашање системската слабост и концесионирањето на установите. Планирањето и развојот на дејноста и кадровските ресурси. Сите тие заедно тонат. Затоа, како ефект имаме паушални реформи и продлабочување на слабостите во здравството.Останува она што значи удар врз искористеноста на здравствениот кадар, бидејќи вие, со експериментите во дополнителната дејност на лекарите предизвикавте да можат да ја вршат секаде, па отворија ординации, па им ги сменивте условите. Потоа, им ја ограничивте дополнителната дејност, да ја вршат само во институциите во кои се вработени, па ги затворија ординациите и ги избркаа оние кои ги вработија во тие ординации. И сега уште ги притискате и го скратувате дополнителното работење. Ефектот, господине министре, ваш или наследен од вашите претходници, но ефект на ова Влада, најдобрите лекари заминаа од јавното здравство и отидоа во приватното.

Велите ќе вработите 200 нови специјалсти? Одлично. Добар почеток, нови е самите во проценка од 16 декември во Нова Македонија велите дека на Македонија и се потребни 500 специјалисти и ги наведувате и другите области и тоа, патолози, анестезиолози, хематолози, а во делот на земјата геникolози, педијатри, психолози и интернисти. Еве ја последицата на здравственото мапирање кое системски е поврзана и со делот на набавката на здравствените апарати. Не знаете кои апарати, каде ќе ги ставите во функција и ќе бидат користени од кои специјалисти. И токму затоа, кога го немате ова,  не можете да го утврдите ниту обемот на потребните средства, ниту обемот на пациентите со кои треба да ги покриете токму со овие основни средства. Затоа, ќе склучите вкупна набавка од 93 милиони евра, во 2008, 2009 и 2010 година ќе исплатите 9 милиони евра, во 2011 ќе обезбедите 15 милиони евра, но обврските се уште во целост не се исплатени, а за оваа година предвидувате 28,5 милиони евра. Далеку од сето она што тврдите дека веќе сте го инвестирале. Кажете, инвестирано е или не е, кои бројки еднаш кажавте дека се вистинити.

И затоа, ќе остане преоптеретеноста на терцијалното здравство, со процентите на задолжување кои се качуваат за фансинантни 300% од 2009 до денес, ќе остане клиничкиот центар испартелисан овака како што е од вашите претходници, тој ќе остане павиљонски, како еден од ретките клинички центри во регионот и на континентот кој остануваат со павиљонско уредување, останува нефункционално разбиен и останува менаџерски неусогласен. А ќе ве потсетам Клиничкиот центар во Скопје беше централен и во една суштинска област, што исто така е предмет на ваш презир. Презир на ВМРО-ДПМНЕ, а тоа е медицинската научно наставна дејност. Го уништувате и го уништивте Медицинскиот факултет во Скопје, извор на наставен кадар со над 60 години традиција. Влијаете во упаѓањето на квалитетот на Средното медицнско училиште и во исто време заборавате дека обата се врзани со клиничкиот центар заради спрведувањето на наставата како извор на кадри и пракса на тие кадри. Е сега почитуван министре, ве молам за одговор, ако приватните здравствени установи немаат договир со Медицинскиот факултет, како сметате дека таа настава ќе се одвива квалитетно, а договорите се склучуваат само со паралисаните клиники.

Исто така, ќе ве прашам каков е недостатокот сега, бидејќи тоа морате да го знаете, на специјалистички студии, бидејќи и самите признавате дека ни недостигаат специјалисти? Само го заокруживте хаосот господине министре и почитувано мнозинство и затоа оваа инфорамција е на барање на опозицијата.

Имено, покажувајќи презир кон оваа фела, покажувате презир кон здравјето на 2 милиони граѓани. Затоа ќе ве прашам сега, ако Медицинскиот факултет во Скопје е последица на дисперзираните студии, објаснете ми како очекувате кадровски Медицинскиот факултет во Штип да ги даде истите ефекти како Медицинскиот факултет во Скопје, а самата болница во Штип признава дека има кадровски дефиците? Тоа не можете да го објасните министре. Исто како што не можете да објасните, да речеме една мал,а тривијална, би рекол, разлика за некој.

Зборувате за намалување на цените на лековите. Објаснете ми каде се регистрираат додатоците во исхраната, на пример витамини. Во Бирото за лекови или во Дирекцијата за храна. Ова е наградно прашање и за вас министре, и за мнозиството. Бидејќи секој службеник во вашето Министерство различно ќе одговори. А ова знаете дека е основа за корупција. Не велам ваше лично, но вие морате да поведете сметка за тоа. И ќе ве потсетам, дека на овој начин вие ги намалувате цените на болничките препарати односно ги намалувате цените на болничките аптеки, но разликата во маржата никој не може да потврди колкава ќе биде во однос на  апотеките во кои граѓаните ќе ги купуваат лековите приватно. И затоа ќе имате намалување на мала група на лекови, но зголемување на цената на огромен број лекови. Се надевам дека ќе ме демантира праксата, но не можеме да знаеме бидејќи дури денес вие во Министерството односно во Бирото за лекови организирате средба со фармацевтите, на кои ќе ги договарате овие прашања.

Затоа господине министре, оваа информација е многу битна. Ве молам, вклучете се во расправата. Ве молам почитувани колеги, да гледаме на расправата како можност за интервенција во слабости, а ќе ги поздравиме добрите работи. Ако сакате ќе зборуваме дека е добро да се сменат и душеците во болниците. Добро е да се купат и нови опреми, но битно

инвестициите и целиот состем да биде промислен и е временски адаптиран. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика и има реплика господинот Шокаровски Харалампие, повелете.

**Харалампие Шокаровски:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега Величковски, морам да истакнам дека истакнавте многу небулози и очигледно влеговте во шемата на малициозност на вашиот коалиционен партнер.

Би сакал да истакнам повеќе работи, прво сакам да се задржам на вашата Програма која, отвоарјќи на сајдот на Либералната партија во секторот здравство, веќе кога сакаме да бидеме малициозни, тоа да го направиме коректно, во секторот за здравство вика: со извинување, меѓутоа овде не се најде никакви резултати во архивата. Тоа покажува за вашата изборна програма и колку се грижите за здравството вака претходно. Многу лесно критизирате и да навлегувате во шемата на вашиот коалиционене партнер, пак ќе ви кажам.

Што се однесува до малициозната, тука би се надоврзал и на дискусијата пред малку и на воведничарот на оваа тема од вашиот коалиционен партнер и на дел од вашата дискусија, би сакал низ еден попластичен пример да ви кажам како функционираше здравството кога го раководеа кадри на СДСМ.

Ќе земам пример, токму критикуваната болница во Охрид каде што во моментот се изведува реконструкција односно е пропратена со различни проблеми. Токму тој истиот објект во 2005 година, тогашната директорка, кадар на СДСМ изврши препокривање на кровот и како што кажа господинот Диневски, мислам дека мислеше на тој случај кога само после две недели од тогашната реконструкција која ја направи СДСМ покривот го собираа на едно 500 мерти понатака. Така да мислам, кога бараме аргументи да ги соочиме и да ги споредиме со нашите аргументи, затоа и вашите реконструкции дури ви е срам да ги кажете бидејќи беа мизерни. Тоа е најневулгарно што можам да се изразам по однос на оваа тема.

А во однос на небулозите за втор столб за здравствено осигурување итн, со политиките кои вие ги застапувате тоа е чиста утопија. Или нарушување, кажавте дека министерот ги нарушува односите меѓу чинителит во здравствениот сектор. Како? Со тоа што јавно ги истакна проблемит кои се во здравството. Дека ги ажурира менаџерите да си ја вршат работата признавајќи ги дел од слабостите на ситемот? Па барем ние ја имаме таа доблест. Каде беше тоа во последни 20 години наназад. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Ивон Величковски има контра реплика, повелете.

**Ивон Величковски:** Благодарам претседателе.

Се надевам дека министре нема да дозволите да ве бранат вашите подржувачи бидејќи така лошто ќе бие за вас.

Видете колега. Имаме еден проблем, ако вие зборувате за паднати покриви, треба да се потсетиме дека Тетовската болница однесе живот кога падна покривот. Но не е поентата да ги зборуваме само последиците. Понтата е дека овде ви фалат системски решениеја.

И сега да бидатм искрен. Ако министерот посветува 24 саати од своето време да оди да лови бубачки или да цени редовност на вработени тој има проблем. Нема систем и хиреархија под него и не му функцонира практично ресорот што треба да го води.

Трета работа, ќе ве замолам да ми одговорите, ако сте денеска болен, дали одите да се лечите во 2004 или 2005 или одите на лекар денес. Така гледајте ја оваа информација, така гледајте ги потребите од одговорите на проблемите со кои се соочува здравството. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен за збор и има збор господинот Петров Андреј, повелете.

**Андреј Петров:** Благодарам претседателе.

Би сакал на почетокот да контрирам на онаа теза која тука се обидоа да ја изнесат колегите од владеачкото мнозинство дека СДСМ е малициозен и дека, по секоја цена, наоѓа нешто да критикува дури и таму каде што немало простор за критика.

Јас би контрирал со еден аргумент кој е недвосмислен, а тоа е она што беше наша подршка на Законот за лековите во кои намалувањето на лековите го подржа пратеничката група на СДСМ во двете фази, што мислевме и сметавме дека тоа е во интерес на граѓаните.

Втората теза околу тоа кој ни ги бира темите и дали е таа правилна или погрешна, дозволете дека тоа е прво наша проценка, а втора работа со која сакам да ви контрирам е рејтингот на Собранието на Република Македонија кој се покачува токму поради тоа што и опозицијата, тоа е единствено место каде што ја има опозицијата, ја нема во Владата, со свои дискусии придонесува за покачување на рејтингот на Собранието и оние 42 пратеници на СДСМ и коалцијата кои значително ја променија сликата во Парламентот после парламентарните избори, нормално и владеачкото мнозинство меѓутоа владеачкото мнозинство е и во Владата, а опозицијата не е во Владата. Претседателот на Собранието е дел од Собранието, првиот човек на Собранието.

Би сакал прво да се осврнам на она што вие господине министре, бидејќи вие сте тука во салата, го зборувавте и во Вести и во вашето

интервју сега за викендот од маркетиншки аспект одлично. Меѓутоа здравството не е маркетинг. Аспектот дека сакате да оставите впечаток на теренски човек и дека треба да се оди надвор од кабинетот, тоа е добро. против тоа не е никој. Меѓутоа, сликата што ја создавате таму во тоа интервју е многу различна од сликата што ја чувствуваат граѓанните на Република Македонија и јас сакам сотоа сега да дебатирам.

Прво, факт е дека јавните здравствени установи се во долг. Сосема неточна е тезата што ја пласирате дека од 0 долг вие се напрвиле нешто 50 милиони евра долг. Во 2002 година СДСМ наследи од ВМРО-ДПМНЕ долг од 100 милиони евра. Проверете. Проверете го бкупниот долг и на Министерство за здравство и на Фондот. Тоа го враќаше и не дебатираше како било претходно. Работеше и го враќаше. Дојде нова власт, таа нова власт истоод некаде продолжи, меѓутоа долгот се врати целосно во 2008 година. Од 2008 годинадо 2011 година има нови 50 милиони евра долг, и тоа 23 милиони евра на јавните здравствени установи и долг на Фондот за здравство. Да не зборувам за доцнење на исоплата на боледувања, за доцнење на исплата на капитациите, бидејќи ние не зборуваме сега само здравството овој период кога Вие сте министер. Има серија настани во претходниот период што се случуваа во здравството и што директно ги чувствуваа граѓаните, да не може да си вратат пари од Фондот, да им доцнат парите за боледување, за родилките, за докторитѕе. Од 30 дена пари за капитација за лекрите ги зголемивме на 90 дена сега и тие 90 дена не се почитуваат. Главна тема на дискусијата е и околу медицинската опрема. Тезата што некој се труди да ја изложи некој пред нас е, добро, ние вложуваме носиме пари што вие направивте, што вие вложивте. Ние не спориме со тоа дек асе троашат пари во здравството. Спориме со тоа како Собрание трошат парите во здравството. Спориме со приоритетие и начинот на кој тоа се одвива.

Медицинската опрема што требаше да чини 40 милиони евра се набави за 68 милиони евра, затоа ашто се плаќало на 4 годишни рати. Дозволете, со вакво нетшо, тој што го кажал, а тоа е поранешниот министер за здравство може да влезе во Гинисовата книга на рекорди. Па каматите од коцкарските долгови под лихва земени се помали од таа камата што ја плати Владата на Република Македонија односно државата, граѓание на Република Македонија од 28 милиони евра. На лихва да земете парри ќе платите помалку. И сега тоа некој не убедува дека тоа е стратешки и мудар потег. Не е. Голем дел од опремата сеуште не е во функција. Премиерот Груевски некаде во април 2010 годи на ќе биде во функција. Еве од тогаш помина неколку време, скоро 2 години целата опрема не е во фукција. Голем дел од опремата што не е инсталирана е во ходниците. Само за илустрација можеме да зборуваме, да речеме апаратите за магнетна резонанца. 3 во функција 3 не е . Прашање и тие што се во функција како работат, а тоа се правсда со недостаток на едукација на медицинскиот персонал. Но јас сакам да ви кажам дека тоа е обратен редослед. Прво се почнува со едукација со подготовка на условите во болниците па потоа се набавуваат апарати. А не апаратите, надвор од функција, да стојат по ходниците. Или, онас што го имаме случај, акцелераторот, тоа е највредниот, најскапиот дел од медицинскааљ опрема. Сеуште го немате бункерот почнато да го правите. Тој не е направен, а секој кој ја знае оваа проблематика, знае дека тоа ќе му земе година, годинаипол, додека се направат условите. Така што не е воопштоточно дека целата опрема е во функција. Најсуштинскиот најскапиот апарат не е во функција, а опремата се најавуваше уште од 2007 година. Првите најави почнаа некаде во 2007 година сега сме 2012 година, значи некаде до 2014 година може да чекаме д биде во функција.

Би сакал да истакнам дека тоа што вие го најавувате и гледам Владата донесе одлука 200 нови доктори да се примат, специјалисти. Меѓутоа дајте, видете, свртете се малку назад. Видете колку волонтери имате на клиниките кои не ги примате на работа. Сакате да ви дадам примери каде луѓе волонтираат по 5 години, звршиле приватно и специјализации, а на нивно место се примаат по принципот фифти-фифти луѓе на коалиционите партнери во власта. Ги имам. Не е добро заради луѓето, бидејќи ако ги кажам ќе им направам на луѓето повеќе зијан отколку корист и подготвен да ви ги кажам вам.

Во делот на здравството, исто така направивте како Владата авантура со намалување на здравствениот придонес. Заради тоа што проекцијата дека со поголем број на вработувања ќе се полни фондот се покажа како погрешно. Суштината покажала дека за овие години, бројот на вработени во Македонија не може да го компензира драстичното намалување на здравствениот придонес. Тие средства се алиментираат од Буџетот на Република Македонија со дотацијата што Министерство за финансии ја префрла на Фондот. Никој не е против ако нема таму пари да се префрлат,меѓутоа зошто тие пари што можат и за други работи да се користат се користат за овие работи. За функционирање на здравствениот систем за тријажата, зборуваше колегата Менде Диневски. Не може без акредитација на здравствени установи, тогаш предупредувавме и кога го предложивте Законот да се бара тринажен систем во кој граѓаните можат да одат по строго одредена линија. Тоа треба да биде така ама прво треба да бидат целосно функционални целосно екипирани да бидат во функција болниците. Не сакам да користам трагични примери кои ги имаше, да не користам луѓе тука од Парламентот и наши колеги кои можеа да се соочат со сериозните последици кои

здравствениот систем во државата ги остава и на семејствата и на луѓето не дај Боже било кој тоа на своја кожа да го почувствува. Во делот на интегрираниот здравствен систем кој требаше да биде направен не функционира. 10 милиони евра се потрошени, не функционира. Исто така поставуваните камери, разбивањето на Клиничкиот центар се работи кои исто така не сакам да ги дебатирам и иницијаторите дел на поранешната Комисија за здравство на ВМРО ДПМНЕ, ако со нив разговарате на само ќе ви кажат дека тоа е грешка и дека е увидена ама сега не можеме да ја признаеме. Како да одиме сега напред кога сме стартувале од грешка.

Исто така би сакал да истакнам дека реконструкцијата на објектите не дај Боже да биде реконструкција како онаа во Охрид, за тоа сте вие свесни. На болница вие да ставите 2,3 метри таван секој знае дека од тоа болнивца не бива. Ама тоа не е направено туку така, тоа е направено со намера. Таа намера ќе ја чувствуваат граѓаните на Охрид кои нема да можат да ја користат болницата. Меѓутоа Државниот завод за ревизија многу јасно пишува таму што се треба да се направи и вие имате одговорност како министер тоа да го направите и да го спроведете. Благодарам.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Министерот за здравство има реплика, повелете.

**Никола Тодоров**: Благодарам претседателе.

Одлучив да се јавам за реплика на вашето излагање на вашиот говор почитуван пратеник Андреј Петров затоа што сте генерален секретар на СДСМ и ова повеќе да биде реплика на целата денешна дискусија. Инаку ги почитува, вашите ставови, многу често и сме дискутирале со вас на темите поврзани со здравството и обично аргументирано дискутираме. Мислам дека тоа е една од клучните придобивки на демократиајта која треба да ја развиваме и затоа се одлучив токму на вас да ви реплицирам. За целиот овој период откако јас сум министер се обидувам постојано да работам обидувајќи се да најдам решение за проблемите што ќе ги констатирам и се надевам дека тоа го правам без при тоа да размилувам дали со отворањето на некој проблем ќе наштетам на себе си или на некоја политика што е спрпведуван пред шест месеци, пред една или три години. Во моето дејствување не се обидувам да гледам дали некој проблем што е настанат како резултат на грешка направена од СДСМ или ВМРО ДПМНЕ, дали е настанат од некои од моите претходници или е настаната како резултат на моето работење. Се обидувам сите проблеми што ги има да ги пресретнам и да ги решам.

Затоа моите прашања се дали е штетно и дали придонесува за колапс или хаос она што го направивме во изминатите неколку месеци. Дали е лошо тоа што се изборивме за сеериозно намлување на цената на лековите. Тоа знам декаќе речете не е лошо затоа што и вие го поддржавте и тоа беше доблесно од вас, посебно од вас господине Петров. Дали е лошо тоа што одлично се изведе постапката за закуп за делот кој што го користи Филип Втори и тие милион евра годишно ќе се употребуваат за реконструкција на Воена, сега Нова градска болница 8-ми септември. Дали е лоша одлуката да набавиме душеци за сите клиники, за Нова градска и стара градска болница во Скопје, 2000 душеци, нешто што не е направено во последните 20 години. Дали е лошо што ќе набавиме кревети. Дали е лоша одлуката да се вработат 200 специјалисти во јавното здравство во услови кога Европа се тресе, кога секој ден гледаме дека се борат како да го заштиат еврото. Дали и тоа не чини, дали и тоа придонесува за хаосот. Јас сакам денес така да ја водиме дебатата, да ја водиме дебатата со аргументи, да видиме каде можеме нешто да помогнеме, каде можеме нешто да поправиме, а не дабиде дебата на ровови, кој направил лошо во време на ВМРО ДПМНЕ, кој направил добро во време на ВМРО ДПМНЕ, или кој направил лошо или добро во време на СДСМ. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Петров Андреј има контра реплика, повелте.

**Андреј Петров:** Благодарам.

Почитуван министер благодарам за репликата. Би сакал да кажам дека дел од тие работи што ги кажавте не се лоши, ама вие сте министер за да ги решавате системските проблеми ба државата.

Еве, јас ви отворам еден нов системски проблем кој го правите. Не можете да кажете дека здравството е бесплатно па потоа да го лимитирате тоа на приход во семејството што треба граѓаните да ги имаат на 135.000 годишно или 11.000 денари месечно по семејство, па потоа и тие 11.000 денари месечно по семејство да бидат многу па да го сведеме на 7000 и нешто денари по семејство. Тоа покажува несериозност во планирањето на здравствената политика. Тоа покажува дека се влегува во авантура без да се размисли кои се последиците по граѓаните на Република Македонија. можеби ќе кажете јас тоа не го направив или тоа почна во друг период. Меѓутоа и да не кажевте така вие сте министер, вие имате одговорност за состојбите сега во здравството и системските состојби сега треба да се решаваат.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Госпоѓа Авировиќ Владанка има реплика, повелете.

**Владанка Авировиќ**: Благодарам претседателе.

Јас повеќе оваа дневна расправа ја разбирам навистина како дел од една политика што ја води перманентно во последниот период СДСМ. Меѓутоа вие малку начнавте на дел од системот на проблеми кои се јавуваат и во тој контекст мислам дека одговорно го дадовте својот придонес на дебатата. Меѓутоа почитуван колега, во вашата информација не се споменува што е тоа колабирало, што е тоа што довел системот до пад, кои анализи ги имате за да можеме да

зборуваме за пад на еден систем на јавно здравство. Патем не се осврнувате на ниту еден друг чинител кој што го сочинуваат здравството во Република Македонија, ниту на последиците на економските кризи кои што упатуваат на тоа дека помалиот раст на економијата доведува и до помал процент на внес на средства во социјалното осигурување, на здравствената заштита итн. Тие посебни сегменти сигурно дека не се доволни во една ваква дебата и треба перманентно да ги отвараме. Она што мене ми пречи е тоа што не давате никаква анализа ниту на еден фактор кој што сочинува системот на јавно здравство кои што се всушност само 111 јавни установи без да дадете перцепција за сите останати чинители кои што го сочинуваат системот на здравствено осигурување во Република Македонија, што би значело приватни специјалистички установи, што би значело здравствен систем од лекари во примарна здравствена установа, а ги има 1724 на број, што би значело за лекари, стоматолози 1116 на број во Македонија, 731 аптека кои сите имаат договори со Фондот за здравствено осигурување е за внатре во системот кој што го градиме перманентно. За да кажеме дека еден систем колабирал треба да имате податоци и анализи. Дали е ставката на смртност зголемена или намалена, дали стапката на излечени пациенти е зголемена или намалена, дали се бројот на хоспитализирани лица намалени или зголемени. Дали во Извештајот на Европската унија овие посебни фактори влијаат на нашата оценка. Дали пациент кои се лечеле во приватните установи па тие неизлечени се враќаат во јавните здравствени установи и каква е таму споредена цифрата за да можеме да дадеме ние еден квалитетен приказ, ништо од ова не давате. Ова е начнување на една тема без конкретни анализи и очигледно е дека во текот на расправата заклучоци ќе дадете. Во отсуство на ваши анализи, во остуство каков е јавниот сектор денес во споредба со претходниот период, како не третираат нас во Обединетите нации, во процент на смртност, во на издвојување, во процент на квалитетно давање на услуги, ништо од тоа не слушнавме. Јас очекувамво дебатата дека барем еден дел од тие податоци ќе ги дадете зошто зборувате за колапс. Дајте ги однапред за да можеме д ги видиме сигналите како ние ќе се однесуваме.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Петров Андреј има контра реплика, повелте.

**Андреј Петров:** Благодарам претседателе.

Благодарам за репликата на почитуваната колешка. Има податоци, еве ги, во Македонија бројот на лекари е 254 на 100 илјади жители, што е многу помалку од европскиот просек 370 лекари на 100 илјади жители. Ако сакате да земеме една област, во Македонија смртноста на новороденчињата е 17 на илјада жители, што е многу повеќе од европскиот просек што е 60 на илјада, во некои земји 10 на илјада. Тоа се бројки кои се факт, не ги измислил СДСМ, тоа се факти кои постојат.

Исто така, не можеме да зборуваме за малиционзност на опозицијата а да не ја гледама малиционзоноста на другата страна. Предложивме нов клинички центар да се гради, јас излегов на прес конференција, излезе други ден заменик министерот и ми вели вие ја украдовте идејата од нас, само што не сме почнеле на градиме. Тоа беше пред година и пол, но уште нема физибилити студија и пари во буџетот за подготвителни активности, а тоа беше само онака најавено.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Господинот Пачемски Миле има реплика, повелете.

**Миле Пачемски**: Благодарам претседателе.

Почитуван колега Андреј Петров, ве почитувам и како искусен пратеник и како искусен лекар. Не е спорно дека ние двајца како лекари сакаме да имаме идеален здравствен систем. Но во исто време сме свесни дека таков идеален здравствен систем во светот на постои. нема систем во кој што сите лекари и сите пациенти во исто време ќе бидат задоволни. Не е спорно дека како пратеник од опозцијата давате негативна конотација на некои проекти кои што се остварија во последно време, некои програми, некои новитети кои што се воведоа. Тоа е сосема во ред и тоа е ваше легитимно право. Меѓутоа ќе се сложите со една констатација дека во последните неколку години се случија тектонски промени во позитивна насока во здравствениот систем. Таква инвестиција од скоро 200 милиони евра во набавка на мединцинска опрема и во реконструкција на јавните здравствени установи ниту имало ниту ќе има уште долго време. Се разбира дека од овие инвестиции ќе имаат ефект пред се пациентите, но исто така ќе има позитивен ефект и врз самите здравствени работници односно лекарите. Можеме да констатираме дека за прв пат после 15 години јавните здравствени установи вака реконструирани, обновени и опремени со нова опрема за прв пат ќе бидат рамноправни, конкретни на приватните болници во Република Македонија. да ја земеме на пример новата Гинеколшка акушерска клиника, таа има нови просттории, подови, комплетно нова инфраструктура и комплетно засилена медицинска опрема. Во ништо не може да заостанува, па дури може и да ги надмине оние услови што се во Ремедика, Систина и Свети Лазар. Исто така, ќе се согласите дека политиката на лекови што ние ја водиме веќе 4 или 5 години преку ова Собрание дава навистина позитивен ефект и тој ефект е пред се во интерес на пациентите, каде што имаме драстично намалување на цената на лековите иако во помала мера има позитивен ефект и во финансиите на Фондот за здравствено осигурување. ќе се согласите колега Андреј Петров дека навистина оваа опрема ни е потребна и како лекари добро знаеме дека не

можеме да откриеме рак на мозокот ако немаме комјутерски томограф или рак на дојка кај жена како немаме мамограф, не можеме да откриеме рак на желудник ако немаме добар ендоскоп. Не можеме рак на јајник или на црн дроб ако немаме добар ултразвук. Не можеме да откриеме рак на меки ткива или на црева ако немаме магнетна резонанца. Сите овие ефекти како позитивна конотација ќе ги имаат пациентите во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Петров Андреј има контра реплика, повелте.

**Андреј Петров:** Благодарам.

Благодарам за реплика. Би сакал неколку работи да во кажам.

Прво Клиниката за гинекологија не ја спомнувајте, три пати ја спомнувате. Три пати ја отворавте, ако вистинското отворање е сега кога ја отвори министерот, зошто ја отворавте претходно неколку пати. Ве прашувам одговорете ми зошто, ако вистинското отворање беше сега кога министерот и премиерот ја отвораа пред избори, уште еднаш ја отвораше и претходниот министер и тоа не е коректно.

Во однос на конкуретноста на јавното и приватното здравство знаете зошто не може да биде јавното здравство конкуретно со Систина Аџи баден и со Ремедика? Заради тоа не може ангеограф во јавното здравство на тендерот на медицинска опрема да биде купен за 4 пати повеќе пари отколку што се купува по фактури, по царинска декларација од приватните болници. Ако сакате можам да ви ги доставам. Четири пати поскапо се платени апаратите кои се купени во јавното здравство од царинските декларации на две приватни болници во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Следен пријавен за збор и има збор господинот Димовски Илија, повелете.

**Илија Димовски**: Благодарам.

Одговорна и сериозна е оваа дебата околу состојбите во здравството во Република Македонија, меѓутоа, одговорно и сериозно е да ги погледнеме внимателно сите околности кои придонеле за ваквата состојба и без розови или црни очила да дискутираме прецизно или јасно.

Овие денови поради најавата дека ќе се дискутира за здравството во Собранието до мене стиган пресуда со која се усвојува тужбеното барање на тужителот Република Македонија односно Министерството за здравство против Трговското друштво за промет и услуги Венекс, Весна и други, ДОО Експорт импорт од Скопје за договор склучен меѓу ова трговско друштво и Клиничкиот центар во октомври во 2005 година за управување со паркингот во рамките на Клиничкиот центар. Судот на Република Македонија одлучил дека договорот склучен во 2005 година е ништовен поради три основи. Прво, бидејќи тој договор е потпишан во постапка што не е спроведена согласно Законот за јавни набавки, второ, органите што го потпишале немале надлежност во оваа област во однос на предметот на овој договор и трето, на отворениот повик за набавка за точно определување на предмет на јавната набавка спротивно на условите од отворениот повик е склучен предметниот ништовен договор. Спротивно на самиот отворен повик е склучен овој договор. За што станува збор? Станува збор за договор склучен во 2005 година од луѓето на СДСМ за управување со паркинг просторот во Клиничкиот центар. Со овој договор на оваа фирма и се отстапени 9 666 метри квадратни површина за паркинг во рамките на Клиничкиот центар. Оваа фирма од тогаш наваму си го наплаќа паркингот од граѓаните. Ако наплаќа по 50 денари и дневно отприлика 1500 возила се паркирале во рамките на Клиничкиот центар, станува збор за сума од 507 095 евра годишно. Значи 507 илјади евра биле одземена како евентуална добивка за здравствениот буџет, што вкупно би значело 3 549 668 евра изгубени пари поради криминално потпишан договор помеѓу раководството на Клиничкиот центар во време на СДСМ со приватна фирма за стопанисување со овој паркинг простор. 3,5 милиони евра во овие неколку години се излеани наместо како добивка за Клиничкиот центар за клиниките, за Министерството за здравство, за државата Република Македонија во приватни џебови. Така почитувани колеги СДСМ се грижеше за здравството кога беше на власт. Затоа ние денес велиме не дека сме отповарени и оседнати со времето од СДСМ, туку велиме, господа, за да почнеме да веруваме во вашата искреност и за да не ви велиме дека сте малициозни, барем сменете ги кадрите кои зборуваат сега и кои зборувале тогаш. Во раководството на СДСМ и денес и тогаш се истите луѓе, во пратеничката група на СДСМ и денес и тогаш седат истите луѓе, со чест на некои исклучоци. Затоа велиме немаме со кого да зборуваме на оваа тема, не дека не ве почитуваме. Вие како личносто можеби си носите одредено знаење, професионален кредибилитет и др.

Меѓутоа зошто си дозволувате да зборувате за здравство, кога зад вас стојат толкави големи скандали и афери. ВМРО ДПМНЕ е 6 години на власт, ВМРО ДПМНЕ не си дозволи, иако се сменија многу гарнитури, многу министри, многу директори на клиники, не си дозволи таков скандал, не си дозволи такво промашување како што вас ви се случил. Меѓутоа ајде да зборуваме за конкретната состојба сега. Почитувани колеги, долгот на 31.12.2002 година изнесувал точно 897 милиони 545 илјади денари. Прецизно и точно. Долгот на 31.12.2005 година, изнесувал, 3 милијарди 480 милиони 635 илјади денари. Што е господине Андреј Петров, за 4 до 5 пати повеќе од она што сме го наследиле. Сите тврдења, сите тврдења дека Владата на ВМРО ДПМНЕ во 2002 година го оставила во здравството не знам какви долгови. Па затоа вие сте оставиле на другата влада паѓаат во вода. Вие на Владата на ВМРО

ДПМНЕ 2006 година сте ја оставиле над 3 милијарди денари долгови.

Понатаму господине Андреј Петров, состојбата во овој момент е милијарда 433 милиони. Што значи дека за 60% се намалени долговите и на Фондот за здравство и на јавните здравствени установи. Овие се јавни бројки, јавни податоци. Затоа си дозволувам да зборувам до ситница, до денар господине Андреј Петров, за да бидеме јасни пред граѓаните кога обвинуваме дека се зголемени долговите, да кажеме какви биле бројките. И ние кога некогаш сме биле на власт и вие кога сте превземале и денеска каква е состојбата.

Понатаму, една од тезите кои што ги употребувате е за бројот на вработени во здравството, односно за немањето на квалитететен кадар. Пак ќе зборувам со бројки. Медицинскиот кадар во клиничките установи во Скопје кога вие сте биле на власт бил 2550 луѓе, денеска тој е 2702. Значи, за приближно 150 луѓе е зголемен бројот на медицинскиот кадар во клиничките установи. На ниво на работени во здравствените установи тој е намален за 600 луѓе, меѓутоа, тоа е поради природниот излив на кадар заради одење во пензија и поради изливот на кадар во приватните клиники. Меѓутоа, ќе го искористам примерот со мојот град. Во Велес само во последните три години се примени 15 доктори. Последното примање на доктори беше пред 10 години. Значи 10 години никој не водел сметка за тоа колу кадар ќе има велешката болница. 15 луѓе веќе се примени на работа, а вчера слушнавме дека Министерството за здравство планира и дополнителен број на вработувања во велешката болница. Тоа исто важи за сите болници кои што се наоѓаат надвор од централата од Скопје. Тоа истото важи и за болницата во Битола и за болницата во Прилеп и за болницата во Штип и во Струмица и во Тетово и тн. Аради периодот во кој што е случен изливот на кадар, брзо се реагира.

Понатаму, почитувани колеги, тезата за буџетот на Фондот за здравство не ви е точна. Зошто? Придонесите од платите во буџетот на Фондот во 2006 година изнесувале господине Петров 9 милијарди 448 милиони. Во 2010 тие изнесувале 10 милијарди 758 милиони. Значи, приливот на средства по однос на придонеси во буџетот на Фондот за здравство е зголемен за повеќе од една милијарда. Меѓутоа, исто така е зголемен и трансферот на средства од буџетот на Република Македонија во буџетот на Фондот. Каде се случува разликата? Разликата се случува во тоа што за многу пати е зголемен обемот на здравствени услуги и здравствени програми кои што Република Македонија ги нуди на граѓаните во споредба со она што сме го имале во 2005, 2006 година. Значи, и по основ на финансирање од буџетот на Република Македонија. И по основ на придонеси на плати ќе има зголемување на приходите во буџетот на Фондот. Иако Република Македонија по стапката на наплати и на придонеси е една од најниските држави со 7,30% за Фондот за здравство. Што значи, македонските граѓани во споредба со Полска, Србија, Словенија, Чешка, Словачка, Романија, Црна Гора, Унгарија, Хрватска, плаќаат многу помалу за здравствениот систем од тоа што го плаќаат граѓаните на овие држави кои што претходно ви ги спомнав.

Се бројат последните секунди воопшто да не почнувам на оваа тема ќе се обидам во репликите да објаснам што е она што е плус направено во последните неколку години.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен за збор е господинот Драган Цуклев, повелете.

**Драган Цуклев:** Благодарам претседателе.

Очигледно е дека опозицијата е свесна дека ја губи битката, политичката битка за темата здравство и за тоа останаа уште двајца во Парламентот, а и никој не се јави за реплика на говорот на колегата Илија Димовски.

Самата информација за состојбите во јавното здравство поднесена е од колегите пратеници од СДСМ и нивните коалициони партнери именувана како колапсот на јавното здравство како резултат на политиките на Владите на Никола Груевски во изминатите 6 години е базирана паушалноста и впрочем содржи дел од излагањата на колегите пратеници од опозицијата кога една исто ваква информација беше тема на собраниска расправа во изминатиот пратенички состав, некаде во декември 2010 година. Кога се зборува за состојбите во здравството, не можеме, а не верувам дека некогаш ќе можеме да кажеме дека се идеални, меѓутоа ниту од далеку не може да зборуваме дека за денешниве состојби во здравството, дека здравството е во колапс, агонија и слично. Затоа што фактите и бројките го покажуваат спротивното. За да се даде реална слика за состојбите во здравството, истата треба да биде базирана на аргументи, дали имаме нагорен, или надолен тренд во одредени области. Дали има инвестиции во опрема, дали има инвестиции во реконструкција на здравствени установи, дали имаме зголемен, или намален степен на рационало трошење на здравствениот денар, да се направат компаративни анализи со состојбите во здравството во други држави со ист, или сличен степен на економска моќ и да се направат компаративни анализи за состојбите во здравството кога состојбите во здравството ги менаџираше една друга гарнитура предводена од СДСМ која патем е прво потпишана на оваа информација.

Колеги, реформата на примарната здравствена заштита ја реализираше токму оваа Влада во 2007 година што доведе до стимулирање на лекарите од примарната здравствена заштита за подобрување на квалитетот на здравствената услуга, затоа што од тој квалитет ќе ни зависи и бројот на пациентите и месечниот надомсеток што го добиваат од Фондот. Ова е чекор напред во споредба со урамниловката која шт постоеше до 2006 година. Во 2009 година за прв пат после 10 години капитацијата беше зголемена од 45 на

50 денари. Точно е дека во кризната 2010 беше намалена на 45, во 2011 повторно беше вратена на 50 денари. Капитацијата за гинеколозите од срамните 19 денари до 2006, денеска е 50 денари по пациент. На два пати беа зголемени платите во јавното здравство од по 10% што кумултивно значи повеќе од 22%,23%. Во 2008 година Владата одвои 1,7 милиони евра за набавка, односно ја финансираше набавката на ЕКГ апарати во 1600 приватни здравствени установи во општа, трудова медицина и педијатрија и 130 колпоскопи во сите гинеколошки здравствени установи. Значи, по илјада евра за секоја здравствена установа за набавка на ЕКГ апарати, за набавка на колпоскоп што драстично ги зголеми превентивните капацитети на македонското здравство. Наместо редици за чекање пред аптеките од 1 до 5 период во кој што веледрогериите вообичаено ги дистрибуираа лековите до аптеките, а после до следниот први, празни рафтови во аптеките. Денеска имаме комплетна снабденост на аптеките со лекови и тоа не само во 120 аптеки колку што ги имаше до 2006, туку вкупно во 751 аптека. Кога сме кај лековите колеги, покрај снабденоста и достапноста на истите до граѓаните, односно територијалната покриеност на државата со аптеки, да ги потенцираме и заштитата на граѓаните и на здравствениот систем што се направија како резултат на политиките на владите предводени од Никола Груевски кои што вие ги опишувате како колапас, кома, агонија и не знам што друго. Оваа Влада во првите од овие 6 години го намали ДДВ за лековите од 18% на 5%. Тука да не заборавиме, процентот на ДДВ за лекови и медицински потрошен материјал и до 2003 година, беше 5%. Владата предводена од Бранко Црвенковски го зголеми од 5% на 18%. Владата предводена од Никола Груевски го намали од 18% на 5%. Ваш лидер и ден денеска е Бранко Црвенковски, истиот оној кој го зголеми ДДВ за лекови и медицински потрошен материјал од 5% на 18%. Бројот на лекови кај кои се намалени единствените цени само во последните две години е 180, а вкупниот број на намалени референтни цени е над 400. Од вкупно 344 генерики на лекови колеги, 248 генерики имаат лекови без доплата или се со доплата до 100 денари. Значи, вкупно 80% од вкупните лекови во Македонија се без доплата или се со доплата од максимум 100 денари. Вкупните заштеди кај граѓаните од намалувањето на цените на лековите само во последните две години се околу 2,5 милиони евра. Заштедата на здравствената каса е околу 3 милиони евра. Значи, вкупната заштеда на системот од намлувањето на цените на лековите само во последните две години е 5,5 милиони евра. Значи, за исти пари имаме далеку повеќе лекови и далеку поголема снабденост на аптеките со лекови. Имајќи ги во предвид апелите за помош за лекување во странство кои се застапени во медиумите и кои што опозицијата ги користи за давање на искривена слика за состојбите во здравството, не треба да се манипулира јавноста, туку треба да се каже дека се работи за 20% учество на осигурениците во вкупната цена на здравствената услуга за лекување во странство. Кога сме кај лекувањето во странство споредбените анализи за период во овие 6 години и периодот пред 6 години покажуваат дека бројот на лицата упатени на лекување во странство е зголемен за 53%. Средствата издвоени за лекување во странство се зголемени за 38%. Значителна и заштеда и олеснување се направени особено кај офталмолошките интервенции. Фондот за здравствено осигурување склкучи договор со две очни здравствени установи и го намали бројо тна лекувањата во странство, за овие итервенции ги намали трошоците за лекување во странство, затоа што очните интервенции беа 50% од вкупните лекувања во странство во 2010 година. Сега пациентите наместо да плаќаат 200 и повеќе евра партиципација за лекување во странство, наместо да биде поголем трошокот на здравствената каса, пациентите денес плаќаат максимум 6 илјади денари партиципација за лекување во земјата, како горна граница за учество на осигурениците во цената на здравствената услуга. Во 2008 година колеги, донесен е закон за биомедицинско подпомогнато оплодување. Денеска, односно во последниве две години без никакви ограничувања сите што согласно медицината базирана на докази имаат индикации за биомедицинско подпомогнато оплодување или инвитро, можат со ваучер од Фондот истото да го остварат во една од седумте акредитирани здравствени установи за инвитро. Кога станува збор она што често пати сме сакале да го спомenуваме, редовноста во исплатата на надоместок за боледување и породилно отсуство. Не треба да се манипулира јавноста дека боледувањата доцнат 5 и повеќе месеци. Колеги, исплата на надоместок за боледување покрај од ликвидноста на Фондот, зависи од редовноста во исплатата на придонесот за здравствено осигурување и во ажурноста во поднесувњето на документацијата до Фондот за здравствено осигурување. Со цел да се забрза целиот овој процес на аплицирање и исплата на надоместок на боледување Фондот спроведе административна гилотина и го намали бројот на потребните документи за поднесување на барање за надоместок за боледување од 10 на 3 документи. На овој начин дополнително е намалено потребното време за аплицирање и исплата на боледувања. Денес боледувањата се исплаќаат во рок од 30 дена, а породилните во рок од 15 дена од законскиот рок за исплата на плата. Шт значи за октомври месец ако е законскиот рок за исплата на плаата 15 ноември, боледувањата се исплатени заклучно со средината на декември. За да се направи оваа административна гилотина, да се забрза целиот процес на исплата на боледувања потребно беше електронско поврзување на Фондот со Агенцијата за вработување, со Фондот за ПИОМ, со Управата за јавни приходи. За ваквото електронско поврзувње покрај тие сродни институции, и Фондот вложи многу средства во набавка на

компјутерска опрема. Во 2007 година беа набавени 500 комјутери и пет нови сервери со што се направи интегриран информациски систем со што беше овозможено да се планира и воведување на електронска здравствена картичка и плаќање на здравствените установи по ДРЏ методот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Прв за реплика госпоѓа Станка Анастасова, повелете.

**Станка Анастасова:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега, ова што го кажувавте, дали сакате сами себе да се излаќете, или да ја излажете македонската јавност. Реформите во примарната здравствена заштита сте ја направиле вие. Каква ноторна лага? Бев директор во тоа време и јавноста зне дека стоматолозите беа приватизирани како матични стоматолози во 2005 година, а во делот кај медицинарите матичните лекари тоа се случи во време кога СДСМ беше на власт. Вие дојдовте во јуни 2006 година, на власт, кога целата програма за примарното здравство беше завршена, направена, само почнавте да го спроведувате тоа од 1 јануари 2007 година. Значи, такви лаги не смеете да кажете. Вие сте пратеник и овде треба да ја кажувате ислучиво вистината. Наместо да продолжите со реформите во секундарното здрвство, а по натаму во терцијарното, вие веднаш се зафативте со растурање на клинички центар, со назначување на двајца менаџери за да ги задоволите партиските апетити односно на луѓето кои што трчале за вас на изборите, а сето тоа беше на штета и на здравствениот систем во Република Македонија најмногу на штета на здравјето на граѓаните.

Се фалите дека многу имате направено во делот на превентивната здравствена заштита. Како можете тоа да го кажете кога пред неполн месец го изгласавме буџетот за 2012 година, каде што нашироко расправавме зошто се намалуваат средствата кои што беа претходно одделени за 2012 година за во делот на превентивната здравствена заштита. Имено, за оваа година се одвија 363 милиони денари и 500, а во 2011 година, 100 милиони денари беа повеќе одвоени во делот на превенцијата, значи, здравствена заштита за превенција. Сите медицински лица занаат што значи да се вложува во превенција. Значи дека по тоа ќе имаме помалку оштетување на човековото здравје и помали трошоци за лекување кога веќе ќе настане болест. Ако веќе сметате дека многу сте направиле во делот на првенција што се однесува на ХПВ вакцината, грешите. Сета таа работа е поставена наопаку. Тоа требаше да биде иницијатива од стручната јавност, од медицинската фела, понатаму постепено, најпрвин треба да го кажат зорот да, лекарите, а потоа да правите реклами и да се промовира помеѓу мајќите и девојчињата. А сега од позиција на сила, од позиција на власт, ни ја ставате вакцината без да знаат мајките дали имунитетот кој што се знае дека трае до пет години, мислите дека ќе ги обезбедат овие деца, им ставаме безбедна вакцина. Или е во прашање бизнис бидејќи во февруари месец минува рокот на вакцината која што е веќе набавена. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Цуклев Драган има реплика, повелете.

**Драган Цуклев:** Колешке, очигледно не сте Министерството за економија слушале до крај и сте необјективни. Значи вие може да ги направите припремните активности за реформа на примарната здравствена заштита кога СДСМ беше нан власт, но немавте смелост да ги спроведете. Целосна приватизација на примарната здравствена заштита се случи со 1.01.2007 година, кога се збори за превентивните програми. Клешке не сте ме слушале.

**Драган Цуклев:** Колешке, очигледно не сте ме слушале до крај и сте необјективни. Значи, вие можеби ги направивте приправните активности за реформа на приватната здравствена заштита кога СДСМ беше на власт, но немавте смелост да ги спроведете. Целосна приватизација на примарната здравствена заштита се случи со 01.01.2007 година. Кога се говори за превентивните програми, колешке не сте ме слушале. Значи во 2008 година за здравството Владата одвои 1,7 милиони евра за набавка на ЕКГ апарати за секоја приватна здравствена установа од општа, трудова и педијатрија и во 1600 ординации и 130 гинеколошки ординации за набавка на колпоскопии. Вие добро знаете дека покрај 70% капитација што секој месец ја добивате, добивате.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Марачков Саве има реплика, повелете.

**Саве Марачков:** Благода рам претседателе.

Колега Цуклев, со внимание ја слушав вашата дискусија, многу бројки и мислам дека ова ви е втора дискусија во вашиот мандат. Со првата дискусија значително ги намаливте средствата во Буџетот на Република Македонија со намалување на давачките на давателите на игрите на среќа и отпуштање потенцирам, отпуштање на неколку стотини вработени од казинава, ама со денешнава дискусија со бројките само ја извртувате вистната и и давате приоритет на лагата. Колега, во изминатите шест години откако владеете со македонското здравство, состојбата е се повеќе загрижувачка. Од бомбастичните најави, најавени реформи за кои се потрошија многу пари, денес имаме само јавно признание порази во оваа област или како резултат на лошата политика имаме целосен колапс во здравството. Со сигурност можеме да кажеме дека здравството ни е тешко болно. Факт е дека во просек секој медицински апарат купен на тендерот е 2-3 поскат од неговата реална набавна цена и значителен дел од испорачаните апарати се функционални и нераспакувани стојат во ходниците како овој во општата болница во

Гевгелија. Замислете една година ренген апаратот не е во функција оти нема кој да го измери неговото зрачење. Како резултат на вашите реформи доаѓа до сериозен одлив и на стручни лица. Повторно на пример ќе ја земам општата болница во Гевгелија која во моментот за здравјето на гевгеличани во Гевгелија се грижат само еден ренгенолог, ниту еден детски лекар или педијатар и дури еден гинеколог. Значи епилогот на сето ова е нема кој да ги лекува болните деца и родителите избезумени трчаат од врата на врата во лавиринтот наречено здравство. Мислам дека ќе се сложиме и двајцата дека со изборот на секој нов министер за здравство се повеќе се влошува состојбата. Тоа е така бидејќи за пет месеци работење на новиот министер има само акции против лебарките и оценување или казнување на лекарите специјалисти. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Цуклев Драган има контра реплика, повелете.

**Драган Цуклев:** Колега Марачков можеби јас втор пат се јавувам за збор, меѓутоа за разлика од вас не читам напишани говори и реплики, туку гокажувам она што самиот го знам.

За состојбите во здравството во Гевгелија неблагодарно е да зборувате. Ќе тргнам со Психијатриска болница. Само во последните две години за реконструкција на постоечките простории и изградба на нови простории за зголемување на капацитетот на болницата, целосно внатрено уредување за престој на оваа категорија пациенти, вложени се 500 илјади евра од кои 150 илјади евра се од сопствени извори на средства односно од сопствените буџети. За 2012 година се предвидени нови 120 илјади евра. Врз основа на донации и врз основа на снаоѓање на менаџментот на болницата во 2008 и 2009 година целосно се реновирани хируршкото и интерното одделение, реконструкција на ренген објектот.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Самка Ибраимовски, повелете.

**Самка Ибраимовски:** Благодарам.

Колега пратеник, сепак зборовите да се претворат во дела, потребна е силна посветеност и создавање на потребни услови за дејствување. Јас од вас очекував дека ќе дискутирате околу економскиот дел, што треба да се направи за да се подобрат условите во здравството, меѓутоа вие ја промашивте цела работа, почнавте да кажувате што е направено, како да сте некој аналитичар. Темата денес е како да се подобрат условите во здравството во Република Македонија, а не да правиме анализи кој што направил, колку изгубил и како направил. Направени се многу грешки. Реков очекував дека ќе дискутирате во економскиот дел, дека ќе кажете за Фондот за здравствено осигурување, за фирмите кои се блокирани од неплатените придонеси за здравство и некористењето на боновите, а фирмите се уште блокирани. Сите ние знаеме дека има илјадници фирми кои се блокирани само поради плави картони, а не ги користеле услугите од нашите здравствени установи. Во тој дел треба да кажеме и очекував како економист ќе кажете нешто за тие фирми да се изнајде начин како да се изблокираат и како понатаму да почнат да плаќаат за да се полни Буџетот за здравство., Тука е најголемата грешка што не правиме такви анализи. Фирмите си седат уште блокирани, не ги користеле боновите, нема некоја акција да се преземе околу тие фирми, пропаѓаат, одат во стечај итн, итн. Затоа ќе немаме доволно средства во Фондот за здравство, затоа што не ги анализираме другите работи кои се причините што во тој Фонд нема здравство, а не да кажуваме купени се вакви апарати, ќе се купат такви апарати, ќе се купи ова, ќе се купи она. Ако не се купуваат апарати за ЕКГ, јас не знам за што треба да се купи. ЕКГ е нормален апарат каде што треба да функционира еден лекар. Тоа му е алат. Колега Цуклев, да не се фалиме со апарати за ЕКГ. Тоа е најниската ставка. Дајте да ги анализираме другите причини кои треба да ги подобриме сите работи ова здравство да функционира онака како што треба, каде што многу луѓе немаат средства да платат за разни операции. Еве јас ќе земам еден најтазе пример. Вчера отидов во неколку амбуланти да барам еден лек приватен со рецепт. Поминав шест аптеки во Тетово, во ни една не го најдов лекот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Цуклев Драган има контра реплика, повелете.

**Драган Цуклев:** Колега за прикаскиве не планирам да ви контра реплицирам. Меѓутоа за она што го кажавте за блокирањето на фирмите, за неплатени придонес за здравство, колега подеднаква треба да биде обврската на сите обврзници на придонес за плаќање на придонесот за здравство. Прочитајте го добро Законот за здравствено осигурување, таму ја пишува обврската за плаќање на придонес за здравство од плата, а не да зборувате дали некој користел или не користе здравствено осигурување со потврди за платен придонес. За разлика од претходното раководство на Фондот за здравствено осигурување кој што не покрена ниту една постапка пред надлежните судови за наплата на придонесот ова раководство покрена 17 илјади постапки. Си одеа фирмите објавуваа стечај и ликвидација. Никој не ги пратеше објавите платил, не платил придонес сеедно. Таква беше состојбата до 2006 година.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Сакам на колегата Цуклев да му реплицирам за неколку работи.

Прво, вие колега не отстапивте од класичниот стил што го практикува ВМРО-ДПМНЕ во овие дебати а тоа е постојано да зборувате за некои

минати времиња без притоа замислете да не покренете ниту една постапка кога зборувате за криминал, да не покренете ниту еден чин за одговорност за тој што бил тогаш ако веќе имало толку големи пропусти како што ги кажувате и се сведува на голо политиканство во обид да се затскријат реалните состојби кои што денеска постојат во здравството. И сега кога зборуваме за здравство зборуваме за нешто многу важно. На секој граѓанин на Република Македонија му е многу важно каква е состојбата во јавното здравство за кое што сите или најголем дел плаќаме придонеси во Фондот за здравствено осигурување. Ако гледаме така дали вие го надминавте клучниот проблем во здравството во Република Македонија а тоа е финансирањето. Не, колега Цуклев, вие ги зголемивте долговите на јавното здравство на болниците и на Фондот за здравствено осигурување. Ако ги погледнете бројките, трансферите од Буџетот до Фондот за здравство од 2006 до 2009 година се зголемени за 36 пати. 360% се зголемени, а дали е зголемен квалитетот на услугите на граѓаните. Не. Прашајте граѓанин кој сакате и министерот кога одеше по јавните здравствени установи многу граѓани му реагираа, министре нема ред. Нема квалитет. Дополнително колега Цуклев она што го зборувате дека многу сте вложиле во здравството. Кажете пред граѓаните опремата ја набавувате на кредит. Ние сите ја плаќаме. Опремата е на кредит и таа дополнително не се плаќа редовно, а за дел од опремата што е инсталирана во најголем број случаи имало реакции од граѓани кои што доаѓале кај мене дека помошни средства за да има такви снимања, за компјутерска томографија, магнетна резонанца нема реагенси. Нема доволно кадар кој што може да работи на таа опрема. Вие опремата ја внесувате, се плаќа амортизација, не се плаќаат трошоци и што е најважно на кредит. Затоа престанете со оваа небулозна дебата дека многу сте направиле во здравството. Далеку од тоа. Можеби сте направиле обид, но обидот овие шест години не резултирал со помалку долгови во здравството и поквалитетни услуги на граѓаните. Тоа е целта.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Цуклев Драган има контра реплика, повелете.

**Драган Цуклев:** Колега околу тоа дали се покренати постапки за претходните менаџери на Фондот за здравство, ќе ви кажам дека се покренати. Причините се огромни. Имено првиот директор од вашиот период на владеење од 2003 до 2006 година склучил договор со фирмата Делфино, добавувач на медицински материјал, со повисоки цени од реалните. Директорот од вашиот коалиционен партнер ЛДП го раскина тој договор со неправилна постапка. Продолжија испораките на медицински материјал до јавните здравствени установи. Врз основа на судска пресуда од пред неколку месеци од сметката на Фондот се симнати, ни помалку, ни повеќе туку 650 илјади евра како последица на препукувањето меѓу овие ваши два директори.

Ако денес се решат предметите кои се водат против Фондот, како последица на неодговорното работење на директорите во времето на СДСМ, тоа ќе значи плус два милиони евра пари симнати од сметката на Фондот, како последица на менаџирањето на вашите директори.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме во 15,20 часот

(По паузата седницата продолжи со работа во 15.25 часот)

**Трајко Вељаноски:** Подолжуваме понатаму.

Следен пријавен за збор и има збор господинот Пешев Васил, повелете.

**Васил Пишев:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседател, почитувани колеги пратеници денеска зборуваме за една многу важна тема, здравјето е секако најголема цивилизациска придобивка и услов за социјален престиж. Тука не треба да има наши и ваши. Како според лекарската етика, сите пациенти на лекарот се еднакви. Па тука и така треба да бидеме, ако не едногласни, барем објективи во оценувањето на состојбите и преземањето чекори во подобрување на регулативата во оваа област.

За сериозноста со која Владата на ВМРО-ДПМНЕ ја третира оваа проблематика говори и фактот што од првите денови за Владата на премиерот Никола Груевски здравството има голем приоритет. Почнувајќи од расчистување од состојбите и односите затечени од Владата СДСМ, преку поставување на здраво рамниште на здравство па се до издигнување до европски и светски стандарди. Како во поглед на технички и кадровски услови, така и во поглед на законската регулатива по општо задоволство на давателите и на примателите на услуги односно здравствените работници и пациентите.

Факт е дека со години не се вложувало доволно во македонското здравство. Затоа оваа Влада сметаше за потребно посветено да работи на подобрување на условите и услугите во здравството. Владата од почеток се залага за здравствен систем со кој ќе го подобри, унапреди и ќе го одржи здравјето на сите граѓани. Систем заснован на солидарноста и еднаквоста. Систем кој ќе ги има во вистинските потреба на граѓаните.

Основни приоритети на овој период се, подигање на квалитетот на здравстветни услуги на сите нивоа. Јакнење на примарната заштита и превентива. Воспоставување стабилен систем за финансирање на здравствената заштита за сите граѓани во Република Македонија. Долга е листата на достигнување на Владата на ВМРО-ДПМНЕ во здравствената област. Само за набројување на реализираните проекти ќе ни треба доста простор и време.

Да почнам од концептот здравствено осигурување за сите и систем на единствени цени на лековите.

Реализација на програмата здравје на сите и системот на дијагностички и сродни групи. Во тек е реализација на проектите електронска здравствена картичка и интегриран здравствен и информатички систем. Поставени се основите за целосна примена на медицина заснована на докази, а се одвива и реализација на проектот за плаќање на лекарите во болниците по учинок. Тука е реализација за набавка на современа медицинска опрема во вредност од 100 милиони евра што претставува најголема инвестиција на опрема во македонското здравство во последните 20 години. Во тек е проектот за реконструкции и доградба на болниците во износ од 100 милиони евра. Воведена е задолжителна вакцина против ХПВ за 12 годишни девојчиња и против хемофилус тип-Б вирус за новороденчиња. Донесена е програма за рано откривање на болести на репродуктивните болести кај жената. Повторно се отвараат служби за итна помош во помалите градови. Донесен е план за трансформација на општите и специјалните болници во наредните 10 години. Воведувањето интегриран систем на брза помош во сите здравствени домови. Повторно отврање на амбулантите во околу 100 населени места. Се реализира изградба на 17 амбуланти во руралните подрачја. Реконструкција на 41 јавна здравствена установа. Воспоставени се десет служби за первенција и лекување на злоупотреба на дрога низ целата Република. Видео и надзорен објект на здравствените институции и ЏПС систем за следење на возилата на итна медицинска помош. Нови амбуланти и јавно приватно партнерство. Донесени се промени во Законот за здравственото осигурување, за довршување и трансформација на здравствените домови. Во тек е страндардизација и акредитација на здравствените институции. Донесен е и нов закон за некои медицински помагала. Нов Закон за хемикалии, како и Закон за опојни droги и психотропни супстанци. Овозможување достапност на лековите преку автоматска реализација на секој препишан рецепт од матичен лекар во сите нови аптеки. Донесен е нов Закон за јавно здравје и стратегија за палијативна нега и грижа за возрасните. Донесен е Закон за евиденција во областа во здравството и Закон за заштита на правата на пациентите. Во финална фаза е подготовка на јасно дефиниран пакет на здравствените услуги и стратегија и акциски план за репродуктивно и сексуално здравје. Донесен е и имплементиран Закон за биомедицинско подподмогнато оплодување за кое сите сите трошоци ги покрива Владата на Република Македонија. Донесен е нов правилник за имунизација со европски систем за имунизација кај децата. Донесен е нов Закон во снабдување со крв и целосно усогласено со европското законодавство во трансфузиологиите. Донесена е стратегија за незаразни болести. Донесен е и имплементиран Закон за заштита од пушењето. Донесена е и здравствена стратегија до 2020 годиан во која стратешки цели се во колерација со целите на Светската здравствена организација, здравје за сите и пристпност кон Европска унија, здравјето во сите политики. Истовремено е почната е нова специјализација по семејна медицина и конструирање на институт за јавно здравје и десет ценри за јавно здравје. Реализирани се 6 курса за јавно здравствен менанџмент во соработка со Медицинскиот факултет во Скопје и судијски престој на директори од болниците и клиниките на јавното здравство во врвни соодветни институции во САД и во Турција. Посебни финансиски стимулативни палети за лекарите со цел да се окрупнат ординациите во примарното здравство.

Сето ов доволно зборува само по себе за напорите и вложувањата на нашата Влада во здравството каде што и резултатите и достигнувањата се евидентни. Сепак за впечатокот да биде поцелосен да направиме блиц споредба со здравството во едно друго време и со една друга влада.

Еве како дневниот печат го дијагностицираше здравството во Република Македонија во периодот од 2002-2006 година ќе набројам неколку, 2003 година на афери на македонското здравство, 2004 здравството не се одлепи од етикетска корупција. Состојбите во здравството ескалирани до крајни гранции. Состојбива во здравството постојано се влошува. Доктор Пановски ја обложуваше црната слика за здравството. Министерот остави 30 илјади луѓе без здравствена заштита. Разрешување по фатална лекарска грешка. До каде стигнаа реформите во здравството кога пациентите фотокопираат упати зошто лекарите немаат. Фирмата на братучедот на господинот Црвенковски во акција Данфилд загуби на тендерот, но доби на кардиологија. Владата до утре мора да даде конкретни мерки и рокови затоа што Светска банка бара отчет каде се трошеле парите од здравството итн. итн. Ова се само неколку од насловите и темите за здравството во периодто на владеењето на СДСМ за волја на вистината во најголем дел се појавија во медиумите од Перо Наков за кој до неодамна жестоко се бореа другарите од Бихачка.

Можеме да бидеме радосни и задоволни и ние граѓаните што сето тоа е веќе минато и денес македонскиот граѓанин има здравство какво што заслужува за својот тешко спечален денар, влезен во Фодот за здравствено осигурување.

Дури и повеќе од тоа, благодарение на нашата Влада и коалицијата, на чело со премиерот Никола Груевски што исто така многу вложува во здравјето на своите граѓани како предуслов за економски просперитет на една земја. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Сугаревски Горан има реплика, повелет.

**Горан Сугаревски:** Почитуван претседателе, почитуван колега,

Во едно се согласувам со вас, а тоа е дека здравството е најважна тема и дека не треба да има наши и ваши. Меѓутоа како и за други сфери

на општественото живеење, така и случајот, за жал ги има. Ако е така како што дискутирате вие, зошто не го земате во предвив државниот ревизор кој во 2008-2009 година утврдвуа дека во Министерство за здравство незаконски се трошат милиони евра од Буџетот на Република Македонија? Десет милиони евра потрошени за јавни набавки во 2009 година, што не биле доследно почитувани. Ова го тврди ревизорот, а не СДСМ. Кога зборуваме за дел од пропаднати проекти, вие читате нешто, но не до крај. Систем за перманентен видео надзор, вредност 1.360.000 евра. Целосно беа потрошени, проектот пропадна, но за жал, има една ситуација по укажувањето на Комисијата за заштита на лични податоци се укажа дека со тоа се загрозуваат правата на пациентите. 1,3 милиони евра отидоа во ветер. Сакате да зборувате за минатото, но мислам дека ВМРО-ДПМНЕ беше на власти од 1998 – 2002 година или вие тврдите дека од 2006 ВМРО-ДПМНЕ дојде? Да ја видиме ситуацијата. Кога сакате граѓаните да знаат, нека знаат до крај. Медицискиот центар во Гевгелија, печка за струја, едно парче 56 илјади евра оделени средства. Таа сега не чини ни 200 евра. Набавка на сирење, 216 кг по цена од 853 денари, не чини ни 200 денари. Шекер 5 илјади килограми по цена од 98 денари, а сегашната цена е 45 денари. Ова се консатации од Државниот завод за ревизија не на СДСМ. Да не се доведуваме во ситуација да зборувате смо она што сакате да го слушнат граѓаните, а другото не. Имаме фамозно пропаднати проекти.

Кога дискутирате, дискутирајте до крај што се случувало. Ако сакате можеме да зборуваме и за минатото и за сегашноста, како сакате. Затоа информацијата, поради колапсот што се случува во здравството во Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Господинот Пишев Васил има контра реплика, повелете.

**Васил Пишев:** Благодарам претседателе.

Колега Сугаревски, да ви кажам се гордеам со Владата на ВМРО-ДПМНЕ, што сега први во здравството. Ќе потсетам на периодот 1991-1998 година тука се Панче Орцев и колешката Иванка. Јас, Васил Пишев ќе ви прочитам дека тогаш не делев, иако сум вмровец, СДС беше на власт, да ви кажам донирав 2000 парчиња вакцина за БСЖ за новородени деца. Тогаш немавте, јас ги купив и ги донирав. Донирав 500 метра специјален конец за вршење хируршки операции, комплет кујнски прибор за главната кујна, комплет машки и женски пижами за сите одделенија, посебно детското одделение. Комплет чаршафи и над чаршафи за сите одделенија, повеќе клима уреди за повеќе одделенија и специјални филмови за ренген дијагностика. Што уште не сум донирал, само за здравјето на граѓаните. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Милетиќ Драгиша има реплика, повелете.

**Драгиша Милетиќ:** Почитуван колега, внимателно слушав што зборувате. Само да ви кажам чекорите што ги превземате во медицината, толкава грижа околу пациентите, сега стаса порака од Старо Нагоричани, општина. Десетина дена воопшто не функционира амбулантата. Да не зборувам за повисоките предели каде што не може да излезе ниту медицинска екопа. Тоа е работа на општината да го расчисти патот, но воопшто никој не доаѓа во амбуланта. И тоа ли е грижа во 21 век за човекот, за здравјето.

Ниту вие ниту ние се разбираме од медицина. Ама тоа што го прочитавте, тоа е напишан текст. Верувајте, воопшто не соодветствува со потребите на граѓаните, пациентите. Здравството е задолжено до гуша. Голем долг се направи од 2006 година наваму. Постои медицинска опрема која е набавена, но поради нередовно плаќање на кредит ќе дојдат да ја демонтираат. Е работи за холанска фирма Сименс. Не знам што ќе кажете на ова?

**Трајко Вељаноски:** Госпоѓа Иванова Цветанка има реплика, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Колегата Пишев, се повика на мене да потврдам дека минатиот период донирал доста работи во Медицински центар. Навистина потврдувам, да, не само колегата Пишев, туку голем број граѓани, бизнисмени донираат во Медицинскиот центар во Струмица. Но тоа покажува нешто друго, покажува дека државата не функционира, дека системот за здравствена заштита не е добро поставен и дека најосновните потреби во здравството за граѓаните не се обезбедуваат од средства на државата, од средтвата на Фондот. Тоа е лошо. Тогаш се испраќа порака дека државата воопшто не води грижа за здравството. Паѓа во вода тезата што сака да ја пласира овие неколку часа ВМРО-ДПМНЕ дека направило максимум во здравството.

Мојот колега Пишев сигурно не ја посетил болницата како пациент, дај боже да не ја посети, за да види дека основните лекарства граѓаните се принудени да ги купуваат сами, приватно иако се здравствено осигурени. Се повеќе здравствените домови, клиничките центри ги напуштаат докторите, професорите кои пружаа врвна здравствена услуга на граѓантие. Сега се повеќе, веќе за сиромашните нема добра здравствена услуга, затоа што има мал број на доктори кои останаа и се подготвени да го прават тоа. Им честитам на оние кои сеуште останаа во јавното здравство да пружаат здравствена помош на најсиромашната категорија на граѓани.

Колегата Пишев не кажа дека Струмица сеуште работи со искршено возило во брзата помош. Тоа е успех во здравството? Колегата Пишев не кажа дека Здравствениот дом или ургентниот центар, како го велат, иако државата се задолжи, сеуште не е направено ништо. Не кажа дека 100.000 – ното население на општина Струмица не е покриено со примарна здравствена заштита. Не кажа дека не можат да стигне на време брзата помош што има се помалку вработени, до оние на кои им е најпотребна. Не кажа дека има

непотизам во вработувањето и делењето на специјализации во Медицинскиот центар. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Господинот Пишев Васил има контра реплика, повелете.

**Васил Пишев:** Благодарам претседателе.

Колешке Цветанка, кажавте овде некои невистини. Реков во периодот 1991-1998 година, се знае тогаш кој беше на власт.

Друго што кажувате, Медицинскиот центар во Струмица, јас се гордеам, внесов опрема за 2 милиони евра. Замислете, а рековте нешто, не дај боже да лежите во болница, е, па јас, во ваше време, за едно слепо црево, што се завршува од 7 до 9 дена, јас лежев 120 дена.

Да не се навраќаме сега на тоа. Не почнувајте да лажете, бидејќи секогаш ќе го изгубите чувството за вистината ве молам. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Господинот Орце Панчев има реплика.

**Орце Панчев:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега Пишев, бидејќи доаѓаме од ист град мора да ја споменеме болницата во Струмица. Но, прво да кажам од вашето излагање заклучуваме дека навистина не сте биле, барем во посета на некоја наша болница. Не ви пожелуваме ни да одите во болница, бидејќи состојбата во здравството се опишува само да одиш во една болница, да видиш како чекаат по ходниците, како ги примаат, ги прегледуваат, што треба да направат, како ги шетаат од матичен лекар до специјалист, до интернист, па тогаш ќе и дадете една реална слика каква е состојбата во нашето здравство. Согласно вашето искажување произлегува дека е идеално. Значи се е идеално, имаме проекти, имаме стратегии, имаме програми, имаме манифести и сето тоа што сме го напишале, планирале, сето тоа максимално коректно и добро во овој период од 6 години ВМРО ДПМНЕ и коалиционите партнери го остваруваат и затоа ние имаме идеално здравство. Тоа е според вашето излагање. Но сите тие проекти што ги набројавте, како на пример проектот Систем за перманентна видео надзор, вредност милијарда и 360 илјади евра. Тој проект пропадна затоа што беше заклучено дека ги згрозува личните податоци, Комисијата за заштита на личните податоци на пациентите го укина тој проект и тој сега интерна се употребува можеби во некои медицински установи или здравствени организации.

За ХПВ вакцините не сакаме да зборуваме, бидејќи ако се тие добри, ако е се како што треба, тогаш нема потреба пак секој ден да гледаме реклами скапо платени за да ги убедиме, дури и заплашиме со казна 500 евра или не запишување во средно образование за да мораат нивните деца да ги донесат да ја примат оваа вакцина.

За електронската здравствена картичка или интегрираниот систем за здравство сето тоа е почеток, сето тоа е купено со софтвери и хардвери и друго што треба, требало да почне да функционира уште пред две години но сеуште е во почетна состојба. Генерално сите проекти кои оваа Влада го напишала во своите програми за кампањи или манифестот остануваат само на хартиј аили го гледаме во реклами. Тоа што го гледаме во реалноста, тоа штп кажавте дека сте донирале, тоа што гледаме секој ден дека луѓето бараат помош преку различни медиуми за лекување во земјата и странство, затоа што не можат во нормални услови, во нормално здравство тоа да си го обезбедат, а вашиот премиер ветуваше дека сето тоа ќе го прекине кога ВМРО ДПМНЕ ќе победи на овие избори, што се случи, но се оствари ветувањето.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Господинот Пишев Васил има контра реплика, повелете.

**Васил Пишев**: Благодарам.

Колега Панче треба да бидеме објективни и реални да се погледнеме очи во очи. Пред вистината и боговите молчат. Кога рековте дека имало гужва по ходниците, ќе ви кажам дека повеќе ги нема тие гужви во Струмица. Во ваше време имаше едно ехо за цела општина Струмица. Не дај Боже да ти стане нешто, секој ден по 100-200 луѓе чекаа на ред и докторите велеа дојди навечер да те прегледам. Така ли беше господине Орцев. Сега имаме најмодерно ехо, два броја, ЕХ 4Д верзија. Да не набројувам се што имаме во Струмица од опрема.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Господинот Николов Марјанчо има реплика, повелете.

**Марјанчо Николов**: Благодарам.

Колегата Пишев го повторува она што и претходните колеги од ВМРО ДПМНЕ го зборуваа, а тоа е дека сега е многу направено во здравството додека претходно не се направило ништо во здравството и како по обичај ќе се делат обвиненија од собраниската говорница без при тоа да се обидеме реално да ги согледаме состојбите во здравството.

Колега Пишев отворете денешни и вчерашни весници, било кој весник отворете и прочитајте го насловите. Еве, ќе ви прочитам некои. Во Утрински весник стои: се штеди на лекови за да не запрат операциите во 8 Септември. во Фокус пишува дека во некои градови во Република Македонија како што се Делчево, Берово, Кочани и Струмица девојчињата биле повикувани во училиштата и без консултација на родителите им била давана ХПВ вакцина, без при тоа да им се каже од што се вакцинираат. И родителите се уплашени и се во паника поради сомневањата што постојат за ефикасноста на вакцината. Друг наслов, дијабетичарите пак турнати во инсулинска криза, нема инсулин и тоа се одразува штетно по здравјето на тиа луѓе што имаат потреба од инсулин. Да не заборавите кога зборувате вие од ВМРО ДПМНЕ за здравството, трошите историски најголеми буџето во здравството, без да понудите квалитет за тие пари за граѓаните, а

дополнително на тоа ги зголемувате долговите на јавните здравствени установи и на Фондот за здравствено осигурување. сето тоа го правите на товар на граѓаните кои или немаат можности да имаат инсулин или во болниците немаат доволно апарати за инфузии и други инструменти што се потребни за лекување. Затоа немојте толку да ја идеализирате сликата во здравството, немате направено некое значително квалитативно подобрување освен што сте ги зголемиле трошоците за здравство. Дополнително дали ви оправдувате да земеме кредит за медицинска опрема а да даваме пари за споменици. Денес излезе податок дека за Музејот на ВМРО се потрошени 13 милиони евра, колку медицинска опрема колега Васил може да се купи за тие пари и граѓаните да не мора да враќаат кредити во идина.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Следен за збор е господинот Пачемски Миле, повелете.

**Миле Пачемски**: Благодарам.

Би сакал да ја поздравам оваа иницијатива да зборуваме за здравството или поточно јавно здравство и тоа е одлична можност на оваа дебата да ги изнесеме сите аргументи и факти и врз база на нив да заклучиме дека навистина нема врска со колапс јавното здравство во Република Македонија. Ако секојдневно се отворени и работат и јавни и приватни здравствени установи, ако во нив секојдневно работат лекари, медицински сестри, медицински работници и соработници, ако секојдневно во нив поминуваат илјадници пациентит, се лекуваат, примаат здравствени услуги, тогаш како можеме да кажеме дека имаме колапс во јавното здравство. Ние можеме да кажеме дека имаме проблеми во здравството, има и недостатоци, пропусти и недоследности, но никако не можеме да кажеме дека има колапс во јавното здравство. Мора да кажеме дека идеален здравствен систем нема во ниедна држава, од тие причини на 10 до 15 години сите држави прават реформи во здравството во потрага по некој идеален здравствен систем. Погледнете ја на пример Европска унија која има 27 земји членки, сите имаат различен здравствен систем, сите земји имаат своја специфика и карактеристики и врз база на тиа специфики се креира некој посебен, за нив адекватен здравствен систем.

Второ, медицинската наука постојано се развива, секојдневно се измислуваат нови медицински апарати, се откриваат нови лекови, доктрините за некои заболувања често се менуваат, па од тие причини не можеме да кажеме дека здравството е статична категорија, туку напротив тоа е динамиќна категорија која мора постојано да се менува, да оди во чекор со времето и новите предизвици. Оттука потекнуваат потребите постојано да имаме нови здравствени реформи.

Во вашата информација рековте дека работи за колапс во јавното здравство. Сосема е логично да зборуваме за финанансиите, затоа што били која институција ако има колапс се соочува со финансиски проблеми. Како стојат овде работите во поглед на финансииите? Има две институции кои се одговорни за јавното здравство во Република Македонија, а тоа е Фондот за здравствено осигурување и Министерството за здравство. Буџетот на Фондот за здравствено осигурување за оваа година изнесува 370 милиони евра. Истиот буџет на Фондот за здравствено осигурување во 2006 година изнесуваше 272 милиона евра. Сега имаме буџет кој е поголем за 100 милиони евра само во Фондот за здравствено осигурување. Како е во Министерството за здравство? Тој буџет во Министерството за здравство 2006 година беше 8 милиони евра, а денес е 80 милиони евра, што е десет пати поголем буџет во Министерството за здравство во однос на 2005 година, иако за волја на вистината тука се вметнати и оние пари кои одат за набавка на нова медицинска опрема и реконструкцијата. Вкупно во Фондот за здравствено осигурување и Министерството за здравство имаме еден буџет од 450 милиони евра на годишно ниво, што е 4,6% од бруто домашниот производ во Република Македонија. Сепак имаме многи повеќе пари од тие што биле пред пет години. Од друга страна да не заборавиме дека сите тие пари се прибрани врз база на еден здравствен придонес кој сега изнесува 7,3% и тоа е повторно успех. Да не заборавиме дека во последните неколку години воведовме бројни програми, новитети, проекти и сите имаат еден заеднички именител, а тоа е да се подобри здравствена заштита на граѓаните на Република Македонија. Точно е дека денес имаме одредена загуба во Фондот за здравствено осигурување и во јавните здравствени установи, а таа загуба изнесува 23 милиони евра. Тоа може да види на страницата на Фондот за здравствено осигурување, но сепак е многу помала од онаа што беше како загуба во 2006 година кога изнесуваше 86 милиони евра. Сегашната загуба има некоја динамика на постојано паѓање.

Друга работа за која би сакал да зборувам е динамиката на лекови. Тука постигнавме одличен успех. Нашата програмата, нашата политика за лекови почнаа да ја применуваат и некои соседни земји на Балканот, на пример Грција која од април 2010 година почна да го применува нашиот модел на политика на лекови. Што направивме овде? 2007 година рековме дека ќе го намалиме данокот за лекови или поточно ДДВ за лекови од 18% на 5%. Врз база на таа одлука имавме годишна заштеда од 5 до 7 милиони евра. понатаму, 2008 година донесовме нов закон за лекови, кој се одликуваше со тоа што воведовме термин единствена цена на лековите, и второ со тој закон ги ограничивме провизиите и маржите во трговијата со лекови и на мало и на големо. Само врз база на тој закон имавме годишна заштеда од 15 милиони евра. Во исто време, самата позитивна листа на лекови ја зголемивме за 56 препарати, а 2009 година за уште нови плус 30 генерика. Но тоа не е така едноставно, затоа што

секоја контролирана позитивна листа на лекови предизвикува и финансиски импликации врз буџетот на Фондот за здравствено осигурување, 5-8 милиони евра требаше да се дадат повеќе пари за оваа позитивна листа на лекови. Сега повторно 2012 година донесивме нови измени во Законот за лекови, воведивме термин парарелен увоз на лекови и воведовме нова методологија на одредување на цена на лековите. Врз база на овие измени кои стапуваат за два, три дена во сила ние имаме драстично намалување по втор пат на цената на лековите што се движи од 5 до 70%, во просек 33% на вкупно цената на 1299 лекови е намалена. Проценките велат дека годишната заштеда ќе биде 15-17 милиони евра заштеда, од џебовите на пациентите и заштеда на Фондот за здравствено осигурување. Ако сите тие проекти преку пишан документ и закони ги собереме, ќе видите дека ние за овие години имаме вкупна заштеда 35040 милиони евра само како резултат на добрата политика на креирање на цената не лековите, без некаква инвестиција, без никакво финансирање, без никакви издатоци, само со пишан документ, со закон гласан овде во ова Собрание. Тоа се кога се има добра волја, кога се сака да се направи нешто добро за граѓаните. понатаму би сакал да зборувам и да ве потсетам на она што беше до 2006 година, а тоа беа гужвите што ги имавме во аптеките. Знаете дека во тоа време само во 120 аптеки имаше можност да се работи преку Фондот за здравствено осигурување и во нив да се издаваат лекови на позитивна листа. Сега тој број изнесува 730 аптеки во сите нив може да се издаваат лекови на позитивна листа и од тие причини денес немаме никаде гужва во аптеките. Ако до 2006 година имавме лекови на позитивна листа само во првите 5-10 дена во месецот, сега најмалку до 25-ти во месецот имаме снабденост во аптеките. Меѓутоа оваа постапка продолжува и понатаму и ние во најскоро време ќе ги укинеме квотите за сите лекови во Македонија.

Би сакал да зборувам и за набавката на нова медицинска опрема и реконтрукција на јавните здравствени установи, проект кој чини 200 милиони евра и проект кој е во интерес прво на пациентите, затоа што сепак тие ќе се лекуваат поквалитетно, ќе се поставуваат подобри дијагнози, а исто така медицинска опрема ќе биде распоредена по регионите, нема да биде сконцентрирана како до сега само во Скопје, туку ќе биде и во Битола, Штип, Тетово и во сите поголеми места. Ова е добра прилика и за здравствените работници, за лекарите затоа што ќе работат во одлични услови, ќе имаат доба апаратура и мотивација повеќе за работа и самите параметри во тие нови апаратураи ќе можат да ги користат во своите научни трудови, да ги пласираат.

Најпосле би рекол дека со овој проект ќе имаме една конкуренција на исто ниво со новите приватни болници, како што се Систина, Ремедика, Свети Лазар.

**Светлана Јакимовска**: Благодарам.

Госпоѓа Бендевска Весна има процедурално, повелете.

**Весна Бендевска**: Благодарам госпоѓо потпретседател.

Сакам и барам од вас да проверите во режијат ана собранискиот канал како тече преносот од оваа седница, со оглед на тоа што добиваме дополнителни сознанија дека тече преносот, меѓутоа нема тон, така што вкупното излагање на господинот Пачемски течело со слика без тон. Не сакам да помислам друго, затоа можеби станува збор за технички проблеми. Замолувам како претстедавач на оваа седница да утврдиме за каков проблем се работи со оглед на тоа што граѓаните се заинтересирани да ја следат темата и излагањата од страна на колегите, но и репликите што веќе во поголем број се најавени.

**Светлана Јакимовска**: Благодарам.

Еве веќе и вашето јавување го следеа службите па ќе ја добијам сега информацијата.

Информациајта говори госпоѓа Бендевска дека од Собранието излегува нормално и сликата и тонот. Она што вие го изнесовте како информација до вас што е дојдено, веројатно се работи за следење на оваа наша седница преку некој кабловски оператор и проблемот веќе се лоцира кај него. Ова е информацијата од службите од Собранието.

Продолжуваме понатаму.

За реплика е пријавен господинот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски**: Благодарам.

Почитуван колега, вашето излагање ќе го поделам во два дела. Во првиот дел дадовте објаснување како функционира здравството во светот и се согласувам сејкаде има различни системи, секоја држава си гради своја стратегија. Кажавте дека здравството е динамично, имаме нови апарати, нови протоколи. Ќе се согласите дека дел од опремата која ние ја набавивме во 2008 година за жал не можеме сеуште во 2012 година да ја ставиме во функција.

Тие апарати иако не се ставени во функција со оглед на времето ќе се согласите со мене дека толку брзо се развива процесот што највеојатно во меѓувреме излегле нови, кои со оглед на цената која е платена ќе можевме да ги имаме уште по нови. Тоа е еднта работа.

Втората работа, значи кажав пред паузата дека господинот Илија Китановски заврши со инвестиции во здравството од 140 милиони евра. Вие кажавте фантастична бројка од 200 милиони евра. Значи очекувам како ќе тече расправата, сигурно инвестициите во здравството ќе одат и над 200 милиони евра. Ама граѓаните на Република Македонија најдобро знаат какво здравство имаат и дали има разлика во изминатите неколку години со вашите тн., 200 милиони евра кои ги инвестирате во Република Македонија. Е сега сакам да ве прашам, ако инвестирате 200 милиони евра во здравството, ако Фондот односно буџетот на Министерството и

на Фондот е 450 милиони евра, како е можно јавните здравствени установи во овој момент да покажуваат загуби според вас 23 милиони евра што не е точно. И еве ќе ви дадам само еден пример за една анализа и притоа да не убедувате дека таквите загуби се намалувале. Еве ќе ви дадам една анализа од Фондот за здравство не е од СДСМ. Вели вака. Споредбено обврските, значи споредбено со периодот од 30.06.2010 година, имаат зголемување од 6,85%. Или долговите на јавните здрвствени установи, вика вкупните долгови во здравството на 30.06.2011 година изнесуваат над 25 милиони евра, во споредба со состојбата од 31.01.2011 година, само пред 6 месесеци бележат пораст од 8,38%. Како тоа вие тврдите дека има намалување на загубите, а Фоднот за здравствено осигурување ни кажува за 6 месеци се зголемил за 8%. На крајот од оваа година колку е, 16% зголемување на долгот. Почитуван колега, не можете да ги излажете граѓаните дека во здравството тече мед и млеко. И сосема на крај, само една реченица ќе ми дозволите. Кажавте дека се донесоа измени на Законот за лекмови и со тоа граѓаните на Република Македонија ќе имаат бенефит, чесно ќе беше од вас, доблесно да кажевте дека најголем дел односно сите амандмани беа предложени од страна на оопозицијата. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика господинот Пачемски Миле, повелете.

**Миле Пачемски:** Почитуван колега, многу прашања, малку време.

Инвестицијата точно е дека 200 милиони евра околу 200 милиони евра, тоа се работи за проект на Владата каде што 50% е кредит, а 50% се средства од буџетот на Република Македонија.

Кога се работи за кредит кој што се отплаќа 4 години, нормално дека ќе имаме каматни стапки кои го зголемуваат долгот на таа медицинска опрема во поглед на загубта во Фондот за здравство и во јавната здравствена установа, сите јавни здравствени установи, можете да ја видите на веб страницата на Фондот за здравство и вие и сите други граѓани дека последната официјална бројка пред два месеци, значи загубите се точно 23 милиони евра. Тоа е за губа која што е многу помала од тоа што го направивте вие 2006 година од 85 или 86 милиони евра, и тоа со сега со намален здравствен придонес. Благодрам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Анастасова Станка, повелете.

**Станка Анастасова:** Благодарам потпретседателке.

Почитуван колега Миле Пачемски, вие како гинеколог требаше да се запрашате и да се засекирате зошто боледувањата, продолните боледувања не се исплатуваат и по пет месеци. Зарем не мислите како преживуваат тие мајки со мали дечиња, дали можат да ги покријат трошоците кои што ги носи едно бебе. Понатаму, вие како гинеколог треба да се запрашате за состојбата во новата гинеколошка клиника која што набрзина е преселена и отварана неколку пати, со тоа што во весниците во сите пишани медиуми пишува дека набрзина бил преселен и персоналот и намештајот, со тоа што како услов се наведувал дека треба брисевите да се земат, да бидат негативни и за да може да се изврши преселбата. Зошто не кажете дека брисевите се земени на празни ходници, на празни работни простории. Дополнително од старата зграда без дизинфекција се пренесувани креветчињата на бебињата од кои што не се земени брисевите, со тоа на голема врата во новата клиника се внесуваат инфекции. И тоа го пренесуваат персоналот, бидејќи гардеробите им се сеуште во старата зграда во еден куп ѓубре. Тоалетите воопшто не се чистат. Исто така анестезиолошката амбуланта е во старата зграда, во ноќници чекаат трудниците, или оние кои што се за лекарска интервенција или операција, чекаат во ноќници во старата зграда во еден куш ѓубре по ходниците, а потоа одат во операциона сала. Зарем како лекар, не се загриживте за ова. Зарем како лекар не треба да реагирате кај првиот доктор во државата, тоа мислам дека е премиерот, дека треба да се преземат некои мерки од медицински апскет, вие сте должни бидејќи сте на власт. Ние и да зборуваме од опозицијата сепак сите сакате да го сведете дека тоа е политика. Не. Тоа е многу важно од витално значење за здравјето на граѓаните.

Понатаму, рековте дека сте донеле нови програми, многу програми. Тие програми постојат поодамна. Тие програми во голем дел, па и сите постојат и пред 2006 година, пред вие да дојдете на власт. Но разликата е во тоа што на многу поголем буџет сега вие ги намалувате средствата за превентивни програми, за жал посебно го уништивте пилот проектот, оној кој што беше започнат во 2006 година кога СДСМ беше на власт издејствуван од поранешниот состав на Клубот на жени пратенички овде во Собранието и тоа од сите политички партии. А тоа е бесплатно земање на бриз на оние кои што не можат сами д го платат, односно на неосигурени на невработени жени. Го уништивте еднаш годишно земањето на бриз како превенција на рак на грлото на матката, сега велите дека треба на 3 или 4 години тоа да се прави. Тоа е сосема различно од скриниг. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика господинот Пачемски Миле, повелете.

**Миле Пачемски:** Почитувана колешке кога бев гинеколог 2006 година и ги потпишував овие породилни боледувња каснеа 4-5 месеци. Сега боледувањата за месец октомври се исплатени во месец декември. Значи се касни нормално 1 до 2 месеци.

За новата гинеколошка клиника, барате влакно во јајцето. Нова клиника нови простории, нова клиника, не било нешто чисто или ваму таму. Тоа како аргументи не ви држи. Во поглед на новонаправените прегледи, односно буџетот за превентивни прегледи ако целата инвестиција во здравството за о.г. изнесува некаде околу 450 милиони евра, овие што се намалени за 0,5 милиони евра и сега вие се фаќате за ова 0,5 милиони евра, а сето она што се должи на ново опрема, реконструкција, тоа не е важно. Важно е дека се намалени за 0,5 милиони евра, или 500 илјади евра. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплик е пријавена госпоѓа Мазгалоска, Вучетиќ Светлана, повелете.

**Светлана Вучетиќ Мазгалоска:** Благодарам потпретседателке.

Почитуван колега Пачемски следејќи ја вашата дискусија ми падна во очи неколу аргументи кои што ги изнесовте во вашата дискусија. Прво кажавте дека убаво е да се продискутира за јавното здравство, гледано од повеќе аспекти, од повеќе агли, за тоа се сложувам со вас. Меѓутоа во вашата дискусија споменавте дека нема ни поим од колапс во јавното здравство и како би имало како што рековте дека секојдневно работат и лекарите и медицинските сестри. Па тие мора и да работат, бидејќи работат за плата, тоа им е функција и мислам дека здравството е од општ интерес. Меѓутоа прашањето колега Пачемски е како работат. А не дали редовно работат.

Друго во вашата дискусија спомнавте дека нема идеално здравство. Да и тука се сложуваме. Ништо нема идеално, па нема ни идеално здравство, меѓутоа и во другиот дел од дискусијата каде што рековте дека постојано времето тече, се менува, па така оди напред и техниката. Точно колега и техникада оди напред, така да и некои од оние апарати кои што ги споменувате и во минатото денес се многу посуфистицирани и нормално дека ќе биде пософистицирана и таа опрема. Меѓутоа како што тече времето и оваа опрема која што е набавена ќе биде за извесен период застарена. Меѓутоа друг е проблемот. Опремата која што се набавуваше е во ред и треба да се набавува. Меѓутоа, кога веќе се знае каква опрема треба да се набави најпрво што требало да се направи е да се направи обука на персоналот кој што ќе ракува со оваа опрема, да се обезбеди простор за сместување на опремата, а паралелн со тоа да се набавува опремата и нан тој начин ќе се создадеа услови во здравството да се намали времето на чекање за пружање на здравствена заштита на граѓаните, или да се намали времето на просечно лекување на граѓаните, со тоа што ќе имавме користејќи ја оваа опрема навремено дијагностицирање на одредени болести, или на одредени работи кои што ќе го намалеа времето на чекање. А сега на овој начин нема тоа да го направиме.

Во одос на тоа што рековте дека убаво е да дискутираме за јавното здравство, меѓутоа, веднаш паѓате и во контрадикторност, со тоа што секогаш имате споредба со 2006, значи се враќаме назад, а од 2006 до 2012 година, имаме 6 години, па имавте време за тој период прилично долг период да направите, или да поправите ако имало грешки во јавното здравство.

Во однос на лековите, дека е направено многу со паралелниот увоз, тоа ќе покаже времето. Меѓутоа денес и маме многу поголем број на аптеки во однос на чекањето во аптеките и најголемиот број од лековите се набавуваат на приватно. Еве, само пред еден час два лека кои што ги користам со години и ги користев со сините картони, денес ги платив 544 денари, а порано не беше така. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика господинто Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам потпретседателке.

Почитувана колешке Мазгалоска, прво не знам дали го разбирате вие поимот колапс, или колапс во јавно здравство. Значи, не се работи за никаков колапс во јавното здравство во Република Македонија.

Втората забелешка ваша е дека има набавено добри апарати, ама не биле сите ставени во функција. Да 95% од сите тие апарати кои се набавени се во функција. Еден мал дел ќе се стават во функција во најскоро време, затоа што потребни се просторни услови за тие апарати и затоа што е потребно да се обучат техничарите како со нив да работат. Тоа се скапи апарати и не можеме да импровизираме.

Во однос на аптеките, во ваше време до 2006 година имавме само 120 аптеки кои работеа со Фондот за здравство, издаваа рецепти преку сини картони. Денеска тој број е 730 аптеки. Затоа никаде нема гужва. А од друга страна бидејќи буџетот за лекови и тогаш беше ист и сега е ист, меѓутоа, бидејќи е намалена цената на лековите имаме дупло поголем квантум на лекови сега во однос на 2006 година. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** За реплика е пријавена госпоѓа Билјана Казанџиска, повелете.

**Билјана Казнџиска:** Благодарам почитувана потпетседателке.

Почитуван колега Пачемски најнапред помислив дека ќе зборувате за јавните здравствени установи од изборна единица 3. Но, гледам дека повеќе акцент ставивте на состојбите во Фондот за здравство и се прашувате што е колапс во здравството. Дали не е колапс почитуван колега кога вашите апарати кои цел ден овде ги рекламирате и за кои се плаќаат милионски суми реклами вртат по вашите телевизии, стојат по ходниците конкрето во штипската клиничка болница стоеја 3 години по ходници се додека министерот во оној ноќен лов на лебарки не помине за да утврди дека ја зборувам вистината на комисија, па истите да бидат распакувани за да

се утврди дека се расипани. Нели е колапс во здравството кога на почетокот на 2008 година на сите клиники, на сите болници и јавни здравствени установи им беа избришани долгови и тие на 01.01.2009 година стартуваа со позитивно салдо, а во јуни 2011 година веќе имаа акумулирано долгови од скоро 50 милиони евра. И тоа според оние податоци на Фондот за здравствено осигурување, но реалните податоци и реалните трошоци и загуби се уште поголеми, бидејќи фондот се уште го нема дадено извештајот кој треба законски да го поднесува за реалните трошоци во здравството.

Понатаму, во врска со лековите рековте дека нема гужва по аптеките. Нема нормално, ама лековите се издаваат до 5-ти во месецот, не се издаваат нонстоп, бидејќи до пред 10-тина дена редовно ги посетував аптеките во Штип и се знаеше на која дата и кога смеат да се издадат лекови и во која количина треба да се издадат. И затоа немојте да се смеете, ви зборувам од искуство.

Во врска со условите во болнциите, кога министерот одеше на тие ноќни прошетки по болниците и замислете толу беше заинтересиран за условите што водеше цели телевизиски екипи со него за да го снимаат, сликите говорат повеќе од зборови. Погледнете колега Пачемски во какви услови работат вашите колеги во клиничката болница во Штип. Погледнете колега Пачемски, современо здравство, здравство на 21-от век. Ова се вика колапс, а за утрешниот ден уште пофрапантни податоци, бидејќи одамна сте пратеник, а не сте како што рековте до 2006 сте биле гинеколог, прошетајте се колега, па видете како вашите колеги интернисти работат тројца интернисти во Клиничка болница Штип, а од тие двајца се случува да одат и во Скопје. 24/7 буквално работат во болницата.

**Светлана Јакимовска:** Господинот Миле Пачемски има контра реплика, повелете.

**Миле Пачемски:** Почитувана колешке Казанџиска тоа е разликата помеѓу нас и вас, затоа што имаме такви слики во некои болници ние веднаш интервениравме и инвестиравме во реконструкцијата на тие јавни здравствени установи. А вие бидејќи тие слики се наназад 20 години, со прст не мрднавте. Тоа е едната работа.

Втората работа, опремата, томографот компјутеркски и магнетната резонанса во Штип знаете дека се изградија пред кратко време, објект, зграда во која што тие се сместија. Знаете дека во моментов се на обука техничарите кои што треба да работат со овие апарати. Знаете дека за 10 дена се пуштаат официјално тие двата скапи апарати во употреба. Понатаму, колешке Казанџиска не е срамота да се направат загуби сега во Фондот за здравство кои изнесуват 23 милиони евра со мал придонес за здравство 7,2%, или 7,3%. Срамота е да се направат долгови што направивте вие со 9,3% придонес за здравство. Знаете ли колку се тие 2% разлика помеѓу 9,2 и 7,3. Тоа се 72 милиони евра на годишно ниво.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Голубчо Ангелов, повелете.

**Голубчо Ангелов:** Благодарам потпретседателке.

Полчитуван колега Пачемски во првиот дел од вашиот говор велите вака.Аргументите и фактите покажуваат дека лошо сме ја насловиле денешнава тема и дека не може да стане збор за колапс во здравството. И вие сметате дека состојбата може да биде и полоша. Можам и да се сложам донекаде со вас, да, може да биде и полошо и од лошото, меѓутоа, факт е дека во последните години јавото здравство го допре дното. Можеби не станува збор за колапс, ама факт е дека здравството го допре дното. Значи, болници се распаѓаат, со долгови до гуша се соочуваат. Всушност за поразителните состојби во здравството зборуваше уште на самиот почеток кога всушност министер стана и сегашниот министер Никола Тодоров, па сакате да го негирате него. Ќе ја најдеме изјавата уште на самиот почеток пред 5-6 месеци кога излезе на брифинг со новинарите и кажа дека состојбата во здравството е лоша и дека од денеска почнуваме од нула. На кого да му веруваме? На министерот како најповикан, или на вас? Одлучете се. Значи, од денеска почнуваме од нула и вината за лошата состојба во здравството ја лоцираше кај неговите претходници, барем така го разбравме. Сега не знам, ако другачие требало да разбереме не е проблем, ама граѓаните најдобро знаат со какви услови се соочуваат во болнциите.

Во вториот дел од говорот се повикавте на набавувањето на скапата опрема платена и преплатена и на крајот на краиштата нефункционална затоа што стои неотпечатена по ходниците во здравствените домови не заради нешто друго, туку заради отсуството на неедуцирани кадри. Значи, факт е дека имате пропуст во самата стратегија. Наместо прво да изрушите и завршите едукација на кадрите, па да набвите опрема, опремата со години стои во ходниците нераспечатена, затоа што не се обучиле луѓето да ракуваат со истата. Бидејќи вие потекнувате од лекарската фела, значи јас имам конкретни прашања до вас, бидејќи се однесуваат на нашиот исток, мој и ваш од изборна единица број 3.

Сметате ли дека секундарното здравство во нашиот исток за неколку години ќе замине во пензија заради отсуството на специјализациите и дека за 7-8 години во Источна Македонија ќе немаме интернисти, гинеколози, невролози, епидемиолози, ренгенолози. На крајот на краиштата, еве во Берово ќе нема вас кој да ве замени, верувам дека ќе се согласите, заради отсуството на самите специјализации и верувам дека ќе се согласите дека тоа е и ваша обврска, да му укажете за пропустите на министерот, се со цел да се преземат интервенции во овој дел.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам.

Господине Ангелов, помина времето кога лекарите работеа со стетоскоп и со апарат за крвен притисок и со некоја си основна лабораторија. Тие времиња се минато. Сега во ново време, за поставување на прецизна дијагноза потребни се нови апарати и ренген апарати и компјутерски томографии, магнетни резонанци итн. Вашата забелешка е што тие не се сместени во соодветни простории, дека во моментот немало обука за ракување со истите. Тоа е забелешка колку за да не ги пофалите работите. Вчера министерот за здравство истакна дека ќе има прием на 200 лекари специјалисти и специјализанти за да се пополнат сите тие испразнети работни места ширум Македонија, за потребите на јавните здравствени установи.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Горан Сугарески, повелете.

**Горан Сугарески:** Благодарам.

Почитуван колега крајно време ќе беше некој од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ да одговори, бидејќи министерот не учествува во дебатата.

Нашите пратеници го поставија неколку пати прашањето зошто пропадна проектот со двајца директори? Во 2008 година истата тема ја водевме, но тогаш вие друго ни кажувавте, или го направивте есапот, видовте дека 1,5 милиони евра за една година ќе чинат тие, по основ на нивни плати, придонеси и паушали на членовите на управните одбори кои само во Клинички центар беа 210 луѓе. Со тоа треба да излезете, покрај успешната приказна што се обидувате тука да им ја пласирате на граѓаните, требаше да одговорите и на ова прашање.

Да ве прашам друго. Нашиот пратеник Менде Диневски пред пет месеци му постави прашање на министерот колкав е долгот на јавните здравствени установи во Република Македонија, но ова беше во јули, сега сме јануари 2012 година, одговор нема.

Понатаму зборувате за вдомување на партиски војници, заправо ние зборуваме, 20% од Буџетот одат за тоа. Се вработуваат возачи, чувари, стражари, не медицински персонал и се прима таков необучен кадар, наместо да се примаат луѓе кои реално се потребни во медицинската сфера. Тоа вие не го правите. За да гласаат и да носат по 30-40 луѓе на избори, на пет возачи таму примате уште двајца, седум. Затоа не чини здрвството.

Во вториот дел од вашата дискусија сакам да се задржам, околу долговите. Зошто ни еден пратеник на ВМРО-ДПМНЕ не зборува за извештаите на Државниот завод за ревизија, и во 2008 и во 2009 година има констатирано криминал, ама вие го ублажувате и велите од 2006 е, од 2002 е.

Понатаму кога ние како опозиција ви укажувавме дека овој систем за перманентен видео надзор не треба да го поставувате, чини 1,3 милиони евра, вие велевте не, тоа треба да го има. Ви пристигна укажување од Комисијата за лични податоци дека таква работа не смее да има и 1,3 милиони евра пропаднаа и никој не одговара за таа работа, па сакате да не убедите во успешна приказна, не било колапс. Знаете што е колапс?

Во 2006 година Стоматолошкиот центар 2 милиони евра профит да има, добивка, за сега да има 650 илјади евра загуба. Тоа е успешната приказна на ВМРО-ДПМНЕ.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам.

Колега Сугаревски, проектот двајца директори, двајца менаџери го моделиравме. Видовме дека не е потребен за малите јавни здравствени установи и затоа тој се задржа само во големите, клиниките, Здравствен дом Скопје итн. Да ви кажам дека тој дава резултати.

Понатаму рековте дека долгот ви бил ваков или онаков. Ние да имавме здравствен придонес во денешно време 9,2% од бруто платата, знаете ли дека ќе имаше суфицит и во Фондот и во јавните здравствени установи, но ние рековме дека сакаме да им помогнеме на фирмите, на стопанството во Република Македонија и затоа тој профит го намаливме од 9,2 на 7,3%.

Во поглед на ревизијата на Фондот за здравство, јас како колега ве задолжувам, имаше ревизија во Фондот пред 15 дена, се уште не е официјализиран извештајот, видете го и да ми кажете дали има подобар извештај од последниот извештај на Заводот за ревизија во Фондот за здравство. Нема подобар извештај од овој извештај во историјата на Република Македонија.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Миле Андонов, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам.

Почитуван колега Пачемски, јас ќе се согласам со две или три тези што вие ги изрековте во вашиот говор, а тоа е дека нема идеално здравство односно нема идеално изграден систем за здравствено осигурување, можеби го има но тоа е далеку од нас, можеби во Канада, во Австралија, во Америка, меѓутоа во Европската унија, знаете и самите и јас се согласувам со тоа дека постојат десетина модели на здравствен систем. Тоа покажува колку е комплицирана оваа сфера од живеењето на граѓаните на една држава. Но, почитуван колега Пачемски по шест години владеење на оваа Влада наместо работите да се подигнуваат на повисоко ниво, наместо работата да тргне на подобро, по се изгледа, после овие шест години се се случува нешто наопаку, или како што кажа вашиот министер, се почнува во здравството во оваа 2012 година односно токму сега кога него го поставија за министер за здравство.

Морам да ви признам дека храбро ги отворивте бројките кои годишно се трошат во сферата на здравството и самите укажавте дека од Буџетот на Република Македонија се трошат 370 милиони евра, се предвидени во 2012 година и уште додатни 80 милиони евра кај самото Министерството за здравство за набавка на медицинска опрема, значи некаде цирка од 450 милиони евра долг. Просечно не е толку потрошено овие шест години, просечно е некаде над 300 милиони евра. Значи шест години над 300 милиони евра, досега потрошени над 2 милијарди евра, почитуван колега Пачемски. Што добија граѓаните на Република Македонија за овие 2 милијарди евра во овие шест години. Како што реков наместо да се подигнат на повисоко ниво тие стартуваат од нула како што вели вашиот министер и тој самиот призна дека после шест години се враќаме назад. Каков пакет добиваат пациентите и граѓаните на Република Македонија за здравствено осигурување, кои се задоволни, кои не се задоволни. Вие сте лекар по професија, вие знаете во вашата фела колку се задоволни медицинските лица и медицинскиот персонал било од јавниот сектор било од приватниот сектор. Ни еден не е задоволен. Не само матичните лекари, туку и специјалистите и стоматолозите. Не се задоволни пациентите апсолутно. Секојдневно сме сведоци на драматични и трагични последици и ситуации и не се задоволни фармацевтите и ако пред малку во вашиот говор се осврнавме. Имам уште многу, меѓутоа еве во мојот говор ќе си го задржам правото пак да продискутирам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам.

Почитуван колега Андонов, пет или шест години беа сосема доволно време да покажеме дека знаеме и дека умееме да направиме вистински реформи во здравствениот систем во корист на пациентите. Во овие години драстично успеавме да ги намалиме цените на лековите. Драстично. На годишно ниво 35 милиони евра заштеда во полза на граѓаните и на Фондот за здравство. Воведовме нови вакцини. ХПВ вакцината и вакцината против хемофилна инфлуенца тип Б. Потоа одлучивме да имаме бесплатно финансирање на вештачко оплодување ---- проектот во 2009 година 1700 двојки беа на таков третман. Сега 2010, 2012 тоа веќе не го лимитираме. Колку има потреба толку ќе финансираме. Два пати ги зголемивме платите на вработените во јавното здравство. Два пати по 10%. Ја зголемивме капитацијата на матичните лекари од 45 денари на 50 денари. Набавивме опрема и најавуваме реконструирање на здравствени установи, воведуваме електронски здравствени картички итн, итн.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателке.

Колега Пачемски најпрво директно да ве прашам дали она што пишува во еден дневен весник дека девојчињата од Берово биле повикувани во училиштето и вакцинирани без да бидат прашани и да им биде кажано за што се вакцинирани и без да бидат известени родители е вистина и што вие како пратеник дополнително како гинеколог доктор по професија имате преземено во однос на тој случај. Бидејќи ако е тоа вистина се овде што кажавте од говорница ја побива етиката и заклетвата што сте ја дале кога сте станале доктор и сега понатаму се е излишно да дебатираме ако тоа се случува некаде во Република Македонија а посебно во вашиот град Берово.

Колега Пачемски, кога се ниски температурите надвор, јас ве повикувам за отидеме во било која јавна здравствена установа, еве во Велес и ве повикувам и да видите дека луѓето си носат ќебиња. Не е доволно топло, мрзнат во болниците, а да не зборуваме за мали деца на гинекологија или на породилно не можат да ги истрпат ниските температури. Вие зборувате за грандиозни проекти, за големи реформи во здравството, многу пари сте вложиле во опрема, многу пари сте вложиле во реконструкција. Се е тоа колега Пачемски кредит. И не е проблем да сте зеле кредит ако имаме пари, а ги трошиме за споменици за мртви, наместо да даваме за живите кои имаат потреба од здравствени услуги, како тоа ќе го правдата пред вашите гласачи да трошите милиони евра за бронза, за бетон, за железо во Центарот на Скопје, а сите граѓани во јавните здравствени установи во Република Македонија да се смрзнуваат, да примаат лоша храна, да чекаат по три часа на доктор, да немаат квалитетна здравствена услуга и вие да излезете овде на говорница и да ни велите колку е убаво. Кога зборуваме за парите немојте така лесно да ги кажувате работите. Во 2009 година трансферот на буџетски пари кон Фондот е 80 милиони евра. Во времето на СДСМ беше само 2 милиони евра. И тука повторно должите одговор за што ги потрошивте парите колега.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам.

Почитуван колега Николов, ХПВ вакцината се дава за превенција на грлото на матката. Таа се користи во 128 земји во светот. Докажано е дека е корисна и дека не е опасна и штетна. Во сите тие држави здруженијата на гинеколози и на акушери дадоа виза стручна анализа, значи не политичка анализа туку стручна анализа дека таа вакцина треба да се применува во тие земји. Кај нас во Република Македонија истото здружение даде виза и рече дека таа вакцина е корисна и треба да се дава на девојчињата од 12 години во Република Македонија. Каде е сега проблемот. Дел од гинеколозите во Република Македонија

кои што се повеќе кон вас настроени, партиска припадност ваша или ваши симпатизери, сакајќи да го минимизираат овој проект на Владата рекоа дека таа е нова вакцина, се уште не е докажана, се уште не е испитана и да не се користи кај девојчињата.

Мој совет како гинеколог е да ги гледаме светските трендови. Таа вакцина е корисна и треба да ја примаат сите девојчиња над 12 години.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Весна Пемова, повелете.

**Весна Пемова:** Благодарам потпретседателке.

Почитувани колеги, денес повторно во Собранието дебатираме за уште една информација напишана од опозицијата, овој пат за наводен колапс во здравствениот систем.

Информацијата, како и обично и тоа од самиот наслов се гледа дека е крајно тендензиозна и полна со произволни квалификации, нема апсолутно никаква врска со подобрување на состојбите во здравството, а единствената цел на оваа информација е сите 40 пратеници од опозицијата и нивните приврзоци повторно да се јават на говорница и да се изнаплукаат на Владата. Повторно, по кој знае кој пат ќе бидеме сведоци за злоупотреба на собраниската говорнизца и за класична опструкција на работата на Собранието.Пратениците од опозицијата до бесвест и како расипана грамофонска плоча пак ќе повторуваат едни исти дискусии, исти тези, се со цел и надевајќи се дека 40 пати кажана лага ќе стане вистина.

Почитувани колеги, јас денес нема да зборувам за се што има направено Владата на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата во изминатиот период и се што има односно нема направено опозицијата, во времето кога имаше шанса да го направи тоа. Конкретно ќе се задржам на информацијата односно на сите невистини кои се напишани во неа.

Ќе почнам од самиот наслов каде што пишувате колапс во здравството како резултат на политиката на владите на Никола Груевски, во изминатите шест години.

Обвинувајќи некои поранешни влади и коалиции, вие од опозицијата само покажувате дека немате аргументи против актуелната Влада. Без никакво политичко и морално право СДСМ уште еднаш ги напаѓа претходните влади од изминатите шест години од кои доживеа убедливи порази во тие избори.

Втора невистина во насловот е дека здравството е во колапс. Каков е тој колапс кога системот за јавно здравство редовно си ги извршува своите функции односно пациентите се прегледуваат, граѓаните се лекуваат, лекови има, дури и поетинуваат, се опремуваат болници со најсофисрицирана опрема итн. И граѓаните и вие пратениците од опозицијата добро го знаете тоа, но целта е да се прикаже дека во Република Македонија е се црно и економија и судство, па сега стигнавте дури и до здравството.

Уште една невистина во вашата информација е дека Владата предвидувала помалку пари во Буџетот за здравство во 2012 година. навистина е крајно некоректно од ваша страна да зборувате и да кажувате една таква дезинформација и тоа во година кога Буџетот за здравство во Република Македонија е најголем досега во историјата. За споредба, ако ги собереме четирите буџети за здравство на СДСМ од 2002 до 2006 година, се добива вкупно 22 милиони евра. Владата пак на Груевски која според напишаното во информацијата предвидела помалку средства, во 2011 година предвидела или предвиде 50 милиони евра, а во 2012 година дури 90 милиони евра.

Во 2011 година два пати поголем буџет, а во 2012 година дури 4 пати повисок буџет од сите ваши буџети собрани во периодот 2002-2006 година. И вие колеги, без никаков срам, во јавноста искажувате такви дезинформации.

Понатаму, во Информацијата пишувате дека мерките на Владата во здравството не произвеле ништо освен незадоволни здравствени работници со намалени плати. Ова го пишувате вие кои ниту еднаш не ја зголемивте капитацијата за докторите и не ја зголемивте платата за здравствените работници. А ние, основно Владата на ВМРО-ДПМНЕ во два наврати и тоа 2007 и 2008 година ја зголеми платата, ги зголеми и пензиите и социјалната помош, а од 2012 година и до крајот на мандатот, повторно ќе има зголемување и на платите и на пензиите. Вие, колеги сега најдовте да напаѓате за намалени плати на здравствените работици односно да пласирате една таква невистина и дезинформација.

Друга невистина во Информација е дека цитирам, Владата потрошила 400 милиони евра за споменици за проектот Скопје 2014. Уште еднаш, по кој знае кој пат ги пикате спомениците секаде, па сега дури и во здравството. И тоа не десет, не дваесет туку цели 400 милиони евра за споменици. Замислите, пратениците од опозицијата сите се потпишале на една ваква Информација и јас овде колеги ќе прашам дали вие воопшто го читате тоа што го потпишувате. Да се напише дека за споменици во Република Македонија се потрошени, без малку, половина милијарда евра е ништо друго, туку чиста лага, па дури и глупост. Ваквите измислици, претерувања имаат за цел само да се омаловажат спомениците во Република Македонија и тоа сега, во период кога се пушти во употреба Триумфалната капија што сите со воодушевување на гледаат и зборуваат за нејзината убвина. Навистина е срамота како СДСМ се однесува кон историските и културните споменици во Република Македонија и тоа колеги не доликува на една одговорна и една сериозна опозиција во Република Македонија.

Уште една безмислица или невистина, наведена во Информацијата дека денеска, за долговите во јавните здравствени установи и Фондот никој од власта јавно не говори, одосно дека тоа е државна тајна. Еве колеги, сакам од оваа

говорница да ве прашам, каква е таа државна тајна кога сите информации ги имате на интернет, на официјалниот сајд на Фондот. Ако погледнете внимателно ќе видите дека од година во година долговите во јавните здравствени установи и Фондот се намалуваат. Денеска долгот е 2,5 пати помал од периодот 2005 година. Пишувате за државна тајна, а податоците ги има на интернет, обвинувате за долгови во здравството, а тие се здравствено намалени во последните 6 години.

Почитувани колеги, во Информацијата има уште многу вакви невистини, провокации, манипулации, дезинформации. Меѓутоа, вие имате единствена цел неосновано да ги дигате тензиите во Република Македонија и тоа во еден многу чувствителен сектор, а тоа е здравството. Но граѓаните на Република Македонија треба да знаат и да не подлегнуваат на вакви ваши провокации, да бидат спокојни здравствеиот систем во Република Македонија функционира и оваа година, да потсетам, средствата во Буџетот за здравство се најголеми до сега во историјата на Република Македонија.

Да кажам уште една невистина и тоа на крајот од вашата Информација, дека завршувате со пораката дека Собранието треба со исклучително внимание да ја разгледа Информацијата и преку содржинска и аргументирана расправа, со заклучоци, да помогнало здравството да се разбудело од кома. Но колеги, какво е тоа исклучително внимание, треба да разгледаме една ваква многу општа, тенденциозна, невистинита информација, каква содржинска расправа пишувате кога сите ваши дискусии се идентични. Цело време верглате. Три- четири неаргументирани тези, многу пати од вас се побиени.

**Светлана Јакимовска:** За реплика е пријавен господинот Сугаревски Горан, повелте.

**Горан Сугаревски:** Колешке, очигледно вам ви останува пракса деловнички да делувате иако го немате тоа право. Не знам зошто претседателката не ве потсетува да не не учите колку дискутанти треба за која точка да се пријавуваме. Имате Деловник, дали сте го прочитале, таму јасно стои кој пратеник сака и колку пати сака може да се јави за било која точка. Нема што вие да ни кажувате дали 40 или 50 може да се пријавиме.

Денеска имаме Информација што сме оцениле дека треба да ја поднесеме. Не требаше да не учите на таа работа и да ги изврти наводите во интерпелацијата,туку едноставно да прговориме со аргументи, зошто мислите дека тие наводи не се точни. Тоа не го кажавте. Тврдам дека сите наоди во интерпелацијата од прва до последна се точни. Оспорувањето во делот на споменици, на зголемување на средства за проектот Скопје 2014 се многу јасни. Затоа што денес во Република Македонија доцнат исплати за боледување и породилни отсуства повеќе од 5 месеци. Ние мислиме дека тие средства од проектот Скопје 2014 требаше да бидат пренаменети таму. Не знам што ви е чудно во таа работа.

Друга работа, долговите, цело време поставуваме исти прашања што немате одоговор, што ќе ги поставувам до крајот на дебата, како е можно од 01.01.2009 година со позитивно салдо нула да стартува,а сега над 50 милиони долг? Кратко и јасно. Зошто никој не кажува? Зошто министерот не одговора колку должат јавните здравствени установи во Република Македонија. Кратки и јасни прашања што треба да добијат одговор. Седум месеци нема одговор.

Во делето на Буџетот, точно е имате најголем Буџет. 20% од средстата знаете за што одат, за непродуктивен кадар таму. Необучен кадар. А во друга смисла го кршите членот 43 каде што треба да имате специјализации.

Овде велите да, ќе гласаме за тој Буџет, 20% од нив одвојувате за возачи, за градинари, луѓе кои не се доходовни во болниците во Република Македонија. Не знам како тоа да ви го објасниме.

Велите, здравството е супер. Си верувате самата на себе во ова што го зборувате? Велите одлично е во Република Македонија. Тоа доживува крах. Колапс е малку. Не знам како да ви ги објаснам овие работи.

Во делот на пропаднати проекти, поставуваме прашања за 5 или 6 проекти, за видео надзорот, не одговоривте. За ХПВ вакцини, не одговоривте. Советници за заштита на правата на пациенти, не одговоривте. Интегриран здравствен информативен систем, електронска здравствена картичка и за тие не.

Поставивме прашае за лидерството, во 2007 година внесовте два директори, нема одговор. Колегата Пачемски одговори дека го моделирале. 210 луѓе по управни одборо во Универзитетскиот клинички центар. Паушали во годината 1,5 евра тие луѓе ја чинат. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Пемова Весна, повелете.

**Весна Пемова:** Нема потреба од нервоза. Можете да зборувате посмирено. Очигледно фактите се на наша страна.

Уште нешто. Ова не е интерпелација, како што рековте и вие, туку информација. Во мојата дискусија се држев стриктно за невистините така кажав и во дискусиите, изнесени во вашата Информација.

За информирање на јавноста, во перодот од 2002 до 2006 година во Прилеп, ако вие велите дека несоодветно се наменуваат средства за вработување се вработиле само 3, или се испратиле само 3 на специјализација. Од 2006 до 2010 година 14 специјализанти. Дали е тоа невистина колега, одговорете.

**Светлана Јакимовска:** За реплика е пријавена госпоѓа Томиќ Тања, повелете.

**Тања Томиќ:** Благодарам потпретседателке.

Почитувана колешке, да не ми кажеа колегите дека сте доктор по професија, бев подготвена да

се кладам дека сте учителка. Излеговте на говорница и како на ученичиња се дрзнавте да ни кажувате што е тоа што смееме да го говориме, за кои проблеми треба да поднесуваме информација, уште да ни кажевте како треба да изгледа информацијата. Се што ви недостасуваше беше само стапче по рака кога ќе се пријавиме за збор. Навистина не сметам дека е тоа начин на што еден колега треба да се обрака кон своите колеги.

Да се вратам на она што го говоревме во Информацијата, а се конкретни факти, за што ниту еден од вас, во моментов, не даде образложение да ги побие, ниту пак даде контра аргументи зошто е тоа така. Десет милиони евра, според ревизорсктие извештаи во 2009 година се потрошени за јавни набавки, со недоследно почитување на законските соодветни одредби. И покрај јавните повикувања неколку пати, јавниот обвинител сеуште не превзема чекори да се расчисти на тој начин, кој тоа го направил и што е тоа за што треба да одговара, ако воопшто некој во државава одговара.

Кажавте дека јавно, на веб-страниците се објавуваат сите информации. Очигледно и тоа не сте го провериле доволно добро, бидејќи иако Фондот има обврска да објавува месечни извештаи, последниот извештај што го имаат објавено е од септември 2010 година. Не 2011 година колешке, 2010 година. Говорот дека транспарентно и отворено се работи и дека се е достапно на граѓаните апсолутно не држи. Да не говорам дека боледувањата од октомври 2011 не се исплатени. Средства за лекови и ортопетски помагала во аптеки од август 2011 година. На матичните лекари сега им префрливте дел од средстата, откако се пушти во собраниска процедура информацијата што ја дадовме.

Исто така, секој кој имал потреба, за жал, да се најде на клиниките во Република Македонија се довел во ситуација да треба сам да си купи гликоза за инфузија, игли и шприцеви, завои и гази за да можат да го превијат. Секој кој имал потреба да добие соодветна лекарска помош морал да даде дополнителни средства и покрај тоа што плаќа здравствено осигурување. Да не говориме за случај во кои директори на клиники отпуштаат пациенти недолечени, затоа што им треба кревет за нивен пријатели и притоа се караат со лекарот кој го води пациентот, не дозволувајќи му да го задржи, иако тој смета дека е потребно. Ако тоа не е колапс на здравството...

**Светлана Јакимовска:** Госпоѓа Пемова Весна контра реплика, повелете.

**Весна Пемова:** Почитувана колешке точно, докторка сум, но сега настапувам од аспект на политичар во Собраниево.

Од вашата критика кон мене, дека се однесува како учителка,ќе ви одговорам дека вашиот текст е виновен. Само направив анализа на вашата информација, текстот меутоа почитувана колешке вие и понатаму, како претходно, продолжувате да работите на истиот принцип. Вашиот принцип на работа го критикував и мислам дека е оправдано, бидејќи таквиот принцип на работа веќе одамна е надминат. Ваквиот ваш начин на работење не е добар поради тоа што води до опструкција на работата на Собранието на Република Македонија.

**Светлана Јакимовска:** За реплика е пријавна госпоѓа Анастасова Станка, повелете.

**Станка Анастасова:** Благодарам потпретседателке.

Почитувана колешке, бидејќи сте лекар, очекував барем еден дел да покажете од она што се случува. Не мораше се. Знам дека имате партиска обврска ова да го браните, но како медицинско лице не смеевте толку длабоко да западнете во бранење, штитење на нешто што штети на здравјето на сите граѓани на Република Македонија. Рековте дека не сме го зголемиле капитациониот бод. Почитувана колешке, ако не знаете, бидејќи сте од секундарна здравствена заштита, треба да знаете дека СДСМ ја направи таа реформа. Вие само ја имате таа чест на готов проект да почнете да го применувате. Првично ја ставивте цената од 45 денари за капитационот бод, а вие прво го намаливте, за да потоа го качите, да ви бидат благодарани матичните лекари.

Бидејќи сега Фондот за здравството има се поголема финансиска дупка, очекувам дека најверојатно не само што нема да го качите бодот, како што бараат околу 1800 ориднации, матични лекари од кои 85% едвај преживуваат, едно поради доцнење на исплата, друго поради малата вредност на капитациониот бод, се надевам дека тоа нема да го направите, но сепак мислам дека Владата се стреми кон намалување на капитациониот бод. Дополнително сака да го наметне гневот на граѓаните врз докторите што навистина не доликува.

На овој степен на кој што се сега лекарите и медицинскиот персонал Владата е виновна до каде не доведе. Да набијат револт кај граѓаните дека нешто прават лекарите и медицинските сестри односно целиот медицински персонал, всушност проблемот е во Владата, во врвот, само сакаат да го свртат вниманието да се оцрнат сите лекари. Претходно имаше спектакуларни апсења на лекари само да се наруши угледот на медицинската фела. Жално е што тие се уште млчат. Но не знам до кога.

Во едно колешке Пемова можеме да се согласиме. Рековте дека сме кажале половина милијарда евра трошела Владата за споменици во Скопје 2014, тоа било најголема глупост. Да, се согласуваме. Тоа е единствена, уникатна Влада во светот што дава половина милијарда евра за споменици, за нешто што прави чест на мртвите, но не служи на живите, на болните. Никако нема да им го подобри здравјето, ниту ќе им го спаси животот. На толкав Буџет да немате средства да ги реконструирате болниците, да се задолжува цела држава со кредити што ќе ги плаќаат идните генерации, навистина не е чесно од ваша страна.

**Светлана Јакимовска:** Госпоѓа Пемова Весна контра реплика, повелете.

**Весна Пемова:** Почитувана колешке, жалам што не ви успеа протесот, што го организиравте, бидејќи нашите колеги знаат кој навистина се залага за подобрување на состојбите во здравствениот систем.

Што се однесува за 400 милиони евра што пишувате, дадени за споменици од проектот Скопје 2014, ќе ви одговорам да, 400 милиони евра за споменици, меѓутоа и 400 милиони евра за здравство.

А каде се спомениците на СДС? Нема ниту еден споменик, а вели потрошивте 22 милиони евра. Колешке, крајно време е да кажете каде отидоа милионите евра од вашето време.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Мазгалоска Вучетиќ Светлана, повелете.

**Светлана Мазгалоска Вучетиќ:** Благодарам потпретседателке.

Почитувана колешке Пемова, во вашата дискусија пратејќи ја најмногу внимание ми привлече вашата изјава дека Информацијата поднесена за здравството е тенденциозна. Јас ве прашувам почитувана колешке како може Информација за здравството, за состојбите во здравството каде што здравството ние е дејност од општ интерес и пред се се однесува за здравјето на граѓаните, а кон тоа ако го додадеме податокот дека работата на лекарите е прилично специфична и одговорна и кон тоа го додадеме и податокот дека и вие сте лекар, не знам како може ваква една Информација за вас да биде поднесувањето тенденциозно.

Во вашата дискусија кажавте дека денеска и еве во наредните денови ќе имаме не знам по кој пат злоупотребување на говорницата во овој законодавен дом. Јас тука колешке Пемова не би се сложила со вас. Без разлика дали се работи за позицијата или опозицијата и без разлика дали се работи по Предлог закон или информација доставена од Владата или опозицијата потребно е да дебатираме и да се погрижиме да најдеме одредени решенија кои ќе се однесуваат за доброто на граѓаниет, оние кои не избираат нас колешке Пемоваи тоа не претставува во никој случај злоупотреба на говорницата.

Во однос на Информацијата кажавте дека има многу невистини. Прво спомнавте декалекови има. Да, има колешке лекови, но прашањето е колку ги има на позитивна листа, колку ги има на негативна листа и како се набавуваат тие во аптеките. Еве едне практичен пример, да земеме еден пензионер кој што им просечна пензија кога ќе ги набави лековите за својата редовна терапија која се прави од прилика до 15-ти во месецот и така се намалуваат редовите во аптеките и колку му остануваат на овој пензионер, не дај боже да се разболи од некоја инфекција до каде ќеќ состигне висината на паричните средства кои пензионерот мора да ги одвои, а ваму зборуваме за достапно и бесплатно здравство.

Во однос на тоа дека од времето на владеењето на СДСМ останале незадоволни здравствените работници, јас би рекла дека најголем број незадоволни здравствени работници особено лекари специјалисти имаме токму во овој период на владеење на ВМРО ДПМНЕ кои најголем број се прелеаја од јавното во приватното здравство и тоа е круцијалното прашање на кое треба да се даде одговор зошто токму во овој период се случи тој одлив и уште се случува. Благодарам.

**Светлана Јакимовска**: Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Весна Пемова, повелете.

**Весна Пемова**: Јас ќе го повторам тоа и тврдам дека вашата единствена цел за поднесување на оваа информација како и на неколкуте претходни информации за кои што дебатиравме со денови овде е само плукање кон актуелната власт и кон актуелната Влада. Затоа колешке јас и реков дека и цело исклучиво и стрикно по информацијата и кажував за невистините, меѓутоа еве вам ви предлагам и на останатите ваши колеги да прекинеме овде, ајде дајте заклучоци, дајте аргументи, дајте факти, аргументирано да зборуваме, да не зборуваме напамет бидејќи како што заклучив и вие не сте не внимавела кога нашит колеги зборуваа и реплицираа дека еве за лековите дека 1299 лекови поефтинија и тоа од 30 до 70%.

**Светлана Јакимовска**: Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Ефтимовска Јовковска Дивна, повелете.

**Дивна Ефтимова Јовковска**: Благодарам потпретседателке.

Колешке Пемова, вие сте лекар по професија и речиси сум сигурна дека многу добро знаете до кое дереџе ни е здравствениот систем и од тој аспект апсолутно немате ама баш никакво алиби да зборувате за наводни невистини презентирани во информацијата и во дискусиите на пратениците од опозицијата кога откако сте дојдени на власт им го загорчивте животот на пациентите шетајќи го наваму и натаму.

За пример ќе ги искористам проблемите кои ги имаат пациентите во примарното здравство, а тоа е потребата да имаат извештаи од специјалисти кои не треба да се постари од 2, 6 месеци или една година како би го оствариле правото за да можат да го добијат потребниот лек. Тука се работи за група на хронично болни кои шетаат од матичен до специјалист, па потворно до матичен. На пример еден дијабетичар кој прима инсулинска терапија, треба да чека кај матичниот лекар за да довие упат до специјалист. Потоа чека кај специјалистот за да добие извештај за инсулинот. Со извештајот повторно се враќа кај матичниот лекар да чека за рецепт за инсулин, а откако ќе добие рецепт за инсулин чека во депото за лекови за да го подигне инсулинот. Така секои два месеци затоа што извештајот важи само два месеци, а пациентот

бидејќи има инсулин зависен дијабет до крајот на животот треба да го прима инсулинот. Дали е направено од пациентот за да плаќа партиципација кај специјалистот на секој втор месец или се работи за лоша организација.

Што се однесува до работата на менеџерите во здравството општо е познато дека и покрај курсевите и потрошениет пари за едукација на менаџерите, како и дуплите директори во јавните здравствени установи, освен што ги оптоварија буџетите на здравствени организација со ништо не го подобрија ниту економското ниту медицинското работење на здравствените домови.

Што се однесува конкретно до здравствениот дом во Ресен ќе споменам дека во Ресен нема дневна болница каде пациентите би ги примале лекарствата што се примаат само во болнички услови. Здравствениот дом согласно законските норми и дејности, согласно статутот на домот не може да организира дневна болница и заради тоа извесна ампуларна терапија не може да се прими во здравствениот дом во Ресен, туку мора да се патува во Битола или во Центарот за рехабилитација во Отешево, што ги изложува пациентите на трошоци за пат, не прачуваjќи ги луѓето дали имаат или не, а за малтретирањето да не зборуваме. Што значи за дете со температура од 40 степени патувањето и наводно ова било во смисла да се обезбеди болнички надзор. Каков е тој надзор кога во билницата ја ставаш инфузија и добиваш налог да викнеш кога ќе заврши инфузијата. Станува ли тука збор за некаков надзор?

**Светлана Јакимовска**: Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Весна Пемова, повелете.

**Весна Пемова**: Колешке, прашавте и кажавте на кое дереџе е здравствениот систем. Многу од моите колеги, а и јас лично кажувам дека здравствениот систем во Република Македонија бара уште реформи за подобрување и на јавните здравствени установи и условите каде работат нашите колеги и медицинска опрема. Од тие причини Владата на Република Македонија минатата година оддели средства во буџетот два пати повеќе отколку сите ваши буџети во периодот од 2002-2006 година, а оваа година 4 пати повеќе средства токму за тие намени, за реконструкција на јавните здравствени установи се одделени вкупно 481 милион денари, толку средства колку што изнесуваше вашиот буџет во 2005 година.

**Светлана Јакимовска**: Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов**: Благодарам.

Се јавив за реплика поради две работи. првата работа е почетокот на говорот на колешката во кој почна пратениците на СДСМ да ги кара и да им кажува што треба да прават во Собранието. Вие сте неполни 6-7 месеци во Собранието, како толку брзо ви здодеа да дебатирате овде во Собранието и да се служите со такви зборови дека ние не сме знаеле и дека не сме напишале правилно во информацијата. Немојте да си деградирате институцијата во која граѓаните ве избрале да ги браните нивните права. За среќа граѓаните не мислат како вас и на последната анкета го поздравиле таквиот начин на работа на Собранието со давањето повисока оценка за работа на Собрание. Веројатн сега нема да го негирате и тоа бидејќи претседателот на Собранието доби многу висока оценка. Граѓаните сакаат во Собранието да се зборува за нивните проблеми. Тоа што вам не ви одговара што се зборува и тоа што посочуваме на реалниот живот и реалните проблеми, тоа е друго прашање за кое ние не можеме да ви помогнеме и колку повеќе се нервирате поради тоа, тоа за нас повеќе значи дека сме ја погодиле темата на дебата во Собранието.

Втората работа, за која сакам да ви реплицирам е кога ја споневте Триумфалната порта. Вие сте од Кавадарци, таа Триумфална порта чини 4,4 милиони евра. вратете се во Кавадарци, кажете им на лозарите дека тоа што не им е исплатено грозјетео во Џумајлија, што не им се платени субвенциите од 2009, 2010 година, што немаат добиено од винариите пари за своето грозје и кажате им сега ајде со мене сега заедно низ Триумфалната порта да помине за да се чувствувате убаво и гордо, а на да ги тепате во Агрокомбинатот Џумајлија, посочувајќи дека некој друг е виновен испраќајќи го оној ваш курир Аризанов да ги манипулира лозарите. Затоа, кога зборуваме за реални проблеми Триумфалната порта и проблемите на кавадарчани со грозјето и субвенциите, граѓаните секогаш ќе ви речат, пратеничке, тоа што го зборувате и го браните Проектот „Скопје 2014“, а не зборувате за нашите проблеми значи дека сме згрешиле во изборот кога сме ве гласале за пратеник. Така не се решаваат проблемите во Република Македонија и затоа обидете да бидете народен пратеник кој за се ја подржува Владата на Република Македонија.

**Светлана Јакимовска**: Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Весна Пемова, повелете.

**Весна Пемова**: Почитуван колега, 6 месеци е доволен временски период за да се види нашиот начин на работа. Ова не е прва информација веќе имате 4-5 и секој може да го оцени вашиот начин на работа по диктат.

Јас не зборував за земјоделието, меѓутоа вие излеговте надвор од темата па вака ќе ви реплицирам за она што не го зборував. Времето во кое вие од СДСМ владеевте сите го паметиме по белата мафија, аферите за недостаток на цитостатици, стентови, ортопедски помагала и по скапите бисери кои со државни пари си ги купуваше на министерките вашиот министер за здравство Владо Димов. Крајно време е колега, не знам каде е тој, дали во Турција или Бугарија, да го донесете и да каже каде се средствата од буџетот за здравство од 2005 година, односно парите на граѓаните.

**Светлана Јакимовска**: Благодарам.

Има збор господинот Трајанов Павле, повелете.

**Павле Трајанов**: Благодарам.

Еве, да ја искористам можноста денес да се вклучам во оваа расправа. Парламентот доста често расправа за многу битни прашања, веќе често пати расправаме за реформите во правосуддаството, реформите во јавната администрација, имавме расправи за реформите во образованието, состојбите во здравството и можеби се навраќаме тогаш кога расправаме за некој законски проект или за промените во некои закони. мислам дека тоа е добра форма да се расправа за некои битни прашања и во оваа област во Парламентот. Можеби тоа е добар пример и Владата да излегува со одредени концепти и стратегии, односно министерствата по кои ќе можеме да водиме расправа во Парламенто со надеже дека овде се даваат повеќе идеи, предлози и од позицијата и од опозицијата. Мислам дека не е лошо што се отвори расправа, но би било добро до колку преку расправата се предложат одредени промени, нови концепти и стратегии, инаку таа не би била со некаков епилог до колку останеме само на расправи, дискредитација на се она што е добро или да ги посочуваме само негативните состојби во областа на здравството.

Инаку, оваа хумана и тешка професија, но неплатена, е предмет на постојана политичка расправа или постојани напади, дури имаме континуирано 22 години напади од медиумите, кои се насочени кон тоа дека не функционира здравството, здравствените работници не се во функција на заштита на здравјето на граѓаните. мислам дека ваквите напади не вродија со плод во правец на подобрување на состојбите, туку и натаму да се влошуваат. Во оваа насока ако Парламентот подготви закон или гласаше за законск решенија за заштита на пациентите, можеби требаше да расправаме и да донесеме Закон за заштита на докторите и целокупниот персонало што работи во здравствните организации. Сигурно дека имаше многу идеи и реформи, но според моите согледувања ниту една од реформите не заврши до крај, постојано се предлагаа нови реформи и позитивните ефекти од тие реформи, почетните позитивни ефекти секогаш беа загушувани со нивите реформи и стратегии. Мислам дека и натаму недостасува еден заокружен концепт за развој на здравството, концепт што ќе биде до крај спроведен и треба да помине одреден период за да се видат позитивните, евентуално негативните ефекти. Тогаш можеби треба да зборуваме за одредени реформи, стратегии и развојни концепти.

Концептот што десетина години веќе е присутен да се подржи приватната пракса или отворање приватни амбуланти, па дури и клиники, мислам дека едобар, создаде конкуренција во државата, но во овој период мислам дека малку се запостави јавната здравствена заштита, јавните здравствени установи. Тоа се покажа во последните години кога експерти од врвни институции напуштија и заминаа во приватните болници, клиники итн. Тука треба да се отвори расправа, да видиме кои се проблемите, дали единствен проблем е платата и примањата или има и други проблеми, вклучително о кадровската политика што се води 22 години каде што раководители на стручниот дел на здравствените организации постојано се предлагаат и поставуваат партиски кадри, често пати не најдобрите кои се во таа професија. Можеби за тоа можеме да разговараме, бидејќи тоа не е сега актуелно прашање воовој период на владеењето на ВМРО ДПМНЕ и другите партии во коалиција, а оваа пракса колку што се сеќавам е од 1990, 1991 година присутна. Кадровската политика можеби треба во овој дел да се менува. Сега има најави за обнова на кадрите во јавните здравствени установи и тука би се заложил да имаме сосема јавни и јасни критериуми и приемот да се врши од оние кандидати кои што ќе исполнат условите, тоа да се одвива многу транспаретно и јавно без било какви притисоцви и влијанија од партиите или други центри на влијание.

Да не расправаме само, да не теоретизираме, јас што предлагам. Освен тоа што предлагам да се изгради кадровска политика што ќе даде шанса на најдобрите доктори, најдобрите специјалисти, на најдобриот персонал, среден стручен персонал, тоа е една од работите.

Втора работа, треба да се разгледа можноста како да се подобри материјалната состојба или платите на сите што работат во здравството,

И трета работа се залагам до колку е можно тоа да се заложиме да се отвори државна кардиохирургија бидејќи 22 години постојано се расправа дека е тоа потребно на Република Македонија, бидејќи има две такви приватни и не е лошо да има една државна се со цел да се зголеми конкуренцијата и да се обезбеди врвна заштита на граѓаните. Мислам дека тоа би било во функција до колку се градат одредени заклучоци, предлози и очекувам овде посебно оние што ја предложија оваа информација, не само да расправаат и да критикуваат, туку да предложат конкретни решенија. Тоа би било можност да се разгледа и сегашните аткуелни концепти и тоа што го нуди опозицијата за да можат граѓаните да проценат кои се подобри решенија, стратегии и визии за развој на здравството.

Инаку ако продолжи само да се расправаме, да се дискредитира мислам дека е ефектите од оваа расправа нема да бидат никакви. Благодарам.

**Светлана Јакимовска**: Благодарам.

За реплика е јавен господинот Велјаноски Митре, повелете.

**Митре Велјаноски**: Благодарам.

Почитуван пратеник, со голема внимание ве следев затоа што зборувавте кратко, концизно, јасно. До колку почитуваните пратеници од власта внимателно регистривавте.

Вие ги потврдивте сите тези кои беа изнесени од страна на опозицијата. Најнапред кажавте дека јавното здравство е во криза, кажавте дека огромен број квалитетни кадри од јавното здравство заминале во приватното здравство. Потоа кажавте дека ниту една реформа која започнала не е довршена, се заменила со друга реформа. Потоа кажавте за тоа дека оваа професија е хумана, тешка, многу значајна и дека е многу, многу потценета. Три пати спомнавте дека платите на лекарите и на останатиот персонал е далеку од потребниот и далеку од нивото на тежината на работата. Понатаму, кажавте за кадровската политика, споменавте дека имаме партиски вработувања во јавното здравство, се заложивте што сите ние тоа го бараме и го правиме. Следните 200 вработувања кои се најавија од Министерството за здравство да бидат транспарентни, да добијат најдобрите место а не по партиски клучови и последно се заложивте за државна кардиохирургија за која исто така се залага опозицијата. Значи, 10, она што јас успеав да запамтам, 10 тези кои вие ги ставивте овде. Тоа е суштината на проблемот, тоа е реалната состојба на јавното здравство во Република Македонија. почитуван пратеник Павле Трајанов, најискрено ви благодарам за доблеста да ја кажете со малку реченици целокупната состојба во македонското здравстов.Благодара.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Значи, јас тоа што го зборував мислам дека тоа е реална состојба на состојбите и очекував јас ваква расправа и дискусија да има објективна без критицизам од страна на опозицијата и добро е што добро ме сослушале. Се надевам дека вакви расправи ќе има и натаму повеќе и сигурно дека состојбите не се идеални, но јас се залагам за конкретни предлози, конкретни сугестии без да се пренагласуваат негативните состојби. Никаде не се идеални состојбите, ниту во здравството. Но, сигурно дека сите ние кои што еве, верувам дека има и во опозицијата кој што ги познава состојбите и ќе предлагаат решение што сите ние ќе ги прифаќаме, а критиките сигурно дека се добродојдени, но не секогаш се во функција да се разрешат одредени состојби во државата. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор господинот Изет Зеќири, повелете.

**Изет Зеќири:** Почитувана госпоѓо потпретседател, почитувани пратеници,

Ќе се обидам во овие 10 минути колку што можам да дадам придонес во однос на прашањето на состојбата во здравството. Тоа што е генерално е дека болниците и лекарите во последно време се деградирани и нивната позиција и улога е деградирана. Ова ќе се обидам да го поддржам со фактот што денес еден лекар со лични приходи од 25 до 30 илјади денари и со дежурство од 150 денари до 200 денари, навистина е износ кој што не може ниту да се спореди со еден вработен со средно образование, или пак со завршен факултет со три години кој што во некоја агенција, или пак регулаторн агенција добива до 60 илјади денари, или пак 1000 евра плата, а еден лекар со 6 години факултет и три години специјализација, значи 9 години професионална подготовка да добива 25 до 30 илјади денари плата. Тоа што сакам да го кажам е дека доколу се анализира, јас ќе ги спомнам слабостите кои што постојат во здравствениот систем. Факт е дека резултатите од биопсиите за рак доцнат со месеци, со по 6, или пак три месеци, некои приватни ординации тоа го прават многу побрзо и ова влијае директно врз елиминирањето на елементите на рак кај пациентот. Доколку се анализира друга реформа од јануари кога е отежнато одењето на пациентите кај лекарот, значи новиот систем на посети кај лекарот, треба да признаеме дека овој систем не дава резултати. Еден таков систем всушност го оневозможува пациентот да оди кај својот матичен лекар. И ова навистина има создадено едно талкање на пациентите од еден до друг лекар за да го добијат соодветниот упат. Доколку се анализира прашањето на вработувњето, јас ќе искажам неколу факти. Само 4% од вкупно 1359 вработени се Албанци во скопските клиники. Здравствениот дом во Скопје кој што во својот состав има 9 поликлиники и 60 амбуланти, брои вкупно 168 лекари, 4 општи лекари, тројца специјализанти, стоматолози, специјалисти вкупно се 56, медицински сестри се 333, техничко административен персонал се 275, вработени и други соработници се 264 и 66 возачи. Доколку се анализира овој број само 65 се Албанци, или 5,6% што е навистина алармантна ситуација.

Прашањето на неуспехот на оваа Влада која што под раководство на Министерството за здравство, значи бил кадар од ДУИ, таму бил Бујар Османи е и прашањето на амбулантите во руралните зони, во многу села во скопско Малина, Брест, Танушевци, Тетово Сува Шарска планина имаме амбуланти кои што се изградени, меѓутоа немаат лекари. Друг неуспех е и фактот на кардиолошката клиника каде што застапеноста на Албанците е навистина во жална состојба. Министерот од ДУИ излезе и рече, дека ќе вработат тројца Албанци, меѓутоа заврши со тоа што вработи тројца Македонци и еден Турчин во оваа клиника. Јас го споделувам убедувањето дека во Универзитетските клиники во Скопје во сите клиники ситуацијата е иста. Да не ги спомнам елементите на непотизам кој што ги има токму кај кадарот на ДУИ. Во текот на владеењето со Министерството за здравство Бујар Османи како специјализант дозволи непотизам во клиниките. И поради почитта кон лекарите, јас само ќе спомнам, во хируршката клиника Г.К. син на шефот на катедрата на хирургија, Г.К. е вработен токму со дозвола, или согласност на Бујар Османи. Ортопедска клиника А.С. син на професор Ј.С., во Клиника за пластична хирургија Х.Б., ќерка на професорката Г.П., Хематологија

М.П., ќерка на професор Ж.П., Неврохирургија сопруга на доктор А.Г. и Т.К., син на поранешниот директор на Градска болница д-р В.К. Во клиника за Детска хирургија синот на директорката Л.М. и Т.Р. братучед на актуелниот министер за финансии Зоран Ставрески. Значи, ова е невиден непотизам кој што е дозволен, или е со согласност на министерот поранешен Бујар Османи. Сакам да кажам дека е неуспешно и плаќањето на лекарите врз основа на резултатите од работа. И доколку се анализира шаренилото кое што е создадено од овој систем на плаќање врз основа на резултатот, или ефикасноста, или пак како што го нарекувате по учинок, тоа има создадено многу разлики меѓу лекарите според точките за кои што се определиле. Сакам да кажам дека треба да се воспостават стандарди и контрола, затоа што не е иста тетовската болница која што има 264 илјади осигуреници каде што еден лекар сервисира 20 пациенти на ден, да биде ист со резултатот кој што го остварува еден лекар во Штип, или пак Велес, каде што на пример, нема број на осигуреници колку што има во Тетово. Тетово има 56 илјади, или пак евентуално во Битола 97 илјади. Затоа оваа форма е неуспешна, или медицината не е математика, не може врз основа на резултатот да се земаат средствата од еден лекар и да се даваат на другиот лекар.

Уште поскандалозна е анализта што ја направи во Фондот за здравство. И претходно спомнав, знаете дека Фондот за здравство дава пакет на услуги, здравствени услуги во примарна, во секундарна медицина и болничка здравствена заштита. И податоците укажуваат на тоа дека во многу градови се јавува разлика, дискриминација според бројот на осигуреници кои што ги има и кои што плаќаат здравствено осигурување. Со самиот факт што во Битола каде што има вкупно 96 илјади осигуреници по глава на осигуреник од средствата на Фондот за здравство, оваа клиника добива 6324 денари и ставајќи ги тука и здравствените центри, специјалните болници, здравствените домови излегува 8462 денари за еден осигуреник. И, анализирајте и слушнете го фактот за Тетово. Тетово со 155 илјади осигуреници доива буџет од Фондот за здравство 484 милиони, односно по глава на осигуреник 3121 денар, или пак ако се земат и специјалните болници, другите здравствени домови, добива 4032 денари. Јас не сум против, меѓутоа мислам дека методологијата, начинот како работи Фондот за здравство е погрешен. Затоа што овие луѓе плаќаат за здравствени услуги. Ситуацијата во Велес е на пример, 6909, во Штип 7802, во Охрид 9900 денари по глава на осигуреник, во Прилеп 5906 денари. Како е можно? А во Гостивар 3800 денари, во Дебар 3900 денари, во Кичево, тука е и пратеникот пред мене Илија Китановски. Тој финансира за здравството во Кичево само 3050 денари. И ова не е во ред. Ние можеме да говориме што сакаме, меѓутоа сепак, треба заветот на Хипократ да го имаме, не само кога се контролира, кога прави контрола лекарот, туку и кога се доделуваат финансиските средства. Ова го дозволува партијата што е на власт. Таа денес има заменик директор за кој што мислам дека можеби ќе ги среди работите, затоа што е на почеток. Меѓутоа, ова не требало да се дозволи. Нека излезе некој и нека ми ги отфрли мене овие аргументи, нека ми ги побие овие аргументи во однос на финансирањето од Фондот за здравство. Доколку ги анализираме индивидуалните приходи при тетовската клиника, или болница остварува повеќе индивидуални приходуи отколку другите болници. И тоа ќе кажам дека е неприфатливо што долгот од 42 милиони и 700 илјади што го имаат клиниките, сите клиники и здравствени домови во Македонија некои градови имаат многу голем долг како што е градот Гостивар што има 105 милиони долг во споредба со другите клиники. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Реплика има господинот Илија Димовски, повелете

**Илија Димовски:** Благодарам.

Јас многу пати се шалев со почитуваниот колега Изет Зеќири, меѓутоа мислам дека е момент да му укажам сериозно дека внесувњето на вакви дебати и каде што треба и каде што нетреба, не му е на место. Правејќи весела математика за тоа кој, колку добивал во Македонија влегува во дебати кои што малку повеќе наликуваат броење на крвни зрнца, господине Зеќири, наместо да дискутираме за генералната состојба во здравството. Еве јас ќе ве прашам како Македонец вас, а вие како голем Албанец очигледо се обидувате да глумите тука патриотизам, зошто во Министерството за здравство има вработено 55% Албанци. И дали ќе се согласите дека тоа не е правилно. И дали ќе се согласите тие што се повеќе од потребното, или од со Устав предвиденото начело, да бидат напуштени од работа на пример. Не дај боже, не сакам тоа на никого да му се случи, меѓутоа ви ја вртам работата да видите каде да влегувате во која дебата. Или господине Зеќири да ми кажете зошто да функционира К - 5 програмата во Република Македонија воопшто, а никој друг да не се вработува. Или, зошто по К-5 програмата се вработуваат само Албанци, а не се вработуваат Турци, Роми,Влади, Бошњаци и Срби како што треба. Тоа ќе ми го кажете? Или господине Зеќири, да ми кажете всушност математиките кога ги правите, ги правите врз база на бројки пријавени во Агенција за вработување, или врз база на претпоставени бројки. Земете колку вработени плаќаат придонеси, земете ги тие бројки, споредете ги. Ако на список има 150 илјади луѓе на едно место, а 90 илјади на друго место, не значи дека толку живеат во моментот и толку користат здравствени услуги. Мислам искрено ви кажувам, ги поминувате границите на нормална културна толерантна дебата. Значи, што треба, јас сега да излезам и да ви набројам која апаратура е добиена во Тетово, која апаратура е добиена во Гостивар и да ви кажам дека државата нешто посебно се грижи за тој дел.

Државата се грижи посебно за сите делови во 64 слајсна КТ има добиено во Штип, во Битола и во Тетово. Во Велес нема. Во Велес има 32 или 16 слајсна КТ томографија, ама тоа е оценето по број на пациенти. Немојте да внесувате вакви дебати. Дали сте свесни дека од шега, шега, ама во секоја дебата. За земјоделие кога се зборува, тоа, за здравство кога се зборува, тоа, за култура кога се зборува, тоа. Не знам дали вие државата ја гледате како држава на сите граѓани, или исклучиво само вашата зона на интерес сте заинтересиран, во вашиот град, во вашата населба, во вашето село. Ако е така, кандидирајте се за претседател на месна заедница. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Изет Зеќири, повелете.

**Изет Зеќири:** Почитуван Илија, јас овие податоци ги имам од извештаите, од Годишниот извештај на Фондот за здравство. Јас знам дека ова не е во ред. Јас сум навистина решителен и секогаш ќе дискутирам на тој начин, затоа што мене ме изгласале тие граѓани. И не може Фондот за здравство да прави ваква распределба на средствата. Тука има полно лекари, знаат како се прави распределбата. Вие сте навистина многу среќен и сакате оваа тема да не се претера токму поради фактот што вие добивате 6905 денари за осигурениците во Велес по глава на осигуреник. Меѓутоа, тие средства не одат на овој начин и во другите градови. Земете ги сите податоци, анализирајте ги. Анализирајте ја болницата за белодробни заболувања. Вие добивате 34 милиони, а истата болница добива во Лешок 21 милион. Ја знаете болницата во Лешок, какви перформанси има и кој таму се лекува. Јас говорам врз основа на фактите и бројките, не говорам паушално без факти и без бројки. Вие извадете ги фактите, ќе можеме да дискутираме колку сакате.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Господине Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Пратеникот Изет Зеќири постојано кога учествува во расправата се служи со бројки и тешко дека можеме сите тие работи да ги провериме и да компарираме, дали тоа што го зборува е реално, објективно, или е умешно користење на одредени податоци. Но, мислам дека ако зборуваме за некаков рамномерен развој јас слободно можам да му кажам дека 22 години имаме несоодветен рамномерен развој. Само ќе ја земам патната инфраструктура. Многу тешко може да стигнете сега од Струмица до Скопје, ако имате потреба од врвна здравствена заштита, за разлика ако сакате да дојдете од Гостивар, или Тетово до Скопје. Така што кога се разговара за сите тие параметри, треба да бидеме објективни. И во оваа насока мислам дека расправата која што се води во насока дека тој како пратеник на албанската етничка заедница, дека тој ги штити нивните интереси, со тоа што прикажувајќи во јавноста дека постојано тие и натаму се загрозени сериозно поради нерамномерна распределба на средствата итн. Но, до сега не сум слушнал од него да расправа евентуално за обврските кој како ги извршува. Не сакам така да ги делам граѓаните.

Не сум слушнал од него да расправа за обврските кој како ги извршува. Не сакам така да ги делам граѓаните. Да речеме да направи една анализа како се плаќаат обврските, придонесите во цела држава, вклучително и од регионот и од градот каде што доаѓа тој. Тоа би било објективен, исправен пристап.

Трета работа за која се надевам дека пратеникот Зеќири изјави дека ќе се залага, е стручноста. Јас повеќе очекував тој да инсистира што е можно повеќе кадри стручно да се оспособуваат, да специјализираат, да се испраќаат на доспецијализација се со цел да не бидат битни бројките колку Албанци се вработиле во клиничките центри, во Скопје, во Гостивар и Тетово, туку да имаме врвни хирурзи, гинеколози и други специјалисти кои ќе пружаат здравствена заштита на сите граѓани. Значи би се заложил за тоа и би го поддржал, ако има такви податоци дека тука има негативна селекција по национална, социјална или друга основа. Затоа мислам дека во расправата сепак треба да имаме предвид дека ваквите дискусии ги нарушуваат или зголемуваат меѓунационалните тензии, како што имаме сега случај во Струга, утре некаде на друго место. Независно од тоа, ние екстремистите ги храниме со наши дискусии да бидат поагресивни и да ги нарушуваат вкупните состојби и стабилноста на државата. Се надевам дека господинот Зеќири ќе има во вид тогаш кога расправа за овие состојби, да ја има во вид целината на состојбите во државата, а не сепаратистички да настапува.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Изет Зеќири, повелете.

**Изет Зеќири:** Благодарам.

Почитуван колега, многу грешите. Јас не сум сепаратист, не сум екстремист, јас сум аналитичар, јас податоците доста добро сум ги анализирал и ви ги претставувам. Но, боли таму каде што се боде најмалку.

Јас почитуван колега само укажувам на факти и бројки. Вие не можете да сфатите дека методологијата на распределба на средства се прави врз основа на бројот на осигуреници и бројот на нивните членови во семејството. Вие не сакате тоа да го прифатите и ги вртите тезите за тоа колку плаќаат. Плаќаат многу повеќе. Зошто вие мислите дека во Тетови живеат само Албанци, зошто не помислите дека во Тетово живеат и Македонци. Во Гостивар исто така живеат и Македонци, во Струга, во Дебар, во Кичево живеат и Македонци. Вие дискриминирате и Боро и Рамиз, со комунистичка теза да ви одговорам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Јордан Пачков, повелете.

**Јордан Пачков:** Благодарам.

Почитуван колега само во два сегменти од вашето излагање ќе ви реплицирам и мислам ќе ја сфатите пораката.

Здравството е единствена сфера, според мене. Јас зборувам како доктор, не зборувам како пациент инт. Јас зборувам како човек кој најреално гледа на овие ситуации кои треба и понатаму да ги правиме. Не смееме да водиме разлика дали е Македонец доктор кој повеќе пати бил запослуван, имал атрактивно работно место, или е шеф, директор итн. Дали треба да ги пофалите коалиционите партнери ДУИ што ваши Албанци се директори на Универзитетската клиника и на други, доктори итн. Тоа е здравството. Пред 2-3 децении јас работев во Липково, липковска општина. Јас бев единствен лекар Македонец што работев во Липково и ги опслужував околните села што се во таа општина и само еден бев. Не само затоа што јас треба да бидам таму, немавме кадар. Сега приказната е сосема друга. Сега Липково има еден модерен медицински центар да не кажам за здравствени услуги, свои вработени итн, итн.

Што се однесува до непотизмот вие спомнавте, не ги кажувавте сите имиња само иницијалите за да на крајот ви се испушти, случајно или не, да го кажете роднината на вицепремиерот Ставрески итн, итн. Што мислите непотизам нема на Клиниката на Медицински факултет во Скопје. Еве 2005 година, имам податоци, да кажеме на кои одделенија, сега јас не сакам да зборувам повеќето од нив ми се пријатели итн. и на урологија и на дерматовенерологија, на неуропсихијатрија. Поентата е што не само што биле вработени, што нивните родители им биле во Комисијата за прием на асистенти на иста клиника кај татко си и мајка си. Да го оставиме тоа. Такво здравство не не води никаде. Ќе се јавам потоа за дискусија, пријавен сум за дискусија ќе дискутирам сосема дијаметрално спротивно од ова што сега го зборувам. Не сакам да го барам виновникот кој е крив за состојбите во македонското здравство, дали ние, дали опозицијата, дали некој трет итн. Ќе дискутираме она што треба да го слушаат сите оние кои што не избрале да седиме во овие клупи да кажеме ако треба некои негативни работи да најдеме излез како да ги подобриме состојбите во македонското здравство. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Изет Зеќири, повелете.

**Изет Зеќири:** Благодарам.

Почитуван Пачков, вие сте по професија лекар. Вие како пратеник од Куманово треба да говорите за здравството во Куманово. Треба да говорите за здравството примарно, секундарно и за болничка здравствена заштита. Треба да видите колку е квалитетна оваа услуга или пак овој пакет кој што го дава Фондот за здравство преку болниците. Оваа бројка треба да ве интересира затоа што општина Куманово добива 593 милиони денари или пак по глава на осигуреник што има 114 илјади осигуреници, добива 4.500 денари. Ова е тоа што вие треба да го кажете дека со 4.500 денари оштина Куманово не може да нуди квалитетни услуги визави другите општини што добиваат 7, 8, 9 илјади денари а имаат помал број на осигуреници. Ова не е ништо националистичко. Треба да се сфати дека има грешка во методологијата на системот. Треба да сфатите дека јас сум човек кој што прави темелни анализи и моите податоци се верификувани. Јас не ги земам од ваму, од таму, туку ги обработувам и ги прикажувам такви какви што се. Ова е проблемот. Во Фондот за здравство треба да се види постапката.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Колеги да го почитуваме времето она кое што ни е овозможено во Деловникот.

Госпоѓа Салиу Сузана е пријавена за реплика, повелете.

**Сузана Салиу:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Почитувани колеги пратеници,

Почитуван колега Зеќири, вашето излагање за состојбата во здравството ќе ја одвојам меѓу најконструктивните и најреални излагања во текот на денешниот ден бидејќи вие навистина се потрудивте да говорите со јазикот на пациентите и да ги артикулирате сите проблеми кои ги имаат нашите граѓани кога станува збор за здравствената безбедност на руралните подрачја. Таа е многу полоша од тие во урбаните подрачја, посебно е загрозена здравствената заштита на жителите од селата од Скопска Црна Гора бидејќи немаат никакви болнички установи. Наспроти неколку заложби на поранешниот министер за здравство господин Бујар Османи да ја основа и издигне неколку рурални амбуланти или да испрати лекари, неговите заложби останаа без успех затоа што лекарите од градовите не прифаќаат да одат и да работат во рурални услови. Затоа ова нека биде апел до Министерството за здравство да изнајде начини и жителите на руралните подрачја посебно жителите на Скопска Црна Гора да имаат пристап до здравствената заштита. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Изет Зеќири, повелете.

**Изет Зеќири:** Почитувана колешке, нема оправдување за неуспехот за амбулантите во руралните делови. Не се прифаќа вашата теза дека лекарите не сакаат да одат да работат во селата. Не се прифаќа. Имате неуспех во сите амбуланти кои што сте ги основале. Да не спомenувам за Франгово-струшко, каде луѓето сакаат да одат, Мерово-тетовско, каде луѓето имаат потреба од лекар, меѓутоа нема организиран систем и начин како тие лекари да одат таму. Значи не се прифаќа вашата теза.

Имам уште една забелешка за вас и партнерот во коалицијата затоа што вие се фалите дека 100 илјади евра ве чинеле овие бараки што сте ги изградиле по селата, а нивната вредност не е повеќе од 30 илјади евра. Значи треба да ја видите процедурата. Доколку рационално се искористеа, ќе имаше пари и за лекарите да одат и да работат таму.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Арбен Љабеништа, повелете.

**Арбен Љабеништа:** Благодарам.

Почитувани колеги пратеници, почитуван Зеќири, јас денес сакав да зборувам за здравството, но бидејќи не успеав да се вратам на време од Струга, не можев да се пријавам за збор по оваа точка, нешто што е мојата школска подготовка. Сега сакам да ви одговорам на неколку неточни работи што ги кажавте во вашето излагање за проблемот во здравството.

Колега, ќе ве подржев во неколку работи. Навистина здравството се соочува со големи проблеми за кои во овој период колегите од здравството се потрудија да ги решат истите проблеми. Несомнено е дека останувaат уште многу проблеми да се решат за кои верувам дека ќе се успее да се закрепнат, така како што бара целиот регион, бидејќи ние треба да бидеме конкурентни со земјите во регионот.

Колега, од вашето излагање некоректно е тоа што се задржавте само за периодот 2008-2011 година, го заборавивте периодот од 2006-2008 година и не е случајно тоа затоа што овој период е во однос на вашиот коалиционен партнер.

Господине Зеќири, ако ја видите застапеноста на Албанците во здравствените институции 2006-2008 година, од статистичките податоци произлегува дека од 9% вработени во клиниките во тој период, имаме 6%, додека во периодот на раководењето со Министерството за здравство од страна на господинот Бујар Османи 2008-2011 година, бројот на вработени Албанци во клиниките се зголемува на 11%.

Говоревте и за амбулантите во руралните подрачја. И од тоа што го кажавте и од вашата контра реплика на госпоѓата пратеник од мојата партија, велите дека во овие подрачја не одат лекари. Јас ќе ви кажам за Струга, за жал не сака ни еден лекар да работи во овие рурални средини. Ако вие господине Зеќири имате вакви лекари, предложете истите да ги упатиме таму.

Бидејќи времето за реплика ми завршува, не можам да ви одговорам и на многу други работи од вашето излагање кое на места беше некоректно. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Збор има господинот Јордан Пачков, повелете.

**Јордан Пачков:** Благодарам потпретседателке.

Дојде на разгледување една тема која покрај нас присутните, професионално задолжените, да ја дебатираме, да извлечеме позитивни заклучоци кои ќе дадат придонес во подобрувањето на ова во колапс македонско здравство затоа што ова е наша обврска кон сите граѓани на Република Македонија, кон нашето гласачко тело и пред се кон сите оние кои во денешното дебатирање ги доведовме до многу дилеми.

Пристапот да се дискутира за македонското здравство во дадениот момент, можеше да биде насловен како состојбите во македонското здравство. Призвукот колабсна состојба наназад шесте години, во време на владеење на Никола Груевски, не држи и од еден стручен аспект. Не може шест години да се биде во колапс, подобро ќе одговараше комата во македонското здравство, знаете кома има од 7 минути па до 17 години. Во секој случај, мислам дека тоа не го заслужија ни граѓаните затоа што ние ќе дискутираме за македонското здравство и со силата на аргументите ќе им дадеме јасна порака дека се презема нешто во оваа држава токму за овој зажен дел во општеството. Од тие причини се јавив за збор, затоа што и професионално сум приморан да се јавам да дискутирам за тоа, згора на тоа што ќе зборувам со аргументи, со искуство, сум работел пред неколку децении и во руралните средини како лекар, тогаш немаше матични доктори, сум работел и по воведувањето на плуралистичкиот систем, работев и до пред 5-6 или 7 месеци пред да станам пратеник во законодавниот дом. Искуствата се огромни. Но, овој пат повеќе се јавив да дискутирам и да пренесам дел од атмосферата од општината од која доаѓам, од моите гласачи и пред се од двата директори на ВМРО-ДПМНЕ, поставени од ВМРО-ДПМНЕ, кои сакам да ги претставам како добри менаџери, луѓе кои се фатија во костец со она што значи немање пари и кои од нешто ја обоија сликата розово, да го подобрат здравствениот систем и да го стават на поцврсти нозе.

Во 2006 година ВМРО-ДПМНЕ дојде на власт со реформите во здравството, формирање на повеќе здравствени установи. Куманово веќе имаше постоечка здравствена јавна установа, здравствен дом, кој популарно го викаме уред и доби јавна здравствена установа, сега Центар за јавно здравје. Општата болница е третиот сегмент од тој систем на здравствената дејност во општина Куманово. Зошто го потенцирам ова? Деновиве имавме можност кумановската јавност да биде бранувана со состојбите во здравството, преку прес конференции, изјави итн, кои норам да ги негирам од една проста причина затоа што знам каква беше состојбата и каква е сега состојбата.

Во 2006 година, кумановското јавно здравство како медицински центар наследи 144 милиони денари долг. Со поделбата на јавните здравствени установи во здравствен дом и јавна болница Куманово, долговите беа поделени, па така на оспоруваниот Здравствен дом во Куманово му припадна долг од 47 милиони денари, а остатокот на болницата во Куманово. Морам да кажам дека долгот од 2008 година беше расчистен комплет, со преговори и молби на

повереници за одложено плаќање. Човекот мораше да се снаоѓа се со цел да не претрпат штета корисниците на здравствените услуги и здравствените осигуреници во Кумановската општина. Беше организирана служба за собирање на санитетски отпад од концесионери и приватни доктори од Куманово, Крива Паланка и Кратово, истите да бидат префрлени во Скопје. Беше отворена самостојна перална за наши потреби и за компезација на потреби со други здравствени фирми.

Во октомври се купени две возила Лада Нива, две лесни возила Панда за потреба на итната медицинска помош и превентивната медицина за вакцинација. Беше извршено комплетно реновирање на санитарните јазли, ходници, шалтер служба, внатрешно реновирање на лабораторијата и итна медицинска помош, промена на дотраени летви на покривната конструкција на здравствениот дом, промена на неколку врати, изолациона плоча од 200 метри квадратни над протетика. Купен е апарат аудиометер за испитување на слухот за потребите на трудовата медицина, оторајтер за испитување на вид, исто така за трудовата медицина, биохемиски анализатор за испитување на крвта за потребите на лабораторијата, крвен бројач за крвна слика итн. Ова не го кажувам случајно, како што реков, затоа што токму овој јавен субјект во здравствениот систем во општина Куманово е  еден од најдобрите и локалната власт и која е под водство на СДСМ, без разлика,го додели најголемото општинско престижно признание, Ноемвриска награда на Куманово. 2009 година е набавен апарат за иследување на хормонален статус, сите женски хормони, тестеронот кај мажите, тироидниот хормон, штитната жлезда, хормонот на хипокризата, општи туморски маркер, туморски маркер за дојка, за дебело црево.

Од 2008 година Здравствениот дом Куманово работи без долгови и ден денеска е еден од најдобрите во Република Македонија. 2010 година беа инвестирани средства во набавка на ново лежечко санитарно возило Шкода по барање на граѓаните, затоа што во Куманово, иако една од најголемите општини, сепак има тесни улички каде веќе подареното одосно обезбедено возилао од Министерство за здравство Џампер не можеше да влезе во тие тесни улички. Беше набавен уште еден биохемиски анализатор за лаборатории, еден ехо доплер што служи за испитување на венска и артериска циркулација, две цетнтрифуги на лабораторија спирометар за испитување на белодробни капацитети, фрижидери за чување вакцини, дестилатор, вода за биохемиска лабораторија.  Во 2011 година купени се две лесни возила марка Смарт, уште еден биохемиски анализатор за лабораторија, а со апаратурата што беше набавена за овие 6 години беше опремена кумановксата лабораторија со нови современи апарати, се заменија старите што беа во катастрофална состојба. Затоа не прифаќам никакви критики упатени на адреса на директорот и ЈЗУ Здравствен дом Куманово што во овие тешки времиња успеа сама да си го избори статусот и да биде една од најдобрите во Република Македонија.

Во дискусиите денеска еден од опозиционерите кажа дека во Куманово нема итна медицинска помош. Тоа е нотоpна невистина, затоа што една општина без медицинска помош не може да опстои. Колку таа медицинска помош поради осипување на кадар, одење на специјализација, одење во приватен сектор итн, опстојува, морам да ви кажам дека таа опстојува, но прашање е кој ден таа ќе побара нови вратоботувања и од Министерство за здравство, а пред се од приватниот кадар, затоа што општина со преку 120 илјади жители не може да опстане со итна медицинска помош што има само 8 вработени. Од таа причина беше склучен договор со приватните доктори, концесионери и тие да помагаат во работата на итната медицинска помош. Тој договор е сеуште важечки. Во меѓувреме, деновиве, ако може така да се каже, беше дигната паника дека истите, поради неисплатени средства, лоши просторни можности итн, не се во состојба да ја обавуваат својата обврска. Само да кажам дека, нема ништо против лекарите, договор си е договор, тие се менуваат, се допишуваат, се договараат онака како што сигурно им помага, но просториите за нивното работење за ноќна смена не е причина да се раскине договорот, односно откажат послушност на граѓаните на општина Куманово. Од општа причина што најпрвин тие беа сместени во просториите на Здраственеиот дом во Куманово бара да биде во една од просториите кои што ги опслужува итната медицинска помош и тоа им беше удоволено и трета опција имаат простории во амбулантата Перо Чичо во Куманово. Значи просториите не се во прашање, во прашање е нешто друго, носега не сакам да дискутирам затоа што не сакам да внесувам многу политика. Затоа почитувани кумановчани се додека сум во законодавниот дом, да се грижам односно да ги исполнувам ветувањата од кампањата која што ја водевме, а меѓу другото  како здравствено лице ви ветив многу успешни денови во македонското здравство. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** За реплика е јавена госпоѓа Анастасова Станка, повелете.

**Станка Анастасова:** Благодарам потпретседателке.

Почитуван колега, ја ценам вашата дискусија, бидејќи на некој начин, кажавте, всушост директно кажавте дека во овие тешки времиња Медицинскиот центар во Куманово добро се снаоѓа. Сепак, признавате дека во Република Македонија се тешки времиња за здравството. Оттука е правото што ја поднесовме оваа информација за катастрофалните состоји во јавното здравство. За поздравување е, доколку навистина Медицинскиот центар во Куманово добро работи. Затоа има институции што треба да го набљудуваат. Но не можеме да се ограничиме само на еден град, дали целото јавно здравство

добро работи. Ме интересира нешто друго, зошто матичните лекари штрајкуваа ако е се во ред, ако е се добро? Колку што разбрав се работи за дежурства што ги вршат матичните лекари во итната медицинска служба. Бидејќи од претхониот парламетарен состав бев пратник учествував во донесувањето на Законот за здравствена заштита каде што се предвиде доколку има пружање на услуги, јавно и приватно здравство, без разлика во која насока, треба да се склучат договори со приватна или јавна установа според што треба сите услуги што се пружаат да бидат платени. Ако со лекарите е склучен или не е склучен договор, а не им се исплатува, тие имаат право да одбијат да пружат услуга, бидеќи секоја работа треба да се плати. Тао е со закон пропишано и мора да се почитуваат законите. Ако директорот на Медицинскиот центар во Куманово го почитува законот, не требало да дозволи овие матични лекари да штрајкуваат, односно требало да време да им се плати за дежурството. Вие сте пратеник во Собранието на Република Македонија, претставник сте на граѓаните, а не само на Куманово. Треба да се борите за услвите во здравството на цела територија на Македонија. Знам дека минстерот беше во Битола во ноќни посети. Таму состојбата е оценета катастрофално со Клиничката болница што постојано тоне во долгови и покрај тоа што на 01.01.2009 година и беа отпишани долговите. Во штипската болница владее хорор. Ревизорските извештаи покажуваат дека истото се случува и по клиниките, како се грабаат материјали, не се води никаква евиденција. Поради сите овие работи што се случуваат во здравството, тоа е од недостаток на здравствена стратегија, недостаток на план за реализација. Оваа година имавме два министри, но ниту еден сеуште не помогна нешто да почувствуваме.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика господинот Пачков Јордан, повелете.

**Јордан Пачков:** Почитувана колешке, благодарам на коректноста во реплицирањето.

Така треба да разговараат двајца здравствени работници. Ние сме од една фела што сме се определиле, но во текот на студирањето и работењето сме се сакале многу повеќе од тоа колку што сме наградени. Но, за здравството нема никогаш да зборувам и поради политиката се приклонам кон било која страна. Се трудам да дадам целосен придонес особено за Куманово. Можеби ова звучи малку локал патриотски, но во секој случај тие луѓе побараа да дојдам овде и да дадам придонес во политичкото работење на законодавнит дом. Проблемот со матичните доктори е надминат. Иститот ден кога се сретнаа, на разговор со министеро за здравство и дикекторката на Фондот. Во прашање се некои недоразбирања. Не знам дали е плаќање или неисплаќање на плати или надоместоци итн. во секој случај тоа е надминато. Најдоброто е што немавме никакви реперкусии негативни по здравјето на нашите сограѓани. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Мазгалоска Вучетиќ Светлана, повелете.

**Светлана Вучетиќ Мазгалоска:** Благодарам потпретседателке.

Почитуван колега Пачков,

Во вашата дискусија рековте дека ќе биде малку поинаква од другите дискусии и дека ќе употребувате повеќе аргументи и практично ќе ја поткрепите дискусијата со аргументи. Се согласувам дека тоа беше така. Но, голем дел од аргументите што јас и моите колеги пратеници од опозицијата ги користиме денеска во оваа дискусија ги добиваме точно од граѓаните на Република Македонија, така што аргументите се не само наши, туку во голем дел од граѓаните и тоа како и тие ги видуваат состојбите во здравството. А дали ќе беше состојбите во здравството или информација или колапс, мислам тука нема многу во што да се промени.

Рековте дека претходно сте работеле во рурални средини, дел од вашиот работен век. Дали сега знаете каква е ситуацијата со амбуланти во рурални средини и дали имате податоци за тоа како се работи? Само да ве потсетам дека во надградената преродба ветивте 23 рурални амбуланти нови, но во отчетот се готови само 6. Тоа не е бројка за што би сакала да дебатирам, бидејќи во Буџетот за 2012 година се редвидуваат околу 17 милиони евра за развој на руралните амбуланти. Би сакала да кажам конкретен пример за една рурална мала болица, не би рекла амбуланта, што се наоѓа во Ново Село каде јас живеам и каде се видно изменети условите, не на подобро, туку обратно. Би се согласила со вас дека зборувавте за Куманово и тоа многу убаво го кажавте колку е реновирано, кои се делови се направени, какви апарати, каква опрема е ставена. Тоа е добро. меѓутоа, дали не би требало колега Пачков тоа да биде еднаков пристап и кон другите градови, други општини, бидејќи сите сме граѓани на Република Македонија. Кај нас, во Ново Село, конкретен пример, имавме болница што имаше родилен дом, единствен во рурална средина. Сега, заради ситно партиски интереси имаме само 4 патронажни сестри, а наме лекар гинеколог, кој поради партиски интереси не доби концесија за работа. пред затворање на родилен дом причина беше дека наме доволно персона, а сеуште работат 4 патронажни сестри кои практично се дежурна служба што не функционира во Ново Село, туку ја обавуваат матичните лекари кои гравитираат во оваа општина. Таа покрива 15 населени места и 11.362 жители. А родилките, сега, во 21 век, мора да патуваат по 20 км од Ново Село до Струмица за породување. Дали е тоа ист пристап?

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика пратеникот Пачков Јордан, повелете.

**Јордан Пачков:** Не знам колку ќе ми поверувате, целосно ја сменив концепцијата и имав подготвен

говор. Не дека ќе го читам, сепак оваа материја не ми е позната. Дојде од некои други причини, поради телефонските разговори со дел од луѓе, не од Медицинскиот центар, тоа веќе не е Медицински центар туку Здравствен дом Куманово. Морав така да настапам, да го искористам бидејќи во ниту една реплика не ќе можев толку долго да дискутирам.

Иако и тоа беше малку време, само сакам да кажам дека општина Куманово во трите ЈЗУ што постојат и фигурираат работат на принципите да биде подобрена здравствената услуга пред се, да го отргнеме оној дијалектички негативизам, поточно речено незадоволен пациент, незадоволен доктор. Да изнајдеме начин да помогнеме не само на себе си поголеми плати и надоместоци, туку едноставно да бидеме платени односно оправдани присуството зошто сме лекари. Не случајно реков дека навистина е дејсност посебно за дискутирање и не сакам многу плитика да внесам.

**Светлана Јакимовска:** Господинот Спасовски Оливер има реплика, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Почитуван колега, се јавив за реплика поради тоа што ја спомнавте реакцијата во Куманово. Пред македонската јавност кажувам дека јас сум тој, како пратеник, кој реагирав на состојбите, пред се превентивно, да не се случи тоа што се случува во Куманово. Фактите што ги изнесов на пресот, не видов дека некој ги демантира до сега. Имаше една колумна од господинот директор Миомир Панковски и молк. Добро е што денеска го кажавте своето мислење да го слушнат кумановци, тоа што треба да го слушнат, што е вашиот став по однос на здравството итн. Кога зборуваме за долгови во Медицинскиот центар во Куманово, тоа е се правно лице, морам да ви кажам дека постојано, до сега бевте претседател на синдикалната организација во Медицинскиот центар во Куманово, 25 години. Јас не слушнав ниту една реакција за трошење на финансиските средства во Медицинскиот центар во Куманово од ваша страна како претседател на синдикатот. Бидејќи, добро беше тогаш кога се работеше заедно со директорите на сите проекти што ги подржувавте здушно и ги трошевте парите на граѓаните.

Сега, одеднаш, како пратеник на ВМРО-ДПМНЕ имате проблем, затоа што биле многу потрошени пари. Ќе ве потсетам само на едно владеење од 1998 – 2002 година на господинот Бранислав Гаштевски, на сечењето на целиот парк во дворот на болницата. Реагираа сите лекари. Обид за градба на цркви, продавање возила и што уште не да се направи во тој дел на Медицинскиот центар во Куманово. Тој човек припаѓаше, а ВМРО-ДПМНЕ. Толку околу долговите за што граѓаните на Куманово најдобор знаат. Фактите околу здравственит дом, имаше проблеми. Прво, непобитен факт, здравствениот дом нема склучено со ниту еден матичен доктор за ноќни дежурства. Ниту таа обврска произлегува од договорот со Фондот. Ако имате таков договор, демантирајте. Јас тврдам дека нема склучено ниту еден договор. Тоа е преземена обврска од директорот, заменик министерот за здравство минатата година кога се случи еден ваков проблем во Куманово.

Оваа година, за да не настанат проблеми, на 13.12.2011 година е упатено писмо со одредени барања до директорот на здравствениот дом. До денеска ниту директорот, ниту било кој од лекарите немаат остварено средба за да се средат состојбите во оваа сфера во Куманово. Точно дека имаше средба со министерот, Фонод итн.

Тоа што јас го направив во тој момент, а што ќе го правам секогаш кога ќе почувствувам дека ќе има одредени проблеми во здравството укажуваат на тоа дека здравството е во колапс. Не во кома. Тоа беше некое ниво во 2006 година,ама сега го доведовте до колапс.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика господинот Пачков Јордан, повелете.

**Јордан Пачков:** Почитуван колега, јас не ве прозвав дека вие сте зборувале за состојбите во Здравствениот дом Куманово. Добро е, рековте, ве гледав на локалните медиуми и едноставно тврдам дека имаше демант, лично од директорот. Можеби не сте гледале или не ви е пренесено. Тој содржеше нешто слично на ова што јас го потврдив, од една проста причина, што на крајот на краиштаат сега и кумановчани знаат што е здравствен дом за Кумановот. Реков и потврдувам, вие бевте секретар на општина Куманово, а сепак не опструиравте кога требаше да се додели наградата.

Втората работа за што сакам да реплицирам, точно, повеќе од 20 години бев претседател на синдикалната организација не затоа што сакав, затоа што се разбирам од тие работи. За нив не беше важно дали сум вмровец, или од другата партија. Мислам дека сум го заслужил тој третман, ми доадоа доверба и истата не смеам да ја изневерам. Што се однесува до трошењето пари, знаете и сами, ако имаше некој криминал, постојат институции кои гонат и соодветно ќе постапуваа.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Ефтимоска Јовковска Дивна, повелете.

**Дивна Ефтимоска Јовковска:** Благодарам потпретседателке.

Многу често колега Пачков во вашите настапи го потенцирате вашиот синдикален ангажман, како синдикалец, некогашен и сегашен. Дали бевте на линија на вашите колеги и дали се залагате за решавање на проблемите што ги засегаат внатрешните лекари? А проблемите што ги имаат матичните доктори се исти, на ниво на цела држава. Главни проблеми што имаат е доцнење на исплата на капитацијата. Од договорот што го

имаат со Фондот најповеќе исплатата може да им доцни два месеци. После 20 јануари 2012 година исплатена им е капитацијата за месец октомври. 70% од капитацијата им се исплаќа месечно, а 30% квартално. Оваа сума од 30% ја добиваат во целост до колку го реализираат планираните цели, што значи дека дел од матичните лекари ако во потполност не ги реализираа планираните цели не ја добиваа целата сума. Кај пошироката јавност, па дури и кај дел од докторите во јавното здравство постои убедување дека матичните доктори земаат повисоки плати од докторите во јавно здравство. Изјавата на министерот за здравство дека матичните лекари имаат повисоки плати од специјалистите во секундарното здравство ги натераматичните лекари преку нивните здруженија да испратат пресметки за трошоците на една ординација, а парите кои ги добиваат пред приватните здравствени установи не се всушност плата за матичниот лекар, туку тука влегува бруто плата за докторот, сестрата, материјални трошоци за тековно работење на приватните здравствени установи и уште многу други трошоци. Реалните трошоци на една одринација со еден лекарски тим изнесуваат околу 148 600 месечно, а просекот на исплата преку Фондот за здравствено осигурување на Македонија за една лекарска ординација со еден тим е околу 90 илјади денари месечно. Во моментов Фондот за здравствено осигурување исплаќа само 61% од реалните трошоци на една ординација со еден тим во примарната здравствена заштита. Капитација според лекарите реално треба да се зголеми за 39%. Во моментов матичните лекари во примарната здравствена заштита не можат да исплатат плата поголема од 23 илјади денари бруто. Дали е тоа поголема плата од платата на лекар во секундарното и терцијарното здравство. Прашањето до вас дали вие како пратеник од владеачкото мнозинство, како лекар или како синдикален работник ќе застанете на линија на одбрана на барањата на матичните лекари. Благодарам.

**Светлана Јакимовска**: Благодарам.

Контра реплика има господинот Пачков Јордан, повелете.

**Јордан Пачков**: Почитувана колешке, со последните реформи во здравствениот систем матичните лекари станаа концесионери, да не кажам приватен сектор, и тие ниту сакаат, ниту имаат желба да членуваат во Синдикатот. Затоа не можам д ви одговорам, иако долги години бев синдикалец кои се нивните проблеми, бидејќи ниту еднаш не се обратиле, но затоа има други соодветни здруженија, Лекарска комора, здруженија на приватни лекари и мислам дека тие се заштитени на некој начин.

**Светлана Јакимовска**: Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска**: Благодарам.

Навистина мислам дека свесно и намерно во вашата дебата побегнавте од генералната тема за која дебатираме денес по предлог на опозицијата и се спуштивте на локално ниво и говоревте само за болницата во Куманово. Ќе дозволите, од здравствен работник како што сте и дополнително и член на Комисијата во здравство моравте да се подготвите за многу посериозна дебата од темата дали е купена нова Лада Нива во кумановската болница и дали и колку пати се напумпани гумите. Смешно е да сте задоволни од состојбата на болницата во градот од кој доаѓате, без при тоа да споменете дека од 01.01.2009 година и на кумановската болница и беа ресетирани од Владата на Груевски долговите. На 01.01.2009 година започна од нула, а денес тоне во долгови и тоа за вас е успешно менаџирање со здравствена установа. Зошто не се осврнавте колега Пачков како здравствен работник на актуелните состојби на пациентите во Република Македонија. Дали после 6 години таканаречени реформи во здравството од трите влади на Груевски имаме поквалитетни, поефтини и поголем број услуги за пациентите во Република Македонија. Па и конечно, господине Пачков мора да признаете ако сте сериозен дека одговорот е апсолутно не. Еве денес во денешен медиум пишува за катастрофалната состојба со снабдувањето на дијабетичарите со инсулин. Ова треба да ве загрижува прво вас, член сте на Комисија за здравство. Денес моравте да говорите за вавките реални проблеми односно за резултатите од таканаречните реформи. Се согласуваме ли дека успешноста на едни реформи мора да ја квантифкуваме, да ја мериме согласно задоволството и од страна на пациентите и конечно дали имаме позадоволни здравствени работници. И од една и од друга страна констатираме катастрофална, колапсна ситуација во здравството и затоа најсериозно ве почитувам, очекувам да бидете многу поодговорен и поотворен во вашата дебата.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Контра реплика има господинот Пачков Јордан, повелете.

**Јордан Пачков**: Пред малку не критикувавте зошто ве насочуваме што да дискутирате што да кажете. Мое право е овде на говорницата да го кажам тоа што го чувствувам и да го упатам кому треба да го упатам и за кого да ги штитам интересите. Јас кажав дека ја променив целосно мојата дискусија со цел да излезам во пресрет на барањата на моите граѓани, а ќе го искористам институтот реплика да се доискажам за она што мислев и верувајте дека не бегам од темата затоа што здравството ми била животна опсесија и пред се професионална обврска. Колку што знам, можеби се лажам, моите пациенти се задоволни. Поминаа времињата кога живеевме со една дијагнистичка метода на магнетна резонанца добиена од Владата на Република Германија за да можеме сега три. Медицината со стетоскоп и тензиометар веќе заврши. Ќе дадам целосен придонес, ќе ја искористам и Комисијата за здравство и говорницата, ама да дискутираме со аргументи. Во врска дијабетичарите да ве

потсетам на моето пратеничко прашање што го упати до министерот.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Има збор пратеникот Шокаровски Харалампие, повелете.

**Харалампие Шокаровски**: На почетокот на моето излагање би го истакнал сопственото задоволство од ставањето на оваа точка на дневен ред, со што се надевам дека ќе овозможиме и на јавноста малку поопширно да се запознае со реалните состојби во здравството во Република Македонија. во својата дискусија би апелирал до сите пратениците и од власта и од опозицијата да се сконцентрираат на суштествена дебата со цел да произлезат квалитетни констатации како би се постигнале одредени подобрувања во здравствениот сектор. Меѓутоа, за жал морам да констатирам дека од самиот наслов на точката на дневен ред може да се насети малициозноста и нихилистичкиот опозициски став на СДСМ веројатно како што пред малку кажав во една од репликите наметнат од нивната немоќ да се понудат алтернативни решенија на актуелните владини политики во оваа осовбено важна сфера на живеењето. За да се согледаат и анализараат состојбите во здравството треба и ретроспективно да погледнеме на годините наназад, да видиме каква беше состојбата во Фондот за здравствено осигурување, условите за работа и инфраструктурата, односно какви беа објектите во здравството и колку од претходните владеачки гарнитури инвестираа во нив, каква беше состојбата со медицинска опрема, состојбата со снабденоста на лековите и јавните здравствени установи, цените на лекивите и материјалите за да можеме да дојдеме до одредени констатации и да извелчеме заклучоци дали има стагнација или како што е случајот сега има значителен прогрес. Наместо неаргументирани обвинувања, сценараија за апокалиптични и хаотични состојби и сеење страв меѓу граѓаните добро би било да развиете една суштинска дебата во која ќе ги споредиме одредени состојби, како на пример да кажете како и колку сте инвестирале медицинска опрема, кои јавните здравствени установи сте ги реновирале или сте изградиле нови, па да ги компарираме со нашите постигнати во мандатот на оваа Влада. Токму таква компарација ни е потребна. Но за жал ваква дебата нема, само критицизам, популизам и чиста демагогија.

Почитувани, свесни сме за проблемите во здравството и состојбата во здравството воопшто не е розова, проблеми имало и ќе има, но денешните состојби се последица на еден континуитет од 20 години на дезинвестирање во оваа сфера и таложење и нерешавање на актуелните проблеми. Согледувајчи ги проблемите во здравството, за прв пат од независноста наваму оваа Влада со особено внимание и посветеност се зафати за реформи во оваа сфера, особено во подобрување на условите и услугите кои пред се се наменети за подобрување на стандардот на пациентите. За таа цел морате да признаете дека Владата на Република Македонија ја направи најголемата инвестиција во здравството во последните 20 години, инвестирајќи во современа апаратура и здравствена инфраструктура во вредност од околу 200 милиони евра. новата современа здравствена медицинска опрема че овозможи прво подобрување на општата здравствена состојба на населението преку навремено дијагнистицирање на болестите, давање на услугите според највисоките стандарди, намалување на просечното време на лекување, намалување на трошоците за лекови и пост оперативни компликации, како и подобрување на општата работоспосбност на населението. За таа цел се набавени стотици биохемиски анализатори, дигитални рентген апарати, момографи, апарати за компјутеризирана томографија, магнетни резонанци, лапароскопи, тораскопи, ендоскопи, ангеографи за инвазивни кардиолошки процедури, хирурушки сетови и уште многу друга медицинска опрема. Започнат е и скоро е во завршна фаза проектот за реализација на реконструкција на јавните здравствени установи, со што ќе се подобрат условите за престој на пациентите , како и подобрување на условите за постигнување на подобри резултати во лекувањето од страна на здравствените работници. Мора да се потенцира дека во одредени здравствени институциите реконструкциите ја немаат посакуваната динамика на изведвување како што е примерот со Општата болница во Охрид. Меѓутоа мора во очи да им се погледа на проблемите и да се утврди дали тие се од објективна или субјективна природа.

Што се однесува до овој објект потешкотии го следат уште од самиот старт на реконструкцијата. Прво , затекнат е објектот без никаква техничка докуменатација. Тука мора да поставиме и едно хипотетичко прашање на кое за жал не можам да го најдам одговорот, но дали таа техничка документација е намерно загубена од претходните раководства кога се сакало да се сокријат одредени проневери со одредени јавни набавки при реконструинрањето токму на таа зграда која сега е влезена во инвестиција или воопшто зградата е без техничка документација од самиот старт на нејзината изградба, но одоговор на прашањето веројатно го знаат други.

Второ, заради тоа се одело со парцијално рушење и утврдење статика на самиот објект, што секако значително го успорило изведувањети на објектот, со оглед на тоа дека во неколку наврати е барана статичка експертиза и од Институтот за земјотресно инженерство, а од таму во неколку наврати било побарано да дојде до промена на планот за градба. Секако дополнително пролонгирање е предизвикано и заради транспаретноста на јавната набавка и роковите на распишаните тендери, а секако тука е и недоволната ажурност на изведувачот заради што Министерството го раскина договорот со изведувачот и новата постапка е во тек. И после сите Ксили и Харидби низ кои поминува

реконструкцијата на оваа институцијата мора да се заклучи, со оглед на фактот дека се работело за асеизмички неодржлива конструкција добро е што час поскоро се пристапило кон неопходна реконструкција, согледувајќи што би можело да се случи дури и при најмал земјотрес, би биле поклопени и пациентите и родилките и персоналот. Тука би сакал да се задржам и на другите јавните здравствени установи во Охрид, како на пример ЈЗУ за ортопедија и трауматологија Свети Еразмо и Заводот за кардиоваскуларни заболувања кои последниве неколку години бележат огромно успеси во работењето дуплирајќи го бројот на извршени зафати, секоја на свој начин станувајќи бренд во македонското здравство. Затоа далеку од памет би било да се каже дека Охрид е останат без неопходната здравствена заштита, како што повеќето од вас почитувани колеги сакавте тоа да го претставите. Би било далеку од памет да се каже дека охридското здравството е на колена, во суштина проблемите се тука, ги решаваме, меѓутоа никој не страда заради тоа, дислоцирано е само ви суштина гинеколошкото одделение, додека сите други гранки се во функција. Би сакал да се задржам и на неколку поважни реформи кои последниве години доведоа до значителен прогрес во здравството, особено во намалувањето на трошоците и подобрување на здравствената услуга. Тука секако мора да се задржиме на реформата за намалени цени на лековит, која мора да се признае дека и пратеничката група на СДСМ, гласаше за, неможејќи да избега од фактот дека навистина се работи за едно огромно решение кое ќе излезе во пресрет токму на граѓаните на Република Македонија , ќе влијае врз нивните лични буџети како и врз буџетите на здравствените институции и на Фондот за здравствено осигурување. со намалувањето на цените, односно бројот на лековите кај кои се намалени цените до 2012 година изнесува 180, а вкупниот број на намалени референтни цени изнесува над 400 лекови, сублимирано, односно во моментот околу 80% од сите лекови кои се на позитивна листа се без доплата или со минимална доплата до 100 денари. Благодарам.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Реплика има господинот Вељаноски Митре, повелете.

**Митре Вељаноски**: Благодарам.

Почитуван пратеник, три пати го спомнавте зборот суштина. Ако разговараме за суштина година и пол Охрид нема елементарна здравствена заштита. Тоа го знаете многу подобро од мене.

Почитуван пратеник, нема гинекологија, нема хирургија, нема анестезиологија, нема оториноларингилогија, нема ништо почитуван пратеник. Да ви ја илустрирам состојбата в Охрид почитувани пратеници. Еминентен хирург во Охрид со речиси 30 години работен стаќ ми рече дека Охрид ве деветИ век во времето на Свети Климент имал подобра здравствена заштита од сегашната, дека познавал десетици и стотици луѓе кои одат со црева бидејќи нема каде да се оперираат, нема урологија. Ми кажа дека ги носат болестите со себе, жолчки, кила, панкреатит, хронични тумиори, нема кој каде да се оперира година и пол, а како тргнала работата најмалку уште година и пол ќе продолжи. Понатаму ми рече човекот дека правото на живот на Охриѓани кои се во потешка социјална состојба оваа Влада им го зеде, богатите можат да отидат овие болести да ги оперираат, другите на можат, затоа што тоа многу добро вие го знаете, немојте да релативизирате состојбата. Замолувам токму од вас да се каже вистината и да се побара начин час поскоро да се реши проблемот. А околу тие асеизмички градби, сериозни луѓе, сериозни домаќини кокошарник кога ќе рушат ќе водат сметка каде ќе ги сместат кокошките.

Не може оваа Влада алиби затоа што планирала да прави не знам каква болница. Се работи за луѓе, се работи за човечки животи. Една родилка од Охрид до Струга, недај Боже 300 компликации можат да се случат. Треба да се проговори вистината и токму тоа од вас го барам. Во името на Хипократ, во името на вашата професија од оваа говорница треба да се проговори. Час поскоро да се најде решение. Ова не е решение.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има господинот Харалампие Шокаровски, повелете.

**Харалампие Шокароски:** Почитуван колега, јас се соглсувам и затоа ги кажав вистинските причини, а не знам кои се тие колеги мои што ве советувале вака да настапите, прилично бегло и нафрлено. Или немаат тотално познавање од што се случува во охридското здравство, или не се информирани, или пак не сакаат, или пак живеат во некое друго место во Република Македонија. Вие сте свесен, ги минимизирате успесите и колегите во другите здравствени институции. Охрид не е само општа болница Охрид господине Велјаноски. Охрид има уште со години пореномирани здравствени установи кои што го покриваат Охрид со здравствена заштита повеќе од било кој друг град во Република Македонија. Затоа немојте да ги релативизирате работите, јас се согласувам, проблемот мора што поскоро да се реши, затоа се преземени мерки, распуштени се проектните единици во Министерството за здравство итн., се решаваат и во период кој го најави министерот ќе биде изградена болницата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Диневски Менде има реплика, повелее.

**Менде Диневски:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега очигледно си ја имате мувата на капата па пола дискусија потрошивте на тоа зошто болницата во Охрид се уште не е реконструирана и зошто се уште не е ставена во функција. Што и да кажете. Каков и да сакате изговор да наоѓате, фактот е еден. Заради владеењето на ВМРО ДПМНЕ, заради лошата политика, како сакате наречете ја, дали било тоа

во делот на реконструкцијата, одбирањето на сериозен инвеститор или фирма која ќе го спроведе сето тоа. Во овој момент, во Охрид, граѓаните на Охрид, имаат проблем со здравството. Тоа е првата работа.

Втората работа. Вели дека се постигнал значителен прогрес. Ова е прогресот во Охрид денеска што се случува и тоа што треба да биде во македонското здравство. Велите дека во изминатите 20 години ништо не се направило. Значи до 2011 година во здравството ништо не функционира. Од лани до денес, супер е се, бидејќи ВМРО ДПМНЕ само една година на власт. Заборавате дека 1998 до 2002 година Никола Груевски беше министер во Владата на ВМРО ДПМНЕ во Владата на Љубчо Георгиевски. И уште една работа. Гледам дека сега како кажав одминува времето, така се зголемуваат сумите на финансирање во здравството 200 милиони е вра. Лага. Исто како што е лагата од 8 милијарди евра што ја вети Никола Груевски пред локалните и претседателските избори. Со лага ага не бидува. Почитуван колега, ние можеме да кажеме дека мед и млеко тече во Република Македонија, но граѓаните на Република Македонија секојдневно се соочуваат со реалните проблеми. Кој бил во изминатиот период во јавното здравство, самиот на своја кожа осетил какви се проблеми има. И да завршам сосема на крај. Наместо да понудиме решенија, наместо да се обидеме да кажеме како ќе ги решиме системските проблеми во здравството, ние се занимаваме со тоа, кој бил, што направил, колку направил. Јас да ви кажам една работа, поддршката на СДСМ ја имавте и тоа е доблесето од вас што го признавте, за сите добри проекти во здравството, но треба да признаете дека со лошата политика на ВМРО ДПМНЕ здравството во Република Македонија тоне.

**Трајко Вељаноски:** Господинот Шокаровски Харалампие има контра реплика, повелете.

**Харалампие Шокаровски:** Благодарам претседтеле.

Ќе почнам од назад господине Диневски. Која е лошата политика господине Диневски? Тоа што инвестираме во здравствените институции? Јас ги признав проблемите со кои се соочуваме, реално ги кажав кои се. Како претходна власт вие бевте СДСМ, мислам не лично вие. Ја оставивте болницата без техничка документација. Да ја оставевме неизградена, повторно сеизмички неисправна зграда, да се срушеше некогаш ќе настрадаа и родилките и пациентите и бебињата и персоналот. Катастрофи можеа да се случат, мислам тоа е лошата политика во инвестициите. Не знам каде ги лоцирате тие, а не го признавате од друга страна дезинвестицискиот циклус во здравството. 20 години значи доколку и вие етапно инвестиравте во здравствените институции, немаше да се случи стихијно да треба сите, не знам колку се 60 и кусур здравствени домови и болници во државава да ги реновираме одеднаш.

**Трајко Вељаноски:** Господинот Ивон Величковски има реплика, повелете.

**Ивон Величковски:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега Шокаровски, јас очекував дека ќе одговорите на дел од прашањата што и утринава ги загатнавме и особено очекував дека ќе го напуштите пристапот на констатирање на слабостите во изминатиот период, бидејќи една работа ве прашав и тогаш и не одговоривте. И сега би сакал да ве прашам. Ако сте биле денесека болен, дали барате решение во 2005, или во 1995, или сакате денеска да одите на лекар. Затоа да ве вратам на основната тема. Прво, промашувањето околу висината на инвестициите, споменавте 300 милиони евра инвестиции во здравството. Веројатно сте побркале, толку минимум ве чини проектот Скопје 2014. Инвестициите во здравството кои што ги најавувате во принцип се 9 милиони евра во 2008, 2009 и 2010 година, 15 милиони евра обврски во 2011 кои сеуште не се извршени и 28,5 милиони евра со динамика на исплаќање под знак прашање.

Она што беше многу битно и на што очекував дека вие ќе се осврнете сепак како еминентен стручњак во вашата област е каков е третманот на здравствениот работник и во таа смисла и остварувањето на правата на пациентите кои ги гарантираме со закон. Ниту едното, ниту другото не го споменавте, бидејќи ви е јасно. Впрочем и вие сте специјалист и вие знаете дека вашите примања на крајот на каиштата завршуваат со пониска вредност од примањата на матичните лекари. Истовремено очекував како здравствен работник да кажете дека матичните лекари имаат недоволно примања. Очекував да се осврнете на насилството врз лекарите и помошниот медицински персонал. Ве потсетив само на 4 случаи во месец декември господине Шокаровски ние кога седиме овде веројатно е многу поудобно одошто да сме изложени на секојдневниот притисок на пациенти. Но сигурно не сакате да ги оставите и своите колеги на цедило, така да кажам и можевте да ја искористите оваа информација за да дадете всушност придонес во подобрување на состојбите. Тоа е целта на оваа информација. Сигурно и вие и јас и сите колеги од опозицијата и од власта сакаме подобро јавно здравство. Но очигледно е дека некои од нас барем овие во опозицијата се трудиме да дојдеме до тоа, а очигледно дека вие сакате да ги прескокнете тешките теми. Да не зборувам натаму за девастацијата на Медицинскиот факултет, за неуспешниот експеримент со Медицинскиот факултет во Штип итн. вие знаете дека немаме ресурси за расфрлање па затоа ќе ве прашам, ако немаме ресурси за расфрлање и една болница што погрешно се гради, повторно сега треба да се сруши и повторно треба да започне, тоа е проблем на сите охриѓани и на цела Македонија, не е само проблем на дел од населението. Зарем имаме доволно ресурси за расфрлање, а од тоа се оние најскапите, човечките ресурси. Затоа,

очекувам дека ќе одговорите и на овие прашања и дека информацијата нема да бие само поле за натпревар во смисла на препукување, туку за натпревар во смисла на наоѓање решение.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има господинот Харалампие Шокаровски, повелете.

**Харалампие Шокаровски:** Благодарам.

Господине Величковски, прилично популистички, но наметнавте неколку горливи теми кои што ги засегаат и здравствените работници и пациентите и сите граѓани, би рекол во Република Македонија. Велите, се навраќам наназад, доколку не направите ретроспективно гледање наназад, тогаш не можете да констатирате, односно да констатирате од каде сме започнале со решавање на проблемите. Мора да ги констатираме претходните состојби. Ние не затекнавме овде германско здравство, па сега сме ја довеле работата до степен да набавуваме нова опрема, затоа што правиме хирови, имало не знам какви апарати, па ние сакаме пософистицирани. Во макдонското здравство господине Величковски немаше елементарни услови за изведување на основната здравствена заштита за да им се помогне на пациентите. Таква беше состојбата. А потоа да го наметнеме стандардот на здравствените работници и на другите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Станка Анастасова, повелете.

**Станка Анастасова:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега, Вие малку помалку имавте доблест да застанете од страната најпрвин на стручната фела да си ја одбраните, а во интерес на граѓаните, на пациентите повеќе зборувавте како политичар. Јас ви замерам за тоа, бидејќи медицинарите, лекарите положиле Хипократова заклетва со која се обврзале дека најпрвин на прво место ќе им биде заштита на животот и здравјето на пациентите, на луѓето. Затоа сум малклу разочарана од вашата дискусија, па и репликите кои што ги упативте на контра репликите на моите колеги. Рековте, што сме направиле СДСМ додека бил на власт. Ја почнавме и ја завршивме во примарната здравствена заштита реформата. Понатаму, вие кога дојдовте на власт требаше да ја продолжите реформата во секундарната здравствена заштита. До ден денес не само што не мрдна и не се размислува за реформи во секундарната здравствена заштита, туку лекарите специјалисти имаат сега многу помала плата наспроти вашите ветувања за покачување. Тоа се случи со концептот на бруто плата. На пример, еден интернист од здравствен дом ако во 2005 година имаше 29 илјади денари плата, денеска со вашите покачувања што ги кажувате 10% и тоа два пати по 10% пак ја има истата плата. Како е можно тоа? Каде е хранарината, каде се патните трошоци. Значи уназадена е секундарната здравствена заштита. Рековте дека сега со оваа набавка на медицинска опрема ќе се придонесе за побрзо поставување на дијагноза за спречување на постоперативните инфекции. Зарем мислите дека тоа ќе го изведете кога во стартот правите катастрофални немедицински грешки кои што не смеат да се случат во едно здравство во кое што се вложуваат како што велите, толку многу пари. На пример, во последниот Фокус другата слика нема да ја покажам бидејќи навистина не е пријатна за гледање, но ова можам да го покажам во какво ѓубре се соблекуваат лекарите во старата зграда каде што им останале гардеробите, нивните канцеларии, односно нивните лекарски соби, за да од тука кога ќе се пресоблечат ќе одат во новата зграда и веднаш ја инфицираат новата зграда. За каква заштита и спречување на пост оперативни инфекции зборуваме? Дали можете сега ова да ми го објасните, кога во новата клиника уште сега се заразува нешто на што се бунат лекарите, но немаат избор. Анестезиолошката амбуланта е сеуште во старата зграда, таму има еден куп ѓубре, креветчињата на децата се пренесувале без да се изврши дезинфекција, а брисевите пред вселување биле земани од празни простории.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Харалампие Шокаровски има контра реплика, повелете.

**Харалампие Шокаровски:** Госпоѓо Анастасова, на вашата хипокризија и нема крај, така што и тоа душебрижништво мислам ќе беше во ред, доколку вака воинствено, би рекол дискутиравте и додека бевте на валст. Гинекологија можевте и вие да ја изградите во ваше време. Меѓутоа таму еден клинец не заковавте во мандатот на Владата на СДСМ. Ако се грижевте за стандардот и за условите во кои работат таму вработените можевте тоа да го направите. А сега, се надевам дека етапно оди преселувањето во зградата, така што ќе им се решат и тие проблеми. Инаку, наместо вака неаргументирано да настапувате со вашите познати сценарија апокалиптични и хаотични, добро ќе беше да признаете дека не како што кажавте не знам кои реформи во примарното здравство. Не е вистина. СДСМ можеби започна, но не заврши ниедна реформа, ниту во примарна, ниту во секундрно здравство итн. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Михаило Џолонга, повелете.

**Михаило Џолонга:** Благодарам господине претседателе.

Здравството претставува навистина една актуелна тема важна општествена тема. Меѓутоа, здравството е високо коњуктурна политичка тема и во исто време претставува и преосетливо политичко прашање. Затоа, често се наоѓа на тема на дневен ред во ова Собрание, па и поповод оваа инфорамција. Здравјето е најбитен момент во животот на сите граѓани на Република Македонија и секој член на нивните семејства. Не е залудно што граѓаните на Република Македонија најчесто велат, само здравје и се ќе

биде. Не е чудно што во празниците кои поминаа прво, си посакавме меѓусебе најмногу здравје, а не знам некој дали прво му посакал на својот пријател, другар, колега, најблизок, повеќе пари во наредната година на прво место. Иако здравството врзано за пари. Значи, здравје без материјални средства нема. Затоа оваа држава во оваа година, оваа Влада оддели скоро половина милијарда евра средства да се грижи за здравјето на своите граѓани во превенцијата и лекувањето. Целта на оваа информација е само да се атакува врз најосетливите чувства и емоции на граѓаните на Република Македонија каде што се најосетливи, да се створи афект на анимузитет кон постоечката влада и на тој начин да се гледаат пациентите и граѓаните на Република Македонија единствено низ призмата на гласачи, т.е. на гласачка машинерија. Тоа е целта на оваа инфорамција, а не некоја грижа за подобар здравствен систем и подобро здравје.

Почитувани колеги пратеници долго време сум во здравствениот систем и можам со најголема одговорност да ви потврдам дека граѓаните на Република Македонија уживаат во еден систем на здравствено осигурување и здравствена заштита кој е стабилен и сигурен и еден од најстабилните и најсигурните системи во општеството моментално. Тоа се должи пред се и најповеќе од се на системот на здравствено осигурувње кој е систем европски уште од времето на Бизмарк, систем на солидарно задолжително здравствено осигурување каде сите плаќаат според можностите, според примањата, а сите ги чувствуваат и ги уживаат еднаквите права во здравствената дејност, однсоно во лекувањето. Значи, нема привилегирани. Потоа, врз грижата на Министерството за здравство, Владата, Фондот за здравствено осигурување кои одделуваат толку високи средства како никогаш до сега, а особено за разлика од претходните пет, шест години. Благодарејќи на сето ова, сите овие реформи кои настанаа во претходиот период во Македонија нема човек, нема граѓанин кој не е здравствен осигуран. Такво нешто нема ми се чини во ниедна земја во регионот, или ако ги има се многу ретки и пошироко. Во Мкедонија здравственото осигурување не е висока ставка во буџетот на Република Македонија. Таа е една од најниските ставки. Со 1200 денари може да се осигураат 2, 4, во семејството. И тоа навистина претставува голема придобивка и не треба да се напаѓа, туку треба да се негува.

Дали постојат аргументи за тврдењето што го дава опозицијата дека во последнтие 6 години се создаде еден колапс на здравството во времето на владеењето на владите на господинот Никола Груевски, или се работи само за еден политички памфлет, односно политички мотивирана информација. Да одиме по ред. Значи, во здравството на Република Македонија во здравствениот систем направени се повеќе реформи, преземени се повеќе мерки во овој период, со цел подобрување на тој систем и подобрувње на здравствената заштита на граѓаните. Да се потсетиме, во 2005 година здравствените работници во повеќе болници и здравствени домови во Мкедонија немаа земено плата 2, 3 месеци.

Уште еден голем апсурд, тие што лекуваат немаат сини картони, не беа здравствено осигурани, не беа уплаќани придонеси за нив во Фондот за здравствено и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, така што јас лично и уште двајца други колеги тука во Собранието ги почувствувавме тие апсурди. Значи тој што лекува нема син картон да го лекува своето дете да го лекува, ако имало потреба. Меѓутоа, со доаѓањето на Владата на господинот Никола Груевски се најдоа средства, се вратија тие три плати на еднаш, се враќаа заостанатите придонеси во Фондот за здравствено и пензиско осигурување и сите ние во здравството тогаш добивме сини картони и тој апсурд веќе беше анулиран. Платата беше покачена околу 25% и редовно се земаше. Како тогаш господинот премиер Никола Груевски најде средства, а претходно немаше.

Една друга работа односно една друга многу битна реформа, бруто плата. Бруто платата во здравството имаше импакт, дежурствата кои со години не влегуваа во пензиската основа, сега влегоа. Потоа хранарината. Така што сите мои колеги се благодарни што на крајот се оствари нивната желба, парите кои се земени на име на дежурство влегуваат во пензиска основа и сега лекарите одат во пензија со високи пензии, а порано одеа со мизерни 16, 17 илјади пензија, зборувам за специјалист. Сега тоа е голема придобивка.

Со намалувањето на ДДВ од 18 на 5% за лекови и медицински материјал исто така е голема придобивка. Останаа повеќе пари за лекови и со тоа за подобра здравствена заштита на пациентите. Има уште многу други реформи. Еве на пример кај референтните цени, намалување на цените, сега паралелен увоз на лековите и олеснување на регистрацијата на лековите, што изврши притисок за уште поголемо намалување на референтните и единствените цени и намалување на цената на инсулинот. Кога го спомнав инсулинот, се сеќавам во 2003-2004 година кога еден министер летна од функција, се извинувам на почитуваниот професор, кога се обиде да воведе конкуренција кај инсулинот. На тој начин тој ја изгуби функцијата.

Понатаму, инвестициите во опрема се големи, во реконструкции и изградба на разни дијагностички центри. Исто така и една друга придобивка која малку се спомнува во научниот и стручниот свет, тоа е преведувањето на сите стучни и научни книги. На тој начин нашите лекари се здобиваат со најдобри и најсовремени сознанија во областа на здравството, терапијата и превенцијата и тоа ново знаење го применуваат на пациентите.

Зголемена е капитацијата кај матичните лекари, гинеколозите. Имаме и многу други реформи кои

треба да се спомнат, но во овој краток период од 10 минути секако дека не може се да се наброи.

Останува уште проблемот на кадрите, да кажам дека минатата година се примија 200 лекари, и оваа година 200 лекари треба да завршат специјализација. Меѓутоа, вината не е на една страна, вината е и на другата страна затоа што специјализацијата има време на траење од 5-6 години. Во 2005 и 2006 година да се распишаа 200 специјализации сега ќе го немавме овој проблем. Но, за среќа, нашата Влада, нашето Министерство и премиерот се трудат максимално да го решат овој проблем. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Благодарам.

Почитуван колега, зборувавте за апсурдите, а знаете кој е најголем апсурд и не само што е апсурд туку и кривично дело. Тоа е, да наплаќате услуга за паркинг, да издавате фискална сметка на која пишува ... лекување. Тоа е кривично дело. Знаете кога се случи тоа? Кога вие бевте директор на Клиничката болница во Битола.

Почитуван колега, Клиничката болница во Битола за која најмалку зборувавте, сакам да ве потсетам дека во изминатиот период кога ВМРО-ДПМНЕ е на власт, беше единствената болница во која здравствените работници се кренаа на штрајк и вие тогаш ги подржавте. Клиничката болница Битола е единствената болница во Битола во која заради старосната граница на специјалистите може да се доведе во прашање нејзиното функционирање. Да ве потсетам, на Битола не и требаат парцијални решенија, на Битола и требаат трајни решенија. Шест години ВМРО-ДПМНЕ е на власт. Во тие шест години, ако сериозно ја гледате Клиничката болница од Битола и состојбата во која се наоѓа, во делот на здравствениот кадар, до сега ќе завршеа две генерации на доктори специјализација кои сега ќе беа при крај со специјализацијата, бидејќи сега влегувате во седмата година на владеење.

Почитуван колега, во Битола во овој момент имаме 150 волонтери кои работат барабар со постојаниот медицински персонал. Знаете дека пред две недели излезе со изјава волонтер од Клиничката болница, кој кажа дека на рака му биле исплаќани пари. Знаете ли дека тоа е кривично дело? Зошто не го решите проблемот на волонтерите во Битола, а шест години сте на власт.

Почитуван колега, вие сте директор за кој има ревизорски извештај во кој стои дека заклучно со 31.12.2010 година сте имале долг од околу 150 милиони денари, 2,4 милиони евра.

Почитуван коелга, кога заминавте на функција пратеник колкав долг оставивте во Клиничката болница? Клиничката болница во изминатиот период беше центар на случувањата во Република Македонија. За неа слушавме дека се породиле деца со помош на ... апарат. За неа слушавме дека 24 часа функционирала без вода, за неа слушнавме дека заради немање на доволно парно се доведе до ситуација да се запали цело одделение. За неа слушнавме дека се поплавиле токму амбулантите за кои министерот за здравство не увери дека во рок од седум дена ги реновираше. Таква е состојбата, такво е здравството денес во Битола, за жал.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Михајло Џолонга, повелете.

**Михајло Џолонга:** Многу прашања, една минута.

Што се однесува за паркингот, таа иста компанија која се грижи за паркингот во Скопје и која во овие последни 6-7 години го има, повеќе можеби, беа и кај мене. Меѓутоа, верувајте, јас не сакав болницата да издаде свое земјиште а да нема никаков ќар од тоа. Можеби затоа што не реков колку ќе има за мене, затоа.

Што се однесува за волонтерите, тие не се од сега, тие се со години наназад, колку може се вработуваат сестри и лекари, 23 има на специјализација од 126 и повеќе, сестри исто така се вработени одреден број. Меѓутоа јас тука не можам ништо да кажам.

Што се однесува до ревизорскиот извештај, јас ве уверувам дека совеста ми е чиста. Во таа година имаме двојно раководство и затоа е посебен и специфичен извештај.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Колега Џолонга требаше да го следите примерот на далеку поискусниот пратеник од ВМРО-ДПМНЕ Александар Спасеновски кој се откажа од говор, а тука е, еве го, бидејќи со своето искуство процени дека аргументите не ви држат вода. Не постои систем што ќе ви обезбеди да аргументирате дека после шест години така наречени вмровски здравствени реформи, некој има ќар од нив. Зијам имаме сите, најпрво преку трошење на Буџетот, а проектите ни оддалеку не се реализирани.

Кога веќе се одлучивте да влезете во дебата, ќе ве прашам од каде тоа заклучивте дека целта на нашата информација за колабсот на здравството во Република Македонија, вие сте откриле дека нашата цел е да видиме како граѓаните да ги гледаме исклучиво низ призмата на можни гласачи. Со кој кредибилитет и со која леснотија тврдите кога сте член на партијата што преку медим бараше гласови за ВМРО-ДПМНЕ, на последните парламентарни избори, уценувајќи го гласачот, граѓанинот со бесплатно инвитро оплодување. Тогаш јавноста во Република Македонија конечно беше згрозена до каде може ВМРО-ДПМНЕ да оди со уценувањето на можните гласачи.

Конечно, кажавте еден куп небулози господине бив директор на Клиничката болница. Говоревте дека во информацијата не сме навеле релевантни податоци односно здравството не било во колабс. Вие сте директорот што не ги регистрираше

возилата на ургентната помош од Битола, која нон стоп превезуваше пациенти во Скопје. Да, колегата Спасеновски мафта, очигледно свесен дека навистина ќе беше подобро Михајло Џолонга да не биде дел од оваа дебата, освен тоа што сте здравствен работник, зад вас дополнително има едно тешко црно петно како бивш директор на Клиничката болница во Битола што ја остави во катастрофална ситуација и од финансиски и од материјален аспект.

Јас ви препорачувам, ако вие гледате добри реформи во здравството, најмалку што можете да направите е да си ја вратите лиценцата како здравствен работник, бидејќи не знам од каде гледате дека има задоволни лекари и задоволни пациенти во нашата земја.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Процедурално има господинот Александар Спасеновски, повелете.

**Александар Спасеновски:** Благодарам.

Јас се јавувам во согласност со член 88 според кој координаторот и замениците координатори имаат право на процедурална интервенција. Имено, госпоѓата Бендевска се јави за реплика. Согласно член 89 од Деловникот, репликата претставува неправилно пренесен навод или навод што предизвикал недоразбирање.

Сега јас знам дека демократијата е таква, секој што сака може да говори, меѓутоа некогаш Бендевска многу повеќе ќе и помогне на партијата ако молчи и во таа смисла би сакал да ја замолам да не употребува имиња на личности кои не се во можност да одговорат. Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ денес говорат, ја бранат темата, истото го направив и јас и би сакал да ја замолам да се воздржи од ваков некоректен однос, уште повеќе што никој од нас со ништо ја нема предизвикано, па да речеме дека станува збор за некаков политички одговор, некакво лошо поведение од наша страна.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Менде Диневски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Миле Андонов, повелете.

**Миле Андонов:** Благодарам.

Би сакал да му реплициран на колегата Михајло Џолонга.

Колега Џолонга не знам зошто колегите од Битола ве напаѓаат толку многу за вашето работење во Медицинскиот центар во Битола, кога после три години ваше менаџирање таму во тој центар, за награда вие станавте пратеник. Не знам сега кому да верувам, дали на моите колеги во кои навистина имам доверба, она што го говорат посебно за Битола, или пак на вашите првенци од вашата партија, како ги наградуваат своите некадарни кадри. Јас не сакам да навлегувам во тоа дали вие како доктор или како менаџер на медицинскиот центар во Битола, сте кадарен, меѓутоа, еве овде имаме графикони за Клиничката болница др. Трифун Пановски од Битола каде што вие сте биле менаџер и како се движеле долговите односно оние финансиски резултати за кои вие сакавте најмногу да говорите во вашиот говор, дека дури во 2010 година дошле до износ од 140 милиони денари, тоа се скоро два милиони евра долг.

Вие рековте дека здравјето е битна работа за секој граѓанин во Република Македонија. Да, и ние како пратеници се согласуваме, сакаме нашите граѓани во Република Македонија, пред се да ги служи здравјето. Меѓутоа, кога ќе ги напушти здравјето, вие рековте дека за тоа требало многу пари. И со тоа се согласуваме. Меѓутоа, колку се тоа многу пари. Дајте еднаш излезете и кажете пред македонската јавност, на граѓаните на пациентите, на оние кои веќе ги напуштило здравјето, колку пари ќе им требаат за тие да го зачуваат или да го вратат своето здравје. Вие овде спомнавте една фрапантна бројка дека Владата на Република Македонија за оваа година одделила половина милијарда евра. Тоа се 500 милиони евра за здравството. Се слушате ли што зборувате. Не знам на кого да веруваме. Дали вие како добар кадар, надежен кадар, кој се форсира од менаџер на болница во пратеник, најавувате брза и скорешен ребаланс на Буџетот каде што самите министри најавија дека за 2012 година ќе се потрошат 370 милиони евра, а вие велите 500 милиони евра. Значи 130 милиони вие кажувате повеќе пари ќе се одделат, тоа се над 30%. Каде ни е крајот со тоа? Што ќе добијат граѓаните на Република Македонија со толку многу потрошени средства, за своето здравје. Кажете ни го тоа.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Михајло Џолонга, повелете.

**Михајло Џолонга:** Благодарам.

Јас скоро реков 500 милиони. Значи вкупниот буџет на здравство, Министерството за здравство и Фондот за здравство и кредитот одобрен за инвестиционо здравство.

Кому да верувате? Секогаш ќе верувате на делата, ќе верувате само на оној кој нешто оставил зад себе, ќе верувате на вашите членови, на вработените, на граѓаните на Битола. Отидете прашајте ги па ќе ви кажат зошто Михајло Џолонга беше кандидат за пратеник, а не некој друг. Бидете сигурни дека зборовите летаат, а делата остануваат.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има госпоѓа Билјана Казанџиска, повелете.

**Билјана Казанџиска:** Благодарам.

Почитуван колега, дали се слушнавте што рековте, зборувите летаат, делата остануваат. Точно колега. Доколку вашиот министер за здравство навистина беше заинтересиран да ја разрепи ситуацијата во здравството и доколку навистина имаше аргументи заедно со вас овде да дебатира со нас, сега ќе беше присутен, а не само да доаѓа и да одговара на нарачани

пратенички прашања каде што ќе се само промовира и ќе ја фали Владата без аргументи. Но, факт е дека на оваа Влада најважно од се им е сликањето пред камерите, исто како и на министерот за здравство, ширењето на еден виртуелен свет и лаги пред граѓаните, ширењето на популизам, но и здравјето на граѓаните и здравјето на пациентите.

Дали знаете колку изнесуваат долговите на поголемите болници во Република Македонија. Еве на пример болницата во Битола има долг од 1,3 милиони евра. Штипската болница има доле од 1 милион евра, Тетовската болница има 700 илјади евра. Сега министерот, наместо да ги повика одговорните и надлежните и да ја разреши оваа ситуација во јавните здравствени установи, некои од овие менаџери имаат и кривични пријави за злоупотреба на буџетски средства, тој се занимава со популизам, шета по болници, се слика со цела свита телевизиски камери со него и лови лебарки. Тоа е единствено нешто што министерот го прави во последниот период.

Велите дека вие се грижите за пациентите. Знаете ли како се грижите? Пациентите од дома си носат храна, душеци, ќебиња, печки, бидејќи во болниците нема парно, од дома си носат лекови. Знаете ли како се грижите за персоналот во болниците? Прашајте ги вашите колеги во кои услови тие професионалци работат во јавните здравствени установи. Прашајте ги по колку џембери имаат облечено, бидејќи ако пациентот од дома се топли во соба, дали лекарот кој шета по ходници му е топло и во кои услови работи.

Знаете ли вие почитуван колега, дека од болницата во Штип се случува дежурен лекар два пати во ноќта да замине во Скопје со пациент, а болницата, бидејќи нема со кого да работи останува и без лекар, за 25 илјади денари плата и 200 денари пат. Знаете ли колку многу ја фрливте на ветрометина оваа струка што се грижи за пациентите? Еве колку се грижите.

Сега да ве потсетам, еве ги условите, ве потсетив и преска ако не сте виделе еве ги условите (покажува фотографии) еве ги реформите. За вакви ли реформи народот ви го даде гласот. Ова е сликано пред само три дена, а не пред неколку години како што кажа колегата.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господин Џолонга Михаило има контра реплика, повелете.

**Михаило Џолонга:** Почитувана колешке, не знам за која болница зборувате и за кој болнички систем, не знам од каде се овие фотографии. Инаку јас сум од штипската болница, таму не сум бил и не знам какви се условите. Се надевам дека се подобри од некогаш. Ве канам заедно со мене да прошетаме низ битолската болница па да видиме. Треба да зборуваме со аргуенти и факти, да одиме напред без навреди, измислувања и некои работи што прв пат ги слушам, ниту сум ги видел ни слушнал порано. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Госпоѓа Анастасова Станка има реплика, повелете.

**Станка Анастасова:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега,

Уште на почетокот на вашата дискусија рековте дека нашата информација за колапсот во јавното здравство како резултат на политиките на владите на Никола Груевски, во изминатите 6 години била политички мотивирана информација. Навистина и од вас сум изненадена како лекар, како претходен директор, знаејќи ги состојбите во здравството, знаете во каква состојба сте ја оставиле битолската болница, постојано сме бонбардирани во претходниот мандат и сега со лошите состојби во битолската болница, вие сакате сега преку ноќ да не убедите дека нешто од тоа не било вистинал. Не мора нас да не убедите. Знаете ли колку други доктори членови на ВМРО-ДПМНЕ се жалат од состојбата во јавното здравство. И тие страдаат како граѓаните, како пациентите и сите нивни други колеги. Чудно е што вие и колегата Миле Пачемски бевте двајцата најупорни медицински лица, лекари овде што не признавте дека воопшто не е во ред со јавното здравство и воопшто во здравството во Република Македонија. Можам да кажам дека другите двајца колеги барем малку беа поумерени, секоја чест, но вие двајцата на мое изненадување дали се плашите да кажете, не знам што е причината, но требаше барем малку да бидете чесни или барем да не се јавувате за дискусија, да го фалите она од кое што страдаат и плчат граѓаните на Република Македонија.

Рековте дека 2006 немало за плати, кога СДСМ бил на власт два, три месеци. и одеднаш во 2006 година кога дошол Груевски како со некоја надприродна станал алхемичар и нашол пари за да ги исплати веднаш тие 3 заостанати плати и придонеси.

Па да ве прашам колега, дали знаете колку е тешко да дојдете на власт, да бидете премиер и Влада после владеење на ВМРО-ДПМНЕ. Многу е полесно кога се дојде на власт после СДСМ. Значи, полни каси, полна државна каса и си бркнал премиерот Груевски си нашол пари, не е тој алхемичар, туку Владата на СДСМ му оставила пари, имал каде да бркне.

Јас се плашам, а наскоро да биде кога ние ќе дојдеме на васт каде и да бркнеме нема ништо да се најде, можеби долги години ќе страда оваа држава и идните генерации со она што го правите со кредитните задолжувања. За специјализациите велите дека веднаш ги преземал Никола Груевски, Владата и премиерот сите неопхдни мерки и веднаш ќе го решат овој проблем. Зошто не го спомнавте министерот Никола Тодовор. Тоа ја потврдува мојата теза дека прв доктор на државата е Никола Груевски. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господин Џолонга Михаило има контра реплика, повелете.

**Михаило Џолонга:** Почитувана колешке, здравствениот систем не спомнав дека е идеален. Тој си има свои позитивни страни и страни што треба да се реформираат, негативностите да се

префрлат во позитивности. Тоа се делови во здравствениот систем што се комплементарни. Треба против негативното да се бориме. Не може се да биде идеално. Идеално не постои.

А зошто го спомнав премиерот Груевски, а не министерот, вашата информација зборува за премиерот Груевски. Наводно владите на Груевски го направиле колапсот во здравството.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господинот Величковски Ивон има реплика повелете.

**Ивон Величковски:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега Џолонга, како менаџер во ЈЗУ во која што и вашата партија инвестирала доверба, не само предлагајќи ве на овој начин, туку и предлагајќи ве на таа позиција, би сакал сега да го чуете ставот на министерот, овој, тековен министер господинот Тодоров по однос на здравствениот менаџмент. Тоа го дава за едно стручно списание во октомври 2011 година.

На прашањето има ли во Македонија здравствен менанџмент што може да се справи со сите предизвици и проблеми, министерот одговора во три реченици многу интересно – Да ви кажам искрено, тука треба да бидеме малку самокритични. Мислам дека здравствениот менанџмент во Македонија не е доволно развиен. Менаџерите немаат доволно знаете за функционирање во овој сегмент би рекол на науката.

Покрај тоа то самиот ја дава дефиницијата на здравствениот менанџмент, не е комплетна, министерот ви праќа една прака дека воопшто не е задоволен од капацитетите на здравствениот менанџмент во Република Македонија што управува, да се потсетиме, со бројни јавни здравствени установи во секундарното и терцијално здравство.

Натаму, зборувате за Фондот за здравствено осигурување, средствата за здравство и задилжувањето во стрнство во однос на вкупниот буџет од пола милијарда евра. Сега веќе се приближивте до сумата на проектот Скопје 2014. Поблиску сте од претходниот дискутант. Но факт е и во нешто друго, дека искористеноста на програмите во Министерството за здравство и нивната правилна намена е далеку под очекувањата и таа е предмет на критика на ревизијата од 2009 година наваму.

Натаму, бегате од суштината. Вашите проблеми со кои што вие сте се соочувале во времето на ваше директорување, без оглед на слабостите на кои ви укажаа колегите од опозицијата се резултат на еден основен проблем, немањето здрав фонд за здравствено осигурување што ги оштетува и јавните здравствени установи и ги скратува можностите за развој на приватните здравствени установи. Иствремено делењето на јавниот здравствен денар меѓу јавните и приватни здравствени установи во услови на реформиран фонд зборува и води до тоа да јавните здравствени установи на 1 јануари 2009 година стартуваат со нула евра долг, на 31 декември да имаат зголемување од 261% на долговите, на 31 декември 2010 година зголемување на дополнителни 45,93% или само во однос пред две години, пред три години пред денешен ден долговите на јавните здравствени установи се зголемени за 308%. Извинете, ама каква каква господска речивост да употребите, 308% се 308%, Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господин Џолонга Михаило има контра реплика, повелете.

**Михаило Џолонга:** Почитуван колега, јас не можам да ги читам мислите на министерот кога тоа го изјавил. Нема повеќе да коментирам. Прашајте го него. Не можам да зборувам во негово име.

Што се однесува до долговите, после порамнувањето, ја знам причината. Причината е во тоа што роковите на плаќање на купените добра беа по 180, 260 и повеќе дена и кога дојдоа тие фактури за плаќање, тој долг се покачи. Дали сум јасен господине Величковски.

Ако купената стока стои дека рок на плаќање е 360 или 700 дена и кога ќе дојде некој друг директор на позиција тие долгови одат во небо. Тоа сакам да ви кажам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Госопинот Ангелов Голупчо има реплика, повелете.

**Голупчо Ангелов:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега, инспирација за мојата реплика беше вашиот говор и самата констатација дека здравје без пари нема. Претпоставувам дека мислевте на Законот за стечајци што ви го предложивме како парламентарна група, вклучително и опозиција, за што не сакавте да гласате. Или претпоставувам, мислевте на измените за што гласавте, Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со што ја скративте временската заштита на луѓето кои биле прогласени за технолошки вишок од 5 години на 18 месеци. Точно така е, тие луѓе ќе немаат пари за здравство. Во тоа се согласувам со вас.

Нормално, по патот на вашите колеги и вие пристапивте кон објаснување на набавена опрема и реформи направени во здравството. И вие можете да се согласите во едно дека произлегувате од лекарската фела, констатацијата дека опремата не е целосно исплатена и вклучително добавување на истата е несериозност за една влада.

Од друга страна, опремата што е пристигната, некој од колегите претходно спомна, поради отсуство на едукација на кадри, што требаше првично да биде направено, не може да биде искористена во целост.

Кога сме кај самите замислени и реализирани проекти, сметам дека мислевте на системот на перманентен видео надзор што државата ја чинеше ни повеќе ни помалку туку 1,3 милиони

евра. Иако беа потрошени средствата, после укажувањето на Комисијата за заштита на лични податоци дека се загрозуваат правата на пациентите нормално целиот беше доведен во крах. Залудно беа потрошени 1,3 милиони евра средства на граѓаните на Република Македонија.

Кога сме кај медицинската опрема, не е добро што министерот не е тука да го објасни проектот осмислен за советници за заштита на правата на пациентите. Замислен проект за запослување на 50 правници и психолози што ќе ги советуваат за нивите права. Вие знаете се отвори канцеларија на Клинијата за онкологија и истиот проект е осуден на пропаст. Од друга страна чини 10 илјади евра.

Во недостиг на времето, ќе продолжам во делот на мојот говор со тоа што сакам да го кажам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господин Џолонга Михаило има контра реплика, повелете.

**Михаило Џолонга:** Почитуван колега, господине претседател,

Што се однесува до опремата,во петокот можевте да видите, се имплементира, гради, внесува. Се лекуваат и диверзифицираат пациенти. Во некои места можеби не е завршен процесот на имплементацаија, но тоа не е голем грев. Штом се почне, штом е набавена, штом се едуцира кадар, тоа ќе биде.

За другите прашања што ги поставивте не можам да ви одговорам бидејќи нема врска со темата што е денес на дневен ред. Се надевам дека сите заедно ќе констатираме дека здравствениот систем не е идеален, не е многу подобар од што беше и ќе биде подобар, имајќи ги во предвид сите инвестици што се вложуваат во него.

**Трајко Вељаноски:** Последен денеска за збор е госпоѓа Поповска Лилјана.

**Лилјана Поповска:** Благодарам претседателе.

Почиувани колеги, говориме за стстојбата во здравството. Тоа не е моја специфична тема, но јас ќе говорам за она што го знам, за еден сегмент од здравството, што како Комисија за еднакви можности меѓу мажите и жените го работиме.

Општо можам да кажам дека Македонија има многу проблеми во здравството. Веќе 20 години се мачиме да изградиме цврст и одржлив систем во здравството. Пред 20 години Македонија имаше солиден систем со одредени недостатоци но како држава не бевме доволно мудри да го задржиме тоа ниво на квалитет, го унапредиме и надградиме.

Пред 20-тина години Македонија ги имаше постигнато стандардите што се бараа од СЗО, а тоа е посебно силна превенција. Но, во периодот на транзиција системот се разнебити и практично почнавме од нула. Сега не е лесно за било кој министер за здравство да пробува да го изгради тој систем. Тоа нема да може да се направи ви ничиј мандат на еден министер. Ќе бидат потребни децении, можеби и повеќе да се надоканади тоа што беше поништено како претходно постигнување.

За последниве 6 години, тоа што го гледаме има видлива волја и напори да се поправат состојбите во неколку сегменти: подобрување на состојбата со опрема, реконструкција на објекти, намалување на цени на лекови, обезбедување медицинска заштита за сите, екукација на менаџерски кадар итн. има уште многу што да се направи.

Кажав дека ќе говорам само за областите што како Комисија за еднакви можности меѓу мажите и жените ги покриваме, а тоа е нашиот приоритет здравје на жените во поглед на третманот на ракот на дојката и ракот на матката. Ова се две најстрашни болести во Македонија. Над 650 жени годишно заболуваат од рак на дојка а над 250 жени од карцином на грлото на матката. Факт е дека, ако се успее на време да се откријат тие болести во огромен процент тие жени ќе бидат спасени и ќе продолжат да живеат нормален живот.

Што е она што е направено за овие 6 години на овој план? Најпрво, ракот на дојката, направена е измена на Законот за здравствена заштита со што е внесена програма за рано откривање на ракот на дојката. Беше внесен преку амандман, мој личен амандман што го подржа и министерот за здравство. Помина во севкупното гласање во тој собраниски состав.

Понатаму, се внесе посебна ставка за третман за ракот на дојката, како амандман на Комисија за еднакви можности меѓу мажите и жените. Тоа беше подржано, прифатено од Владата. Од тогаш ракот на дојката се третира различно во посебна ставка, со посебни средства, за разлика од другите репродуктивни болести. Тоа е напредок затоа што точно може да се следи која година што е направено и како се трошат средствата.

Беа набавени повеќе мамографи за повеќе градови во земјата. Не тврдам дека е доволно и дека е се што треба. Треба да се дообучат луѓе, да се доизгради системот за следење, повикување луѓе итн, но само да спомнам дека пред овие 6 години имаше еден мамограф функционален и еден расипан што како споменик стоеше, како донација од Вилма Трјковска, ако не се лажам. Значи, 8 момографи е плус многу битно зголемување на понудата за пациентите и можност за спас на жените.

Понатаму, 2009 година беше донесена програма за малигни заболувања која одамна се чекаше и таа програма опфаќа малигнитети кај жените и во поглед на дојка, матка и за дебелото црево и кај мажи и кај жени, посебно кај мажите бидејќи тој рак е почест таму.

Понатаму во врска со ова болест таа беше дел од третманот на кампањата во 2007 и 2008 година под „Надмудри го ракот биди здрава жена“ кога се здружија повеќе институции, тргна како иницијатива од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите беше подржана од Министерството за здравство, од Фондот за

здравствено осигурување и во неа се вклучија и Клубот на жени парламентарки, македонското женско лоби, Фондот за здравствено осигурување, Заводот за мајки и деца и тука како битна улога одиграа Животна искра како организација посветена веќе со години, со децении на борба со ракот на дојката. Исто така потоа се вклучи и Здружението на жени од Свети Николе во делот на третманот на цервикалниот канцер. И се разбира, се вклучија многу лекари од различни области кои ги третираат овие болести и навистина се постигна многу во тој период. Во истата таа кампања беа опфатени над 35 илјади жени со ПАП тестови, одржани беа над 130 едукативни работилници, од кои 50 во рурални средини, имаше и една скромна, меѓутоа видлива јавна кампања итн. Со тие две кампањи во 2007 и 2008 година праткитчно се видоа проблемите и пропустите во системот во поглед на третманот на цервикалниот канцер и на ракот на дојката, затоа што се виде дека жените не си го знаеле до тогаш своите права, лекарите своите обврски а Министерството за здравство немаше соодветна координација на овој план. По овие кампањи се помести, просто имаше еден скок во поглед на целите на кампањата и за тоа видливо поместување и тој видлив скок Македонија доби и специјална награда од Европската асоцијација за борба со цервикалниот канцер ЕК , каде што беа наградени повеќе македонски институции. Тука беше пред се Министерството за здравство, Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, организација на жени од Свети Николе, Македонското женско лоби и невладината организација Студиорум како членка на ЕК и апликант во ЕК за оваа цел. Овие кампањи беа потребни за да ни ја доловат на сите реалната состојба на теренот и тие беа вовед за да се воведе пилот проектот во 4 општини за скрининг на ракот на грлото на матката. Тоа беше направено во неколку општини, тоа беа општините Прилеп, Гостивар, Штип и Свети Николе за жени од 30 до 55 години. Тоа значи повикување на жените од страна на Центарот за јавно здравје по пошта за да ги извршат своите прегледи. Поканети беа околу 20 илјади жени, 6 илјади се одзваа, што значи имаше 30% одзив. Ова ни кажува дека ние веќе сме направиле одредени чекори, меѓутоа, треба да се прави уште, затоа што мора да се подигне јавната свест за потребите на редовен скрининг и исто така за потребите за ХПВ вакцините кои треба да се дадат уште кај млади девојки од 12 години натаму.

Сакам нешто во последнава минута накратко да кажам околу ХПВ вакцините, иако на почетокот почна како незадолжителна вакцинација, беа вакцинирани 4,5 илјади девојки, 10 илјади запишани на листа на чекање, имаше огромен интерес и тоа беше основа да се набават и вакцини од моментот кога таа вакцина стана задолжителна во 2009 година. За жал, се соочивме како земја со една чудна негативна кампања за оваа ХПВ вакцина и голем број девокји беа на некој начин советувани од свои лекари да не одат на тие вакцини. Мислам дека тука се злоупотреби политиката на некој начин и имаше случаи каде што и од политички причини се поттикнуваше една ваква негативна кампања. Токму затоа Комисијата за еднакви можности на жените и мажите редовно го следи овој проблем неодамна имавме јавна расправа со релеватни претставници и повикувам уште еден апел сите заедно да се обединиме во напорите на подобро информирање на граѓаните и поефикасно спроведување и на ХПВ вакцините и спроведување на севкупни превентивни програми за третман на овие болести кај жените.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Господинот Величковски Ивон има реплика, повелете.

**Ивон Величковски**: Благодарам.

Навистина е интересна вашата дискусија колешке Поповска, бидејќи ја следев дискусијата на некои претходни дискутанти кои велеа дека ова е еден од најсигурните и најстабилните системи во Република Македонија, здравственото осигурување. Веројатно вие и јас не живееме во исти услови или барем во иста средина. ќе започнам со вашиот последен пример, ако мислите дека една акција може да се спречи со политички мерки веројатно тогаш вие имате проблем на вашата матрица, на вашето мнозинство овде, па со политички мерки сакате да саботирате нешто или со такви мерки сте се служеле, или едноставно вашата теза е неодржлива. Мислам или барем сакам да верувам дека е ова е второто, од едноставан причина што до колку тоа било случај кај мал број на популацијата ќе разберев дека немало интерескај женската популација да се вакцинира, но госпоѓа Поповска не да немаше интерес, апсолутна беше одбојноста кај таа популација која можев да ја следам низ медиумите, што значи дека сте потфрлиле најмалку во два домени, или во презентирањето што ми е многу чудно, бидејќи оваа Влада навистина има бројни кампањи, за волја на вистината верувате дека даваат резултати или воопшто не сте имале намера да ја спроведета таа акција и вас ви било целта само д ги набавите бројните вакцини кои пропаднаа и завршија на депонијата Дризла и кои во следните два месеца ќе завршат таму бидејќи им изминува рокот, а сега вршите притисок на секој можен начин да ги потрошите. Госпоѓо Поповска очигледно денешната расправа покажува дека тенка е линијата меѓу Хипократ и Хипокрит. Бидејќи ние двајцата не сме медицински лица треба да престанеме и да го обескуражиме и другите да бидат на линијата на Хипкрит, барем вие направете го тоа.

Ќе ве потсетам на вашата кампања во 2006 година кога вие зборувавте како луѓе што сте ги среќавале во аптеката сакале еден лек, па ве прашале дали тоа била една кутија, а не, вие велите, едно ретче. Госпоѓа Поповска тогаш објаснете ми како е можно во услови на богат

Фонд за здравствено осигурување во услови на Комисија која овозможува одење и лекување надвор од земјата, по секоја цена, како е можно секој ден во секој весник на секој медиум да се зголемува бројот на луѓе кои бараат помош, апелираат да ги спасат нивните деца одејќи на операции надвор од земјата, бидејќи Фондот за здравствено осигурување не е во можност да ги покрие нивните потреби, а здравствените капаците и јавните здравствени установи во Република Македонија не можат да одговорат на нивните тешки заболувања. Тоа е потребниот одговор а не да се занимаваме кој каков амандман поднел во 2008 или 2009 година.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Госпоѓа Лилјана Поповска има контра реплика, повелете.

**Лилјана Поповска**: Благодарам.

Ќе се радувам кога ќе дојдете во ситуација вие да зборувате за амандманите кои сте ги поднеле и кои битно го смениле оној или овој систем и тоа не е срамота да се каже, тоа наша работа како политичари да ги менуваме состојбите на подобро.

Инаку не треба да ве чуди мојот говор. Јас говорам реално онака како што ги гледам работите со одредена критика, со одбрани зборови, се разбира без плукање. Меѓутоа она што е добро го нагласувам и го бранам. Кажав дека се задржувам во областа на овие болести кај жените бидејќи таа материја ја познавам. Вие очигледно не ја познавате па малку се залетавте, ако ми дозволите така да се изјаснам, велите дека катастрофални се резултатите за ХПВ вакцините. Не колега, опфатот во 2009 и 2010 година бил 35%, а следната 2010 и 2011 година бил 65%. Тоа значи дека е многу добар, во некои градови како пример во Радовиш е 100%, Валадново 91%, Велес 84%. Проверете ги информациите.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Госпоѓа Анастасова Станка има реплика, повелете.

**Станка Анастасова**: Благодарам.

Почитувана колешке, претседателке на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на јавната расправа за која зборувавте еве ги флаерите кои беа поделени и горе пишува Владата на Република Македонија и Министерството за здравство, ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Македонија. Тоа се државни институции. Во флаерот пишува вака: Направените студии докажуваат ефикасност за 5,5 години, но студиите за имуногеност продолжуваат и понатаму. Што кажува тоа? Дека и до колку има некаков имунитет со оваа вакцина која што е контраверзна уште од самиот почеток тој имунитет би траел 5,5 години. Ако се знае дека како редовна вакцина се воведе во Република Македонија во 2009 година кај девојчињата на 12 години годишна возраст, ако додаме уште 5,5 години тоа значи уште пред да станат полнолетни имунитет ќе исчезне. Значи зошто го премолчувате овој факт? Токму кога ќе почнат со сексуална активност тие веќе ќе немаат имунитет. Што ќе кажете на ова. Ако колега Ивон не беше стручен за ова јас сега сум постручна од вас.

Понатаму, еве што пишува во медиумите. Имунизацијата проследена со контраверзи, вакцинацијата на ХПВ зачинета со страв, кој го исполитизира случајот. Не го исполитизираа докторите и опозицијата, туку беше воведена со политизација. Најжесток поборник против вакцината на ХПВ во САД е Ерин Брокович, жената која ја разоткри аферата со радиоактивната контаминираност на почвата за што беше снимен и филм. Таа денес води масовна кампања меѓу америнанките за одвраќање од вакцината. Брокович тврди дека вакцината сеуште не е до крај проверена, а во јавноста се форсира како назаменлива и се врши притисок врз жените да ја примаат пред се од комерцијални мотиви. Домашните гинеколози, вклучени во вацинирањето се запознаени со дебатата за можна штетност на ХПВ вакцините, но не се едногласни со неа. Кога во стручната јавност имате поделени мислења зошто се избрза најпрвин да се направат студии, да се почека таа вакцина малку да се видат негативните и позитивните ефекти, па потоа требаше да воведе во Република Македонија. Вие сакате да избоксувате на каубојски начин или џиуџицу вештина како што вели нашиот министер за здравство. Така не можете да ги убедите мајките кои што се плашат за здравјето на своите девојчиња да ја примаат оваа вацкина која што не се знае дали навистина заштитува или штети.

**Трајко Вељаноски**: Благодарам.

Госпоѓа Лилјана Поповска има контра реплика, повелете.

**Лилјана Поповска**: Благодарам.

Почитувана колешке, само неколку работи да ве потсетам дека ХПВ вакцината е на програмата на Светската здравствена организација. Дали некоја жена поединец смета дека не е во ред и прави кампања, тоа не го знам. Можно е да прави еве како што вие правите контра кампања сега. Меѓутоа работата е дека Светската здравствена организација стои зад тоа. Речиси сите земји во Европска унија исто така ја имаат воведено. Англија ја има веќе неколку децении воведено без штетни последици и освен тоа имунитет не се стекнува трајно, таа е превентивна, а за да има дејство таа треба да се повтори неколку пати во текот на животот, два до три пати, како и за многу други вакцини и да не шириме полуинформации и да не сееме страв. Ве молам заедно да им помогнеме на младите жени да се спасат од овој опасен вирус.